МЗМП

Kingdom of the Netherlands

СПИСАНИЕ

# Правен фокус

(FOCUS LURIS)

ЧЕТВРТО ИЗДАНИЕ

ОКТОМВРИ 2023

© МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА МЛАДИ ПРАВНИЦИ



**Наслов на публикацијата**
Списание „Правен фокус“
- четврто издание -

**ISSN 2671 - 3667**

**Издавач**
Македонско здружение на млади правници
www.myla.org.mk
Октомври 2023 г.

**Уредувачки одбор**
Проф. д-р Јасна Бачовска-Недиќ
Проф. д-р Горан Илиќ
Проф. д-р Јелена Ристиќ

**Лектор**
Весна Костовска

**Ликовно и графичко обликување**
Харис Муриќ

## Напомена

Ставовите наведени во објавените стручни статии се единствена одговорност на авторите и на ниеден начин не може да се смета дека ги одразуваат официјалните ставови на Уредувачкиот одбор, Амбасадата на Кралството Холандија во Република Северна Македонија и Македонското здружение на млади правници.

# Iuventus cupida legume

(млади желни за право)

Им искажуваме огромна благодарност на сите што учествуваа и беа дел од списанието „Правен фокус“, како и на Амбасадата на Кралството Холандија во Република Северна Македонија, кои дадоа огромна поддршка во процесот на изработка на списанието.

# С О Д Р Ж И Н А


Вовед 1

ЗА УРЕДУВАЧКИОТ ОДБОР 2

Проф. д-р Јасна Бачовска-Недиќ 3

Проф. д-р Горан Илиќ 4

Проф. д-р Јелена Ристиќ 6

Ангела Јанкоска – ВЕШТАЧКАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА – СОВРЕМЕН ПРЕДИЗВИК НА АВТОРСКОТО ПРАВО 7

Анастасија Муратовска и Михаела Мострова – СОЦИЈАЛНА ДИНАМИКА НАСПРОТИ ПРАВО: ВЛИЈАНИЕТО НА ТЕХНОЛОГИЈАТА ВРЗ ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПОЈАВИ 20

Доротеа Трајковска – СПЕЦИФИКАЦИЈА НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА НА ПРОСТОРОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА: СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ 31

Зорана Трајковска – ПРАВАТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ПРИ ОНЛАЈН ПРОДАЖБАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 42

Иван Дургутов – ДИГИТАЛНА ДЕМОКРАТИЈА И НЕЈЗИНИТЕ ПОЗИТИВНИ ПРАКТИКИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 55

Игор Стојчевски – ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА НАСПРОТИ ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО 64

Маја Петанческа – ПРИМЕНАТА НА ПРАВНАТА РЕГУЛАТИВА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ФОКУС НА ПОВРЕДА НА ПРАВАТА ВО ОНЛАЈН ПРОСТОРОТ 76

Маријана Китаноска – РЕГУЛИРАЊЕ НА ОНЛАЈН МЕДИУМИТЕ: ПОТРЕБАТА ЗА СОВРЕМЕНА ЗАКОНОДАВНА РАМКА ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА 90

Радмила Јовановска – ПОИМ И ПОЈАВНИ ОБЛИЦИ НА РОДОВО ЗАСНОВАНО НАСИЛСТВО ВО САЈБЕР ПРОСТОРОТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 102

Сара Марковска – ЗАШТИТА ОД ГОВОР НА ОМРАЗА НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 111

# ВОВЕД

Списанието „Правен фокус“ е публикација што започна да се издава во 2020 година. Целта на списанието е создавање професионален форум за објавување стручни статии што ќе послужат како медиум, каде што правничкото мислење и визијата на младите правници се презентирани на кохерентен начин, а истовремено поттикнуваат идеи за понатамошно подобрување на правниот систем. Во таа насока, Македонското здружение на млади правници посветено работи на промовирање и поттикнување критичко размислување од страна на млади правници за клучните прашања што влијаат врз заштитата на човековите права и врз принципот на владеење на правото.

Во четвртото издание од списанието се застапени 10 стручни статии од млади правници, кои пишуваа на теми за дигиталните технологии и правната регулација. Стручните статии во списанието „Правен фокус“ претставуваат самостојна работа на авторите, а целта е придонес за темите што се обработуваат.

Списанието е продукт на заедничката соработка помеѓу авторите, Уредувачкиот одбор и МЗМП, а во него се истакнуваат капацитетите на младите правници, нивната креативност и можноста позитивно да влијаат врз промените во општеството.

Публикацијата е изготвена во рамките на проектот „Студентите по право и младите правници – клучни агенти на промени за унапредување на човековите права и владеење на правото“, имплементиран од страна на МЗМП, а финансиски поддржан од Амбасадата на Кралството Холандија во Република Северна Македонија.

# ЗА УРЕДУВАЧКИОТ ОДБОР

Стручните статии се уредени и рецензирани од страна на Уредувачки одбор составен од тројца професионалци, кои имаат богато искуство во областа и во работата со млади правници. За потребите на списанието, од страна на Уредувачкиот одбор беше подготвено упатство за изработка на стручни статии за списанието „Правен фокус“. Целта на упатството е воспоставување единствени стандарди за трудовите што ќе се објавуваат во списанието „Правен фокус“ од аспект на нивна методолошка усогласеност и единствен академски стил во претставувањето на проблематиката со која се занимаваат авторите во трудовите. Одборот ги разгледува статиите од аспект на методолошка конзистентност, академска прецизност и форматирање на текстот.

Членови на Уредувачкиот одбор на списанието се: проф. д-р Јасна Бачовска-Недиќ, проф. д-р Горан Илиќ и проф. д-р Јелена Ристиќ.

Во продолжение следуваат изјави од страна на Уредувачкиот одбор и нивна кратка биографија.

# ПРОФ. Д-Р ЈАСНА БАЧОВСКА-НЕДИЌ

„Списанието 'Правен фокус' веќе е видливо меѓу младите правници во Република Северна Македонија. Како професор на Правниот факултет „Јустинијан Први" при УКИМ и член на уредувачкиот одбор, се соочив со прашања и интерес во врска со списанието. Овој факт е особено битен, бидејќи ги мотивира студентите и постдипломците по право на истражувања и на поширок пристап уште во текот на студиите.

Тематската ориентираност на списанието ја подигнува општествената одговорност на правниците со цел да се истражуваат правните аспекти на актуелните општествени збиднувања и проблеми и ја подигнува свесноста за потреба од прагматичност на правната наука во услови кога недостига доволно финансиска поддршка на проекти во областа на правните истражувања на јавните универзитети и истражувачките центри во Република Северна Македонија."

## КРАТКА БИОГРАФИЈА:

Проф. д-р Јасна Бачовска-Недиќ е редовна професорка на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во научната област Воведни и теоретски правни науки. Од 2009 до 2018 година била раководител на Институтот за новинарство, медиуми и комуникации при Правниот факултет. Од 2000 до 2005 година била асистент истражувач во Центарот за стратегиски истражувања при МАНУ.

Фокусот на нејзиниот интерес е социологијата на правото, социологијата на комуникациите, методологијата на правните и политичките истражувања. Поспецифично се занимава со политичката пропаганда, прецизното новинарство, односи со јавност, медиумско право и медиумска писменост. На Правниот факултет предава повеќе предмети на трите циклуси студии, меѓу кои: социологија на право, социологија на комуникации, методологија на правни и политички истражувања, социо-психолошки аспекти на односи со јавност, техники на односи со јавност, истражувачко новинарство, агенциско новинарство и др.

Авторка е на научни трудови, стручни статии и учебници од областа на правото. Преку учество во разни проекти во невладиниот сектор во Република Северна Македонија, проф. д-р Јасна Бачовска-Недиќ е активна во јавните дискусии важни за демократизација на македонското општество и имплементација на европските вредности.

# ПРОФ. Д-Р ГОРАН ИЛИЌ

„Списанието 'Правен фокус' претставува значаен извор на информации и содржини за младите правници и за сите заинтересирани лица во правната област. Целта на ова списание е да ги истражи и да ги анализира различните аспекти на правото, да ги објасни комплексните правни концепти на јасен и разбирлив начин и да ги претстави најновите развојни тенденции и настани во правната сфера.

Покрај тоа, 'Правен фокус' претставува платформа за дискусија и размена на идеи меѓу младите правници, отворајќи простор за нивно мислење и ставови за современи правни прашања. Ова помага во развојот на аналитичките способности, критичкото размислување и способностите за извлекување заклучоци базирани врз правни аргументи.

Во услови на континуирана трансформација на правото и правната професија, списанието 'Правен фокус' претставува исклучително важен агенс за професионален раст и развој на младите правници, обезбедувајќи содржини корисни за справување со предизвиците во светот на правото."

## КРАТКА БИОГРАФИЈА:

Проф. д-р Горан Илиќ е редовен професор на Правниот факултет – Кичево и проректор за наука на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола. Научниот интерес на проф. д-р Горан Илиќ опфаќа: уставно право и политички систем на ЕУ, заедничка надворешна и безбедносна политика на ЕУ, политички идеологии и меѓународни односи. Тој е автор на книгите: „Европа на крстопат: Лисабонскиот договор како темел на надворешнополитичката моќ на ЕУ", „ЕУтопија: надворешнополитичката моќ на ЕУ во идеологизацијата на постамериканскиот свет" и „ЕУ во меѓународните односи: вредностите пред моќта". Во своето досегашно научно работење, проф. д-р Горан Илиќ објавил голем број научни трудови, кои биле објавени во референтни меѓународни научни публикации, а учествувал и на голем број научни конференции и симпозиуми во земјата и во странство. Меѓу другото, проф. д-р Горан Илиќ е акредитиран ментор на трет циклус студии на студиските програми по Меѓународно право и меѓународна политика и Казнено право и кривична правда на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола.

Проф. д-р Горан Илиќ е предавач на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" – Скопје. Тој е основач на Институтот за истражување и европски студии – Битола и е главен и одговорен уредник на меѓународното научно списание „Journal of Liberty and International Affairs" (www.e-jlia.com).

Од октомври 2019 година, проф. д-р Горан Илиќ е вклучен како експерт во проектот ANETREC, кој е фокусиран на развојот на академската соработка и постконфликтното помирување во регионот на Западен Балкан. Од септември 2020 година, проф. д-р Горан Илиќ започнува со постдокторски студии по Нови технологии и право во организација на Медитеранеа, Меѓународниот центар за истражување на човекови права при Универзитетот „Реџо Калабрија" во Италија, кои успешно ги завршил во 2021 година. Од август 2021 година, проф. д-р Горан Илиќ е избран за координатор за областа Меѓународно јавно право на споменатите постдокторски студии. Исто така, во 2021 година, проф. д-р Горан Илиќ е избран за заменик-директор на меѓународниот уредувачки одбор на меѓународната едиција за право:

„The New Challenges of Law in the XXI Century“, како издание на повеќе високообразовни установи од Европа и од Латинска Америка. Меѓу другото, проф. д-р Горан Илиќ е ангажиран како експерт на Институтот за глобална аналитика во Софија (Р. Бугарија), а истовремено членува и во повеќе национални и меѓународни научни организации, учествува во работата на повеќе меѓународни научни списанија и научни конференции, а поседува и богато искуство со работа на повеќе меѓународни проекти и проекти поддржани од страна на Европската Унија.

# ПРОФ. Д-Р ЈЕЛЕНА РИСТИЌ

„Околностите за соработка со млади колеги правници се секогаш извор на позитивна енергија и креативна инспирација, но истовремено претставуваат и голем предизвик и сериозна одговорност. Имено, тие околности претставуваат и уникатна можност да се придонесе за продлабочување на нивното знаење, вештини и интегритет, со цврста верба дека идните генерации судии, адвокати, обвинители и останати заштитници на слободите и правата на граѓаните ќе постапуваат според морални начела и принципиелни правни стојалишта."

## КРАТКА БИОГРАФИЈА:

Проф. д-р Јелена Ристиќ е адвокат од Скопје, заменик-претседател на Адвокатската комора на Република Северна Македонија и вонреден професор на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во наставно-научната област Човекови права и слободи. Експерт е на Советот на Европа за повеќе области во врска со човековите права, сертифициран обучувач на Советот на Европа во рамките на Европската програма за образование за човекови права за правни професионалци (HELP) и член на Консултативниот одбор на Европската програма за образование за човекови права за правни професионалци (HELP) при Советот на Европа.

Нејзиното професионално искуство вклучува деветнаесетгодишно работно искуство во правната област, вклучително и во рамките на повеќе меѓународни организации и институции, меѓу кои се: Европскиот суд за човекови права, Американската адвокатска комора Иницијатива за владеење на правото (ABA ROLI), Американската адвокатска комора Централноевропска и евроазиска правна иницијатива (ABA CEELI) и Агенцијата на САД за меѓународен развој (USAID). Определен период работи и како извршен директор на Адвокатската комора на Република Северна Македонија.

Автор е на повеќе научни и стручни трудови претежно од областа на меѓународното и европското право за човекови права, меѓу кои и неколку книги. Вклучена е како експерт во разни меѓународни и национални проекти во врска со реформите во правосудниот сектор и владеењето на правото.

# ВЕШТАЧКАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА – СОВРЕМЕН ПРЕДИЗВИК НА АВТОРСКОТО ПРАВО



Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје
Ангела Јанкоска

# Резиме

Појавата на вештачката интелигенција, несомнено, го менува светот што го познаваме, го револуционизира начинот на кој работиме, ја редефинира уметноста што ја создаваме. Сè пошироката употреба на ChatGPT, DALL-E 2, Midjourney, Stable Diffusion од страна на широката популација за свои лични потреби ја става под знак прашалник оригиналноста на генерираните дела, а прашањето за тоа кој ги има авторските права над делата генерирани со помош на вештачка интелигенција станува сè порелевантно и во креативната индустрија и во правото. Неспорно е дека, во иднина, ќе се среќаваме со сè пооригинални дела што се создадени со придонес на вештачката интелигенција, па оттука и прашањето дали овие дела ќе се третираат како авторски и дали ќе уживаат правна заштита како такви ќе добива важност во правната теорија и во практиката и ќе доведе до неизбежни промени на „традиционалните“ законски норми.

Овој труд го анализира концептот на авторство на делата генерирани со помош на вештачка интелигенција низ призмата на македонскиот Закон за авторското право и сродните права, притоа компаративно коментирајќи го и од поширок меѓународен контекст овој „глобален предизвик“. Воедно, предмет на анализа ќе бидат и авторските права на делата што се користат од страна на алгоритмите за вештачка интелигенција и нивната неовластена употреба за создавање нови, навидум оригинални дела.

По анализата на позитивното право, овој труд ќе има обид да понуди потенцијални решенија и да ги предвиди следните чекори што би претставувале зародиш, прв чекор во регулирањето на оваа материја, која сè уште претставува ново и неистражено поле за законодавците.

**Клучни зборови:** вештачка интелигенција, автор, авторско право, авторско дело, Република Северна Македонија.

# Вовед

Вештачката интелигенција го менува начинот на кој работиме, создаваме, твориме, консумираме. Неодамнешните иновации во вештачката интелигенција веќе револуционизираа многу индустрии, вклучувајќи го и креативниот сектор, а од ден на ден сè повеќе таа претставува достојна, ако не и подобра замена за човековиот интелектуален труд. Алгоритмите се способни самите да создаваат оригинални уметнички, музички и литературни дела, а додека вештачката интелигенција несомнено ја редефинира креативноста, таа претставува сериозна закана за авторското право и поставува предизвици на кои законодавците ќе мора наскоро да одговорат.

Имено, користењето алгоритам за создавање авторско дело, пред сè, го наметнува предизвикот за утврдување на авторството, односно го наметнува прашањето кој е автор на делото ако во процесот на творење била вклучена и вештачката интелигенција. Дали тоа е лицето што ги дало упатствата на алгоритамот и го „нарачало“ создавањето на делото? Дали тоа можеби е програмерот што го создал алгоритамот? Или, пак, автор може да биде самиот алгоритам?

Дополнително, проблемот со вештачката интелигенција не е само во утврдувањето на авторот. Позитивното право допрва ќе треба да најде начин и да се справи со „ризикот“ вештачката интелигенција преку создавањето нови, навидум оригинални авторски дела, да врши повреди на постојни авторски права. Имено, алгоритмите за вештачка интелигенција се способни да генерираат дела што личат на постојни дела затоа што се „обучени“ да генерираат со нивно изложување големи количества постојни дела. Следствено, дали овие дела може да се сметаат за изведени дела и дали ги нарушуваат авторските права на оригиналниот автор?

Дотолку повеќе, неминовно се наметнува и дилемата дали правото ќе може да одговори на брзиот напредок на вештачката интелигенција. Во ситуација кога правото ја следи информатичката технологија, но секогаш е неколку чекори зад неа, дали тоа ќе успее да ја „регулира“ вештачката интелигенција во традиционална смисла и да ја „ограничи“ во редовите на законските прописи?

Преку примена на метод на анализа на позитивното право, овој труд ќе има обид да даде одговор на горенаведените прашања разгледувајќи ги низ призмата на македонскиот Закон за авторското право и сродните права, со осврт и на меѓународните тенденции за регулирање на оваа област. Натамошниот текст ги дефинира поимите автор, авторско дело, вештачка интелигенција и притоа се обидува да ги предвиди неминовните законски измени што широката употреба на вештачката интелигенција ќе ги предизвика во полето на интелектуалната сопственост.

# 1. АВТОРСКО ПРАВО НА ДЕЛАТА СОЗДАДЕНИ СО ПОМОШ НА ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА

## 1.1 Поим на вештачка интелигенција

Вештачката интелигенција претставува симулација на процеси на човекова интелигенција од страна на машините, особено компјутерските системи. Компјутерските програми за вештачка интелигенција работат со внесување големи количества податоци што служат за „обука“, анализирање на тие податоци и внесување обрасци со чија помош понатаму се генерираат нови содржини и се прават предвидувања за идните состојби (Burns 2023). Компјутерските програми, во суштина, во себе содржат вграден алгоритам што е способен да учи од внесените податоци и да донесува идни одлуки што може да бидат насочени или независни. Важна карактеристика за овој тип вештачка интелигенција е тоа што додека програмерите може да поставуваат само параметри, работата всушност се генерира од самата компјутерска програма во процес сличен на мисловните процеси на луѓето (Guadamoz 2017).

## 1.2 Поим на авторско дело

Со цел да може да се зборува за авторско право на делата создадени со помош на вештачка интелигенција, најпрво е потребно да се дефинира поимот „автор“. Самиот поим „автор“ доаѓа од латинскиот збор ***auctor***, кој во класичниот латински јазик значи создавач, творец, основач (Пепељугоски 2014). Согласно македонскиот Закон за авторското право и сродните права („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/05) (Законот), авторот претставува „физичко лице кое создало авторско дело“, односно се бара авторот директно да учествувал со својот труд и интелект во создавањето на делото. Кога повеќе лица со заеднички труд и свој интелектуален придонес учествуваат во создавање авторско дело, тие се означуваат како коавтори (Пепељугоска, Јанкоска 2022, стр. 10).

Авторот се смета за духовен творец, кој при создавањето на авторското дело внесува индивидуалност и оригиналност, а самото авторство се поврзува со психичкиот процес на создавање. Со стекнувањето статус на авторско дело, се стекнува и статус на автор. Двата статуса настануваат паралелно и истовремено. Без авторско дело нема автор, и обратно, нема автор без авторско дело (Пепељугоски, Дабовиќ Атанасовска 2015, стр. 107).

Авторско дело, пак, согласно законската дефиниција, претставува индивидуална и интелектуална творба од областа на книжевноста, науката, уметноста и од други области на творештвото, независно од видот, начинот и формата на изразување. Оттука, несомнено, може да се изведе заклучок дека авторското дело е неразделно поврзано со личноста на авторот, па следствено и само физичко лице може да биде оригинерен стекнувач на авторските права. Правното лице никогаш не може да се појави во својство на автор, туку може да биде само деривативен носител на авторски права[1] (Пепељугоски 2005, стр. 32).

1 Правното лице може да стекне авторско право единствено преку наследување, врз основа на договор или *ex lege*.

# 1.3 Кој ги поседува авторските права на делата генерирани со вештачка интелигенција?

Во 1950 година, таткото на компјутерската наука, Алан Туринг, го поставува прашањето што е основа на сите понатамошни разговори за вештачката интелигенција – дали машините може да размислуваат? Во 2023 година, ова прашање станува порелевантно од кога било, особено во ситуации кога компјутерските програми се јавуваат како de facto автори на оригинални дела, иако тие немаат правен субјективитет. Прашањето дали може или не може да се овозможи заштита на авторските права на делата генерирани со вештачката интелигенција – како што се сликите создадени од DALL-E или текстовите создадени од ChatGPT – зависи, пред сè, од концептот на „авторство“ (Zirpoli 2023).

Во Република Северна Македонија само делата создадени од физичко лице може да бидат заштитени со авторски права. Согласно законската дефиниција за „автор“, делата генерирани со помош на вештачка интелигенција не претставуваат авторски дела и, следствено, тие не уживаат заштита со авторско право токму поради тоа што недостига човековиот придонес, односно тие не се производ на интелектуален труд на одредено физичко лице.

Ваквиот донекаде традиционален пристап досега не беше доведуван во прашање бидејќи на компјутерските програми се гледаше само како на алатка што го помага и го поддржува креативниот процес, слично како пенкало и хартија (Guadamoz 2017). Со цел едно креативно дело да се квалификува за заштита со авторско право, се бара тоа да биде оригинално, а повеќето дефиниции за оригиналност подразбираат човечки автор. Сепак, со современите видови вештачка интелигенција, да зборуваме за компјутерската програма само како за алатка е дрско потценување на нејзините моќи, особено затоа што во случајот на вештачката интелигенција, компјутерот ги носи најголемиот дел од одлуките во процесот на креирање без или со многу мала интервенција од страна на човекот.

Оттука, несомнено, новите видови вештачка интелигенција го предизвикуваат правото да најде брз одговор и соодветно да ги регулира пред тие да го сменат својот модус на работа со некој нов, попрогресивен пристап. Иако моментално не се најавени законски измени во оваа област, измените ќе бидат наметнати од брзиот развој на вештачката интелигенција и домашните законодавци наскоро ќе мора да одлучат дали и на кој начин ќе ги заштитат делата генерирани со придонес од вештачка интелигенција, притоа водејќи сметка и за економските и технолошките последици што може да стимулираат понатамошни иновации и инвестиции, но и за потребата од заштита на правата на корисниците.

Во теоријата преовладуваат две струи што најавуваат идни измени на концептот на авторство. Првата струја е целосна негација на авторските права на делата каде што човековиот придонес е минимален или непостоечки, пристап што го следи и домашното законодавство. Впрочем, повеќето европски држави поаѓаат од човечкиот фактор како пресуден за уживањето на заштита со авторско право. Токму Судот на правдата на Европската Унија (ЕУ) во случајот Инфопак (C-5/08 Infopaq International A/S v Danske Dagbaldes Forening) нагласува дека авторските права се однесуваат само на оригинални дела и таа оригиналност мора да ја одразува „сопствената интелектуална креација на авторот“. Тоа подразбира дека оригиналното дело мора да ја

одразува личноста на авторот, што јасно значи дека човечкиот автор е неопходен за да постои авторско дело (Guadamuz 2017).

И Соединетите Американски Држави (САД) се следбеници на теоријата дека регистрација на оригинално авторско дело е можна само под услов делото да биде создадено од човечко суштество. Согласно судската практика на САД, во случајот Феист Публикации против Рурална телефонска компанија за услуги (Feist Publications v Rural Telephone Service Company, Inc. 499 U.S. 340 (1991)) се потврдува дека законот ги штити само „плодовите на интелектуалниот труд" што „се засноваат врз креативните моќи на умот".

Од друга страна, пак, втората струја е поборник за признавање на авторско право и на делата создадени со помош на вештачка интелигенција на тој начин што авторството ќе се препише на човечкиот фактор, без оглед на неговото значење и улога во креативниот процес. Притоа на законодавецот му е оставено да процени дали авторството треба да му припадне на програмерот, односно на креаторот на алгоритамот што генерира вештачка интелигенција и на тој начин да ги стимулира иновациите и информатичката технологија или, пак, авторството да му припадне на корисникот што ги дава наредбата и упатствата за создавање одредено дело. И оваа теорија веќе е прифатена во законодавствата на одредени земји, како што се Обединетото Кралство, Хонгконг, Индија, Ирска и Нов Зеланд. Компаративно гледано, Законот за авторски права, дизајни и патенти на Обединетото Кралство во дел 9 (3) стипулира дека „во случај на книжевно, драмско, музичко или уметничко дело што е компјутерски генерирано, за автор се смета лицето од кое се преземени аранжманите неопходни за создавање на делото".[2] Идејата зад ваквата одредба е да се создаде исклучок од сите барања за човечко авторство со препознавање на работата што оди во насока на создавање програма способна да генерира дела, дури и ако креативната искра е преземена од машината (Guadamuz 2017).

Сепак, иако македонскиот Закон е дециден во поглед на авторските права на делата генерирани исклучиво преку компјутерска програма, во практиката се наметнува прашањето што ако корисникот, односно создавачот може да докаже дека при создавањето на делото имало значаен човечки придонес?[3] Имено, во практиката, домашните судови кај нас би уживале широка маргина на дискреција за да проценат дали тие треба да обезбедат заштита на овие дела.

Во оваа насока, особено битно е да се напомене дека во Македонија не се врши посебна, претходна регистрација на авторски права како предуслов за нивно стекнување, туку се поаѓа од претпоставката дека тие му припаѓаат на авторот од моментот на создавање на делото. Во иднина, од процената на македонските судови да одлучат ќе зависи дали ќе обезбедат заштита на делата што се производ на „коавторство" помеѓу човекот и вештачката интелигенција, притоа водејќи сметка за степенот на придонес од страна на човекот во креативниот процес.[4] Сепак, каков ќе биде конечниот став на домашните судови и колку тие ќе бидат креативни и прогресивни при толкувањето на законот останува допрва да се утврди, кога за првпат авторството на едно вакво дело ќе биде оспорено пред македонските судови. Тоа што е сигурно е дека станува збор само за прашање на време.

2 Законот исто така во дел 178 го дефинира и поимот „компјутерско генерирано дело" како дело што „се создава од компјутер во околности такви што нема човечки автор на делото".

3 Имено, доколку придонесот на човекот не е ништо повеќе од идеја во финалниот производ, нема да постои основ за признавање авторство. Па така, доколку упатствата дадени на генераторот се ограничени на едноставни насоки како „мачка од Ван Гог", тоа не би било доволно за да се признаат авторски права. Но, ако се искористи вештачката интелигенција давајќи детални насоки, дополнителни инструкции и потоа изведените слики и текстови се доработени и дотерани, тие би можеле потенцијално да бидат предмет на заштита на авторско право (Guadamuz 2017).

4 Во САД, и покрај идентичното законско решение во поглед на авторството, веќе е поведена постапка и Канцеларијата за авторски права на САД има одобрено ваков вид регистрација на авторско право за стрип генериран со помош на Midjourney AI од текст во слика. Одлучувачкиот фактор за регистрацијата е степенот на човечки придонес во правењето на стрипот, каде што сликите се генерирани со помош на вештачка интелигенција, додека, пак, текстот и приказната се креативна творба на авторката. При регистрацијата, авторката бил должна да обезбеди детали за целиот процес на изработка за да докаже дека има значителна човечка инволвираност во процесот на создавање на графичкиот роман (Zirpoli 2023).

# 2. ДАЛИ ВЕШТАЧКАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА ГИ ПОВРЕДУВА АВТОРСКИТЕ ПРАВА НА ДРУГИ ДЕЛА?

Системите за вештачка интелигенција се „обучени“ да создаваат литературни, визуелни и други уметнички дела со изложување на програмата на големи количества податоци. Потоа алгоритамот ги обработува и ги анализира сите овие податоци и на тој начин се „обучува“ за создавање нови дела. Овој процес на обука може да вклучи правење дигитални копии на постојни авторски дела што носи ризик од прекршување на авторските права, па се поставува прашањето дали компјутерските програми смее да бидат „обучувани“ со сите овие податоци и информации, особено ако се земе предвид дека голем дел од нив се авторски дела. Создавањето такви копии, без изречна или имплицитна дозвола од различните сопственици на авторски права, може да го наруши ексклузивното право на носителите на авторските права да прават репродукции на нивната работа (Zirpoli 2023).

Законот за авторското право и сродните права предвидува слободно користење авторски дела во таксативно наведени, исклучителни случаи, како што се: за стекнување информации од општо значење, за цели на настава, за приватно или друго сопствено репродуцирање, цитирање и сл. Дополнително, слободно е и репродуцирање авторско дело доколку тоа е направено без комерцијална цел за остварување научни цели во обем оправдан со целта на користењето или за слободно користење од непрофитни установи. Дотолку повеќе, слободно е и преработување авторско дело доколку станува збор за приватна или друга сопствена преработка што не е наменета и не  е достапна на јавноста, преработка во пародија или карикатура, доколку тоа не доведува до забуна во однос на изворот на делото, и преработка при дозволено користење.

Следствено, ваквите одредби донекаде го дозволуваат користењето авторски дела како дел од базите на податоци со кои се „обучува“ вештачката интелигенција. Ова дотолку повеќе ако се земе предвид дека користењето авторски дела „за учење“ потпаѓа под слободна употреба, а во конкретниот случај, делата се користат токму за тоа – тие претставуваат извори за учење компјутерска програма, која понатаму ги користи како своевидна инспирација за создавање нови дела. Впрочем, и вештачката интелигенција учи од делата на другите автори на ист начин како што тоа го прават луѓето (Petaković, Tutić 2023).[5]

Но, дали тоа може да се каже и за новосоздаденото дело што е изведено од сите претходни извори заштитени со авторско право? За да создаде ново дело, вештачката интелигенција користи репродукции на дела од други автори, без притоа да има експлицитна дозвола или соодветно да го назначи авторот. Оттука, генерирањето дела со помош на вештачка интелигенција секогаш вклучува одреден степен на ризик од повреда на туѓи авторски права.

Сепак, тоа не треба да создава отпор кон употребата на вештачка интелигенција, ниту, пак, таа треба да биде толку ригидно толкувана низ призмата на традиционалните законски решенија. Податоците што се користат од страна на вештачката интелигенција се толку многу на број што кршењето на авторските права го прават речиси невозможно, затоа што новото дело нема да содржи доволен број елементи од постојно дело за да би создало забуна дека станува збор за истото дело или за истиот автор (Petaković, Tutić 2023). Сепак, би требало да се има предвид дека

5 Во оваа насока е и судската практика од САД, односно случајот The Authors Guild, Inc. v. Google, Inc., во кој Апелациониот суд на САД оцени дека копирањето цели книги од Гугл за да се создаде база на податоци што може да се пребарува и која прикажува извадоци од тие книги претставува фер употреба.

доколку се дадени насоки со цел вештачката интелигенција да се фокусира само на одредени податоци или да создаде дело идентично со некое друго, постојно дело, можно е да дојде до прекршување на правата на одредена група уметници. Во оваа насока, вредно е да се напомене дека за да стане збор за прекршување на авторско право, носителот прво ќе треба да докаже дека генераторот на вештачка интелигенција навистина имал пристап до неговото дело како извор за обука, а второ, дека генерираното дело е „суштински слично" со неговото дело. Создавањето дела што се во стилот на одреден уметник или автор сепак не би се сметало за прекршување на авторското право (Zirpoli 2023).

Постоењето ризик од повреда на туѓо авторско право го наметнува прашањето за одговорноста во случај на евентуална повреда. Сегашните доктрини се на ставот дека и корисникот и друштвото што го обезбедуваат генераторот за вештачка интелигенција потенцијално би можело да бидат одговорни. Дури и ако корисникот е директно одговорен за повредата поради упатствата што ги дал, тоа не ја исклучува солидарната одговорност на друштвото сопственик на генераторот токму затоа што тоа има можност да ја надгледува активноста со која е сторено прекршувањето и има директен финансиски интерес од таквите активности (Zirpoli 2023).

# РЕГУЛАТИВА ЗА ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА НА ЕУ

Иако не се однесува директно на авторските права за делата генерирани со вештачка интелигенција, ЕУ веќе го направи првиот чекор напред кон регулирањето на оваа брзорастечка област со предлог Регулативата за вештачка интелигенција (Artificial Intelligence Act, P9_TA(2023)0236) (во понатамошниот текст: Регулативата), која во голем дел ги определува насоката и начинот на кои ќе се одвива регулирањето на вештачката интелигенција во иднина и која во моментот кога ќе биде усвоена, ќе има задолжителна примена во сите земји членки. Сегашната верзија, која сè уште е подложна на промени и коментари, предвидува дека оваа Регулатива ќе се применува на сите бизниси што ќе пласираат системи за вештачка интелигенција на пазарот на ЕУ, без оглед на тоа дали се основани во ЕУ или во трета земја. Имајќи предвид дека ова е прв сеопфатен обид за регулирање на вештачката интелигенција, како и со оглед на екстратериторијалната примена, оваа регулатива има потенцијал да стане глобален стандард за регулирање на вештачката интелигенција, слично со Општата регулатива за заштита на податоците (GDPR) (Dunn 2023).

Регулативата цели кон воспоставување рамнотежа помеѓу законодавството, безбедноста, правата на граѓаните, економските интереси и иновациите, фокусирајќи се првенствено на зајакнувањето на правилата околу квалитетот на податоците, транспарентноста, човековиот надзор и одговорноста. Од првенствено значење е тоа што Регулативата стипулира и нова, сеопфатна дефиниција за тоа што претставува вештачката интелигенција, која е дефинирана како „машински систем што е дизајниран да работи со различни нивоа на автономија и кој може, за експлицитни или имплицитни цели, да генерира резултати како што се предвидувања, препораки или одлуки што влијаат врз физичките или виртуелните средини".

Воедно, регулативата се фокусира на процена на ризикот од користење на вештачката интелигенција во конкретни ситуации, а не на целосна забрана на технологијата и досега во иста насока се предложените амандмани. Употребата на вештачката интелигенција се класифицира

по ниво на ризик, и тоа неприфатливо, високо, ограничено и минимално или без ризик и секое различно ниво наметнува барања за дополнителна документација и ревизија, со тоа што активностите со минимален ризик остануваат речиси нерегулирани.

Иако сѐ уште не е јасно кога оваа Регулатива ќе влезе во сила и која ќе биде конечната форма во која ќе биде усвоена, сепак нејзиното донесување ќе претставува преседан, кој не само што ќе го одреди правецот на регулирање на вештачката интелигенција во Европа, туку ќе има еднакво големо влијание во светски рамки. За првпат вештачката интелигенција ќе биде ставена „во своевидна рамка“ што во голем дел ќе одреди што се смета за дозволено во оваа област, а со тоа и индиректно ќе влијае врз исходот кога ќе треба да се утврдува дали е сторена повреда на нечие авторско право или, пак, користењето на тоа дело претставува фер употреба.

# ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Неспорно е тоа што со сè поширокaта употреба на вештачката интелигенција, како и со усовршувањето на делата генерирани преку неа, правната регулација на оваа проблематика ќе станува сè понеопходна и поитна. Имајќи предвид дека од ден на ден сè повеќе бледнеат разликите помеѓу делата создадени од човекот и делата создадени од компјутерот, правната наука и теоријата веќе се трудат да дадат одговор на прашањето како треба да се развива авторското право со цел да одговори на брзиот напредок на вештачката интелигенција.

Во иднина, неопходно е вештачката интелигенција да добие одредено правно признавање и на национално и на глобално ниво, но тоа не значи дека таа треба биде препознаена како „автор" *per se*. Дури и да не се пристапи кон законско редефинирање на авторството, тоа не претставува пречка за законот да се толкува во современи околности и судиите како правораздавачи да признаат авторски права до одреден степен и на делата што се создадени со придонес и од човечки фактор и од вештачка интелигенција, притоа водејќи сметка за степенот на интелектуален придонес и оригиналност од човекот.

Воедно, дури и во случаите кога е сторена повреда на авторско право со генерирање ново дело со помош на вештачка интелигенција, во практиката ќе мора да се одлучува со внимателност и да се „стават на вага" и правата и интересите на корисниците и на бизнисите што ги создаваат овие агрегатори и моралните и материјалните права на авторите на веќе постојните дела. Престрогото казнување лесно може да влијае дестимулирачки врз новите иновации и развојот на технологијата, како и да ги одврати бизнисите од инвестирање во оваа област поради големиот степен на одговорност и ризикот од санкции. Сепак, главниот мотив зад вештачката интелигенција како бизнис е лукративен и доколку е неисплатлив, ќе се изгубат и сите погодности за корисниците на тие алатки. Дополнително, доколку се наметнат строги санкции или голем ризик од одговорност и за корисниците, тие лесно ќе се одвратат од користење на алатките затоа што нема да сакаат да влезат во ризик за тоа дека нивното „творење" би повлекло евентуална граѓанска одговорност. Не смее да се заборави ни дека авторските права не смее да останат незаштитени и уметниците не смее да бидат одвратени од создавање ново уметничко творештво и од ползување на материјалните права од него.

Оттука, првиот неопходен чекор за да се заштитат правата на сите заинтересирани страни е создавањето соодветна правна рамка што ќе ги регулира авторските права на делата генерирани со помош на вештачка интелигенција. Постоењето јасни насоки околу тоа што претставува авторството во контекст на вештачката интелигенција ќе помогне да се заштитат правата на креаторите и да се промовира правична употреба на авторските дела. Второ, со цел справување со предизвикот што го носи вештачката интелигенција, паралелно со развивањето на генераторите на вештачка интелигенција, еднакво треба да се работи и на развивање алатки за следење и откривање на содржината генерирана на овој начин. На тој начин, носителите на авторски права ќе може навреме да ги заштитат нивните дела од неовластена употреба, а истовремено алатките ќе може да послужат и за следење и откривање прекршувања на авторски права на најразлични платформи. Трето, имајќи

предвид дека вештачката интелигенција е тука и нејзиното значење само ќе се зголемува, неспорно е дека треба да се работи на едукација и подигнување на свеста на населението за нејзиното значење и употреба. Зголемувањето на нивото на знаење и свеста, несомнено, ќе спречи ненамерни прекршувања на авторските права, а истовремено ќе го подигне и нивото на културата на населението во однос на почитувањето на правата на интелектуална сопственост. И најбитно, со цел да се одговори на брзите промени во информатичката технологија, правото треба постојано да се преиспитува, да се редефинира и да се адаптира. Која било одредба, доколку не се преиспитува постојано, за брзо време ќе стане застарена и неупотреблива во поглед на информатичката технологија. Оттука, неопходно е да се воспостават механизми и периодично да се разгледуваат и да се приспособуваат сите законски решенија и политики што се однесуваат на авторските права, а се директно засегнати од вештачката интелигенција. На овој начин ќе се обезбеди сигурност дека правните рамки се релевантни и ефективни при справувањето со новите предизвици во оваа област.

И покрај сите идеи и насоки во кои треба да се движи правото со цел навремено и ефикасно да „одговори“ на вештачката интелигенција, сепак потребно е да покажеме разбирање за целиот процес. Правото ја следи информатичката технологија, но секогаш е неколку чекори зад неа, па следствено, ќе биде потребен одреден период за вештачката интелигенција да се регулира во традиционална смисла и да биде „ограничена“ во редовите на законските прописи. Законодавците неспорно ќе треба да развијат нови креативни решенија што ќе ги балансираат интересите на креаторите, корисниците и лицата што ја развиваат вештачката интелигенција, но барањето „едно решение што ќе им одговара на сите“ ќе биде сложен и долготраен процес.



# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Атанасовска Д. Ј., Пепељугоски, В. (2015) Авторско право, Скопје;
2. Amendments adopted by the European Parliament on 14 June 2023 on the proposal for a regulation of the European Parliament and of the Council on laying down harmonised rules on artificial intelligence (Artificial Intelligence Act) and amending certain Union legislative acts (COM(2021)0206 – C9-0146/2021 – 2021/0106(COD)); Достапно на: https://www.europarl.europa.eu/doceo/document/TA-9-2023-0236_EN.html; Пристапено на: 30.06.2023;
3. Bracy J. (2023), European Parliament vote pushes AI Act significant step forward; Достапно на: https://iapp.org/news/a/european-parliament-vote-pushes-ai-act-significant-step-forward/; Пристапено на: 30.06.2023;
4. Burns E. (2023), Artificial Intelligence (AI), TechTarget; Достапно на: https://www.techtarget.com/searchenterpriseai/definition/AI-Artificial-Intelligence; Пристапено на: 30.06.2023;
5. Chiang S. (2023), Singapore is not looking to regulate A.I. just yet, says the city-state's authority; Достапно на: https://www.cnbc.com/2023/06/19/singapore-is-not-looking-to-regulate-ai-just-yet-says-the-city-state.html; Пристапено на: 30.06.2023;
6. EU Artificial Intelligence Act, 2023; Достапно на: https://www.europarl.europa.eu/doceo/document/TA-9-2023-0236_EN.html; Пристапено на: 30.06.2023;
7. Guadamuz A. (2017) Artificial Intelligence and Copyright, WIPO; Достапно на: https://www.wipo.int/wipo_magazine/en/2017/05/article_0003.html; Пристапено на: 30.06.2023;
8. Infopaq International A/S v Danske Dagbaldes Forening, European Court of Justice [Case C-5/08 (2009)];
9. Ku T. (2021), Da li veštačka inteligencija ima autorska prava?, Laguna; Достапно на: https://www.laguna.rs/laguna-bukmarker-da-li-vestacka-inteligencija-ima-autorska-prava-unos-17477.html; Пристапено на: 30.06.2023;
10. Ligon S. (2019), AI Can Create Art, but Can It Own Copyright in It, or Infringe?; Достапно на: https://www.lexisnexis.com/community/insights/legal/practical-guidance-journal/b/pa/posts/ai-can-create-art-but-can-it-own-copyright-in-it-or-infringe; Пристапено на: 30.06.2023;
11. Pepeljugoska A., Jankoska A. (2022) Copyright Protection of Photographs Published on Social Media Through The Court Practise in North Macedonia, Balkan Social Science Review Vol. 19; Достапно на: https://js.ugd.edu.mk/index.php/BSSR/article/view/5168; Пристапено на: 30.06.2023;
12. Пепељугоски В. (2005) Закон за авторското право и сродните права, Академик, Скопје;
13. Petaković M., Tutić B. (2023), Da li će veštačka inteligencija biti pogubna za autorska prava?; Достапно на: https://geciclaw.com/sr/vestacka-inteligencija-intlektualna-svojina/; Пристапено на: 30.06.2023;
14. Popović A. (2023), Veštačka inteligencija i autorska prava; Достапно на: https://law-firm.rs/sr/vestacka-inteligencija/; Пристапено на: 30.06.2023;
15. Savić V. (2023), Veštačka inteligencija i autorsko pravo; Достапно на: https://vujinovicpartners.rs/vestacka-inteligencija-i-autorsko-pravo/; Пристапено на: 30.06.2023;
16. Schroer A. (2023), Artificial Intelligence.What Is Artificial Intelligence (AI)? How Does AI Work?; Достапно на: https://builtin.com/artificial-intelligence; Пристапено на: 30.06.2023;
17. The Artificial Intelligence Act (2023); Достапно на: https://artificialintelligenceact.eu/; Пристапено

на: 30.06.2023;

18. The European Union's Artificial Intelligence Act, explained (2023) World Economic Forum; Достапно на:https://www.weforum.org/agenda/2023/03/the-european-union-s-ai-act-explained/; Пристапено на: 30.06.2023;

19. The Authors Guild, Inc. v. Google, Inc.,United States District Court for the Southern District of New York, [721 F.3d 132 (2d Cir. 2015)];

20. UK The Copyright, Designs and Patents Act 1988;

21. Вељаноски М. (2014), Од Цицерон до Бернската конвенција: Авторското право е симбол и заштитник на човековата креативност и интелект, Академик; Достапно на: https://akademik.mk/od-cit-seron-do-bernskata-konventsija-avtorskoto-pravo-e-simbol-i-zashtitnik-na-chovekovata-kreativnost-i-in-telekt/; Пристапено на: 30.06.2023;

22. Vincent J. (2022), The scary truth about AI copyright is nobody knows what will happen next, The Verge; Достапно на: https://www.theverge.com/23444685/generative-ai-copyright-infringement-le-gal-fair-use-training-data; Пристапено на: 30.06.2023;

23. Vukadin D., Vulević M. (2023), Autorsko pravo u doba veštačke inteligencije: pronalazak ravnoteže između prava autora i genijalnosti mašine; Достапно на: https://milosevic-law.rs/autorsko-pravo-u-do-ba-vestacke-inteligencije-ronalazak-ravnoteze-izmedu-prava-autora-i-genijalnosti-masine/; Пристапено на: 30.06.2023;

24. What is artificial intelligence? (2023) IBM; Достапно на: https://www.ibm.com/topics/artificial-intel-ligence; Пристапено на: 30.06.2023;

25. Закон за авторското право и сродните права („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/05);

26. Zirpoli T.C. (2023) Generative Artificial Intelligence and Copyright Law, Congressional Research Service; Достапно на: chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://crsreports.congress.gov/product/pdf/LSB/LSB10922; Пристапено на: 30.06.2023.



# СОЦИЈАЛНА ДИНАМИКА НАСПРОТИ ПРАВО: ВЛИЈАНИЕТО НА ТЕХНОЛОГИЈАТА ВРЗ ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПОЈАВИ





Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје
Анастасија Муратовска
Михаела Мострова

# Резиме

Односот помеѓу правото и социјалната динамика е тема сама за себе. Кога на оваа врска ќе се надоврзе најиновативниот фактор – технологијата, се создава интерсекција на нови прашања и дилеми. Оваа статија ќе се задржи на прашањето за влијанието на технологијата врз: општествените промени, појави и процеси и улогата на правото во сето тоа, или едноставно на врската помеѓу технологијата, социјалната динамика и правото. Статијата го анализира влијанието на технологијата, од една страна, врз пожелните општествени појави, и од друга страна, врз непожелните општествени појави. Позитивните влијанија на технологијата се претставени на глобално ниво преку концептите Civic Tech и Gov Tech, а на национално ниво преку алатките ЕНЕР и е – услуги. Како пример за непожелна општествена појава, статијата ја зема дискриминацијата и прави преглед на влијанието што го има технологијата врз истата.

Целта на оваа статија е да прикаже како технологијата ги интензивира ефектите што произлегуваат од општествените појави, на начин што ги поттикнува општествено пожелните појави, а негативното влијание на технологијата се интензивира кај непожелните општествени појави. Во такви услови правото има огромна улога, која е наметната од потребата за регулирање на новонастанатата или унапредена општествена реалност.

**Клучни зборови:** социјална динамика, право, технологија, пожелни општествени појави, Civic Tech, Gov Tech, непожелни општествени појави, дискриминација

# Вовед

Иницијалниот и примарен мотор на општествените промени е социјалната борба многу повеќе од правната борба. Но, правото како суштинска творба на човекот со која се обезбедува правна сигурност, константност и регуларност извира од егзистенцијалните потреби на општествениот живот, бидејќи правото е составен дел на општеството (Чокревски, Китаноски 2007).

Со оглед на нераскинливата врска помеѓу правото и општеството (дефинирана и во изреката на старите Римјани: ***Ubi societas, ibi ius*** – Каде што има општество, таму има и право), правото е, несомнено, систем на норми, кој иако е бавно менлив, се приспособува на општествените промени, а со тоа и на социјалната динамика, но истовремено постојат случаи кога правото и законот влијаат врз општествената промена и трансформација.

Во околности на рапидни технолошки револуции сметаме дека е неминовно да се претстави начинот на кој технологијата (како значајна општествена промена на глобално ниво) влијае врз општествените појави и легислативата. Токму врската помеѓу технологијата, социјалната динамика и правото е претставена во првиот дел од трудот, при што е користен социолошко-правен пристап. Вториот дел од трудот ги анализира позитивните влијанија на технологијата во услови кога таа ги поттикнува општествено пожелните појави, како што се демократското учество и пристапот до јавните услуги. За таа цел, во овој дел се претставени концептите Civic Tech и Gov Tech, како пожелни општествени појави што се плод на технологијата и го стимулираат општествениот развој. Со користење на компаративниот метод е направена споредба помеѓу концептот Civic Tech и ЕНЕР, како и помеѓу концептот Gov Tech и е-услуги, со цел да се докаже суштинската сличност на овие национални алатки со споменатите концепти. Третиот дел од трудот има цел да докаже дека негативното влијание на технологијата се интензивира кај непожелните општествени појави. Истото е направено преку анализа на влијанието на технологијата врз дискриминацијата, осврнувајќи се на тоа на кој начин технологијата создава погодно поле за дискриминација преку примерот на дискриминациско вознемирување во рамките на интернет-просторот. Методолошката рамка на трудот се базира врз правна, социолошка и дескриптивна анализа, а како извори на податоци се користат академски трудови, медиумски извори, извештаи и статистики на релевантни домашни институции, анализи од меѓународни и граѓански организации.

# ТЕХНОЛОГИЈА, ПРАВО И СОЦИЈАЛНА ДИНАМИКА

Со оглед на фактот што општествата се во постојано движење, промените се појавуваат секојдневно, а со тоа социјалната динамика е рапидна. Тие се толку забрзани што веројатно денешните претпоставки нема да важат за неколку години од сега. Алвин Тофлер, анализирајќи ги ефектите од драстичните промени во општествата, овој феномен на технолошка револуција го нарекол „future shock“ (Levesque 2007). И, несомнено, постојаното развивање на технологијата со себе носи комплетно менување и адаптирање на промените од страна на широк спектар на полиња. Следствено, голем дел од дебатите имаат цел да ги дискутираат неминовните адаптирања на технолошките општества на општествените промени што се во постојан пораст и продолжуваат да носат промени преку подобрувања и развиток во сферата на технологијата (Cliffs Notes, Technology and Social Change).

Технологијата целосно го менува начинот на кој луѓето остваруваат меѓусебна комуникација, се среќаваат, учат, патуваат. Таа влијае врз културата и врз културниот развој, но, секако, влијае и врз правото. Со нејзиниот развој се појавува потреба од поголема регулираност во одредени сфери и адаптација на законите врз основа на потребите во општеството. Можниот неуспех да се приспособи постојниот закон не е изненадувачки со оглед на фактот што законот бара стабилност и се спротивставува на брзите промени (Levesque 2016). Но, во вакви услови се појавува триење помеѓу технолошкиот развој (општествените промени) и правото, при што законот што заостанува зад променетите околности во реалноста (во рамките на општеството во конкретна земја, било тоа да се политички, економски или социјални) има тенденција и постои ризик да го изгуби својот легитимитет. Токму поради тоа, при приспособување на веќе постојното законодавство, но и при предлагање ново законодавство, исклучително е значајно да се одговори на прашањата и да се согледаат ситуациите од аспект на тоа дали тој закон ќе се почитува во практиката (What is sociology of law?, 2020).

# ТЕХНОЛОГИЈАТА КАКО СТИМУЛАНС НА ПОЖЕЛНИ ОПШТЕСТВЕНИ ПОЈАВИ – *CIVIC TECH* И *GOV TECH*

Крајот на 20-тиот век ги одбележа информатичките и комуникациски технологии како движечка сила, и тоа не само на општествениот развој, туку и на функционирањето на државата. Како што општествените процеси се развиваат заедно со глобалната дигитална револуција, така се појавува зголемен притисок државите сè повеќе да инвестираат во модернизација на јавниот сектор со цел ефикасно да одговорат на општествените потреби што се развиваат во дигиталната ера. Дигитализацијата на државниот апарат ги револуционизираше општествените процеси, поедноставувајќи ги функциите и услугите на државата. Јавните услуги што ги нуди државата повеќе се незамисливи без технологијата. За уредување на сферата на дигитализација во домашното законодавство веќе постои некаква регулатива што ги вклучува Законот за електронски комуникации („Сл. весник на РСМ“ бр. 39/2014 со измени), Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги („Сл. весник на РСМ“ бр. 275/2019), Законот за електронско управување и електронски услуги („Сл. весник на РСМ“ бр. 98/2019 со измени), Законот за централен регистар на население („Сл. весник на РСМ“ бр. 98/2019 со измени).

Демократијата и демократското владеење се полиња подложни на постојано развивање, па дебатите за иднината на демократијата се насочуваат кон прашањето: „Како најдобро да се искористи технологијата со цел поефикасно, поодговорно и ефективно функционирање на државата?“ Во изминатите 30 години, на глобално ниво, концептите Civic Tech и Gov Tech станаа поголем дел од одговорот на тоа прашање (International Republican Institute, 2023). Овие две појави може да се вбројат во оние општествени појави што се плод на технологијата, а истовремено се позитивни (пожелни), односно го стимулираат општествениот развој.

## За концептите *Civic Tech* и *Gov Tech*

Civic Technology или Civic Tech е термин што ја опишува која било форма на иновативна технологија што ја користи државата со цел позитивно да влијае врз општеството. Целта е да се унапреди односот помеѓу државата и граѓаните преку софтвери за комуникации, испорака на јавни услуги, одлучување и политички процеси. Всушност, главен фокус на овој концепт се граѓаните, односно поттикнување на граѓанското учество во процесот на донесување одлуки.

Во овој случај, технологијата е таа што го стимулира демократскиот процес, унапредувајќи ја врската помеѓу граѓаните и државата на начин што го поттикнува граѓанското учество и ангажман. Учеството на јавноста е основен столб на доброто владеење не само поради тоа што дава право на збор за проблемите со кои се соочуваат граѓаните и одлуките што се носат во нивно име, туку и поради тоа што придонесува за максимизирање на квалитетот и ефикасноста на политиките и регулативата (Сулејмани 2015).

Очекуваната цел од овој процес е унапредување на комуникацијата помеѓу државата и граѓаните и поттикнување на граѓаните да дејствуваат за јавното добро. Придобивките од Civic Tech се лесно воочливи, од една страна, им помага на граѓаните да се поврзат меѓусебно и да ја зајакнат врската со државата и, од друга страна, помага на државата да ги осознае потребите на граѓаните. Истото влијае врз процесот на креирање на јавните политики, насочувајќи го кон исполнување на општествените очекувања и потреби. Бенефит од овие двострани придобивки е поттикнување на позитивните општествени промени.

Gov Tech опфаќа поширок опсег на активности што придонесуваат јавниот сектор да биде ориентиран кон развој со примена на иновативни и креативни методи. Наједноставно овој концепт се дефинира како технолошка инфраструктура што ја користи државата при управувањето со јавните служби и испорачувањето на јавните услуги на граѓаните. Како пристап кон модернизација на јавниот владин сектор се фокусира на три аспекти: достапност на јавните услуги за граѓаните, дигитализација на јавниот сектор и едноставни, ефикасни и транспарентни владини системи. За разлика од Civic Tech, кај кој корисници се граѓаните, кај Gov Tech примарен корисник е јавниот сектор, односно владите. Целта на Gov Tech е да се зголеми ефикасноста на администрацијата преку дигитализација на работните процеси или со употреба на нови дигитални алатки.

Gov Tech вклучува низа технологии што им се обезбедуваат на владите за постигнување ефикасност на нивните внатрешни операции, а Civic Tech, од друга страна, се фокусира на информирање на граѓаните, нивно поврзување и охрабрување на граѓанското учество во демократските процеси (100 FAQs on Civic Tech, Citizen Participatory Technology, And Everything in Between). Civic Tech и Gov Tech се олицетворение на следниве принципи: Civic Tech дејствува во насока на зголемување на легитимноста преку поврзување на граѓаните во одлучувањето,

додека, пак, Gov Tech директно ја зголемува ефикасноста на владата. И покрај разликите помеѓу суштинските карактеристики на овие два концепта, сепак најдобра е нивна комбинирана употреба со цел постигнување на двете цели, легитимност и ефикасност.

## Национален контекст: Единствен национален електронски регистар на прописи на Република Северна Македонија и е-услуги

Во национален контекст, постојат практики кај централните владини институции чија цел е преку дигитални платформи да ги доближат граѓаните до креирањето политики, односно да ја вклучат јавноста во процесот на одлучување со помош на технологијата. Таков пример е дигиталната платформа – Единствен национален електронски регистар на прописи на Република Северна Македонија или скратено ЕНЕР, а таа ИТ-алатка Владата ја користи како поле за подобрување на јавниот дијалог и консултации. Како проект на Владата постои од 2009 година, додека, пак, веб-порталот го одржува и го уредува Министерството за информатичко општество и администрација во името на Владата. Сите министерства ажурираат и објавуваат предлог-закони, подзаконски акти и други типови документи (стратегии, акциски планови, методологии и др.) што се во нивна надлежност, како и документи што произлегуваат од процесот на Процена на влијанието на регулативата – ПВР.

Целта на оваа електронска платформа е:

- електронско информирање на граѓаните, невладините организации, деловните субјекти и министерствата за спроведување на процесот на ПВР;
- вклучување на јавноста во подобрување на содржината на предлог-законите и другите правни акти на Владата кога тие се креираат преку доставување коментари и предлози;
- електронско поднесување иницијативи со предлози за политики што се однесуваат на конкретни законски одредби или општи предлози; и
- интернет-простор за тематски дебати што се важни како за министерствата, така и за граѓаните во процесот на креирање политики.

Оваа иновативна алатка за консултации, освен што со малку ресурси овозможува учество на пошироката јавност во процесот на носење политики, може и да се даде епитетот инклузивна. Со создавање поле во интернет-просторот се овозможува брзо и непречено учество и се елиминира проблемот на физичка непристапност и географска раздалеченост, а тоа придонесува за поголема вклученост на лицата со физичка попреченост и оние што живеат во рурални области. Она што може да се истакне како недостаток во овој поглед е тоа што оваа платформа не е адаптирана за слепите лица, бидејќи не се вградени алатки за звучна приспособеност. Нивото на дигитална писменост исто така е фактор за користење на оваа алатка, па следствено, не постои големо учество на повозрасните категории граѓани.

Од анализата достапна на интернет-страницата на ЕНЕР произлегува дека најчести корисници се граѓаните со вкупно 52 % од сите типови корисници, потоа невладините организации со 21 %, трговските друштва со 19 %, стопанска комора со 5 % и образовни/научноистражувачки институции со 3 %. Во моментот на пишување на овој труд, бројот на посети на ЕНЕР изнесувал 5 499 761.

Друг пример во национален контекст каде што со помош на технологијата се стимулира пожелна општествена појава е воспоставувањето Националниот портал за електронски услуги (е-услуги). Овој портал е воспоставен во 2019 година, а со него управува Министерството за информатичко општество и администрација. Националниот портал за е-услуги е електронска платформа, која нуди информации за јавните услуги што ги даваат државните органи и овозможува електронско користење на голем дел од јавните услуги (оние што се достапни како е-услуги). Согласно статистиката од порталот, достапни се информации за 234 електронски услуги од државните органи, а постои можност за користење 95 електронски услуги на самиот портал. Бројот на државни институции што нудат електронски услуги на порталот изнесува 170, додека, пак, вкупниот број на поднесени барања за е-услуги во моментот на пишување на трудот е 39 061. Порталот содржи детални информации за широкиот спектар на јавни услуги, постапките пред државните органи, законската регулатива со која се уредуваат, роковите, условите, потребните прилози итн. Освен овој информативен дел, на регистрираните корисници им се дава можност за електронско користење на оние јавни услуги што се достапни во електронска форма. Придобивките од е-услуги се брза достапност на услугите, полесни процедури, додека, пак, долгорочното зголемување на ефикасноста значи и намалување на трошоците, со што се олеснува, од една страна, функционирањето на администрацијата и, од друга страна, се овозможува лесна достапност на јавните услуги за граѓаните.

Од она што беше истакнато за националниот контекст на Република Северна Македонија, произлегува дека ЕНЕР како интернет-платформа по суштина е блиска на концептот Civic Tech, додека, пак, е-услуги на концептот Gov Tech. ЕНЕР придонесува за поголема партиципативност на граѓаните, ги поттикнува да се вклучат во процесот на носење политики преку коментари на предлог-законите и другите акти или да поднесат иницијативи на регулатива, додека, пак, е-услуги, како дел од процесот на дигитализација на администрацијата, придонесува за поефикасно функционирање на државните органи и го олеснува пристапот на граѓаните до јавните услуги.

## ВЛИЈАНИЕТО НА ТЕХНОЛОГИЈАТА ВРЗ ДИСКРИМИНАЦИЈАТА КАКО НЕПОЖЕЛНА ОПШТЕСТВЕНА ПОЈАВА

Непожелна општествена појава што ќе ја опфати оваа статија е дискриминацијата,[6] како и влијанието на технологијата врз оваа непожелна општествена појава.

Како непожелна општествена појава постои во речиси секоја сфера, па од таа причина, антидискриминациското законодавство ги определува и областите на заштита од дискриминација.[7] Со Законот за спречување и заштита од дискриминација, меѓу областите на дискриминација се наведува и јавно информирање и медиуми („Сл. весник на РСМ" бр. 258/2020). Оваа област го опфаќа говорот искажан на јавниот и медиумски простор или интернет-просторот, кој според својата суштина се квалификува како вознемирување (Попоска и Јовевски 2017) или повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација, како посебни видови дискриминација. Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација со една прилично широка одредба

6 Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова врз дискриминаторска основа, со сторување или несторување, кои имаат цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација, вклучително и оневозможување соодветно приспособување и оневозможување пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.

7 Од друга страна, со членот 4 од Законот за медиуми („Сл. весник на РСМ" бр. 184/2013 со измени од „Сл. весник на РСМ" бр. 13/2014) се забранува поттикнување или ширење дискриминација.

се дефинира како: ***„секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатство или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа“*** („Сл. весник на РСМ“ бр. 258/2020). Додека, пак, дискриминациско вознемирување се дефинира како: ***„несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има цел или последица повреда на достоинството или создавање заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика“*** („Сл. весник на РСМ“ бр. 258/2020).

Практиката покажува дека интернет-просторот е плодно поле не само за говорот на омраза, туку и за вознемирувањето врз дискриминаторска основа (дискриминациско вознемирување), кои се сѐ поприсутни на социјалните медиуми. На тоа укажува и статистиката од последниот Годишен извештај на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за 2022 година, според кој најголем број случаи со утврдена дискриминација пред домашното тело за еднаквост се во областа на јавното информирање и медиумите или од вкупниот број случаи со утврдена дискриминација, кој изнесува 40, 36 се во оваа област (Годишен извештај, 2022, стр. 29). Констатирано е дека дискриминацијата во оваа област е најприсутна на социјалните мрежи, односно во 33 од случаите и се јавува во вид на вознемирување и/или повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација, кои неретко се присутни во потешки облици како продолжена, повторена и повеќекратна дискриминација. Најчести жртви на дискриминација на интернет-просторот се лицата со заштитни карактеристики: сексуална ориентација (во 25 случаи), родов идентитет (во 20 случаи), припадност на маргинализирана група (16 случаи), пол (14 случаи), итн. (Годишен извештај, 2022, графикон 21).

Интернет-просторот е поволен за дискриминација како непожелна општествена појава, а на тоа укажува и фактот што бројот на случаи за заштита од дискриминација во оваа област рапидно се зголемил, поточно од 7 случаи за заштита од дискриминација пред националното тело за еднаквост во 2021 година, бројот на ваквите случаи се искачил на 36 во 2022 година. Особено предизвици во утврдувањето на овој вид дискриминација се докажувањето, утврдувањето на претпоставениот дискриминатор и воспоставувањето баланс помеѓу слободата на изразување и дискриминациското вознемирување.

Засега, најзастапени подносители на ваквите претставки за заштита од дискриминација се граѓанските организации, кои ги застапуваат правата на одредена засегната група, што изискува човечки капацитети да бидат ловци на интернет-вознемирување или, пак, говор на омраза во медиумите. Тука се поставува прашањето дали во иднина ќе се искористи технологијата, особено вештачката интелигенција за ловење на ваквиот говор, кој продуцира дискриминација, и како правото ќе одговори на тој предизвик?

Ова е само еден пример на кој начин технологијата може да ги стимулира, односно да ги поттикне непожелните општествени појави. Создавањето нов интернет-простор, кој за дискриминаторот претставува безбедна средина за оперирање, придонесува за проширување на дискриминацијата.

# ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Развојот на технологијата е општествен предизвик и поле на истражување што е од особено значење во светски рамки. Како фактор на социјалната динамика, таа го интензивира дејството на општествените појави, без оглед дали се тие пожелни или непожелни. Негативните импликации што таа ги има неспорно е дека треба да се идентификуваат и да се анализираат, сѐ со цел колку што е можно во поголем дел да се искоренат. Правото, во овие случаи, има исклучително значајна улога, со оглед на фактот што може да влијае преку неговата репресивна функција, поставувајќи ги правилата на игра и забранувајќи го неизвршувањето на веќе поставените правила. Меѓутоа, иако правото е најефективната алатка за општествена трансформација, не секогаш промената на законот продуцира и ефективна промена во реалноста. Законската промена не значи секогаш нужна промена на перцепциите и директна примена на променети практики и ставови (Bumiller 1987). Секако, илузорно и наивно е да се очекува дека малициозното користење на технологијата, општествените практики и длабоко вкоренетите ставови ќе се трансформираат само со промена и реформа на законот. Но, со оглед на функциите со кои правото несомнено има влијание, правната промена може да биде клучен елемент и катализатор во општеството.

Она што како заклучок произлегува од приказот на трудот е тоа што технологијата како примарен мотор на денешната социјална динамика го интензивира дејството на општествените појави, без оглед дали тие се општествено пожелни или општествено непожелни.

Досега наведеното упатува на потреба од сѐ поголемо насочување кон решенијата со цел подобрување на состојбите:

1. Сѐ поголемо насочување кон идентификација на социјалните проблеми;
2. Развивање иновации со користење на технологијата, при што ќе се поставуваат предизвици и ќе се поттикнува општествениот развој;
3. Социолошките истражувања да бидат во непрекинат тек со ефектите што ги предизвикува технологијата, со цел на правото да му понуди релевантни податоци за да може непречено да ги остварува своите функции;
4. Дигиталните технологии имаат потенцијал да придонесат во промоцијата и заштитата на човековите права и демократизацијата, децентрализацијата и дигитализацијата на политиката и унапредувањето на општеството како целина (Ilik & Viglianisi Ferraro 2021).



# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Andrew R. Schrock, (2018). 'Civic Tech, Making Technology Work for People', Rogue Academic Press; Достапно на: http://klangable.com/uploads/books/CivicTech.pdf; Пристапено на: 31.7.2023;

2. Bumiller K., (1987). 'Victims in the shadow of the law: a critique of the model of legal protection', Signs: Journal of Women in Culture and Society;

3. Cliffs Notes, Sociology, Technology and Social Change; Достапно на: https://www.cliffsnotes.com/study-guides/sociology/social-change-and-movements/technology-and-social-change; Пристапено на: 31.7.2023;

4. International Republican Institute, (2023).'Sustaining and Scaling Civic and Government Technology: A White Paper on Challenges, Best Practices and Recommendations';

5. ITU, 2022, 'Republic of North Macedonia, Digital Development Country Profile'; Достапно на: https://www.itu.int/en/ITU-D/Regional-Presence/Europe/Documents/Publications/2022/Digital%20Development/Digital%20Development%20Country%20Profile_North%20Macedonia_%20final_02.22.pdf; Пристапено на: 31.7.2023;

6. Ilik, G., & Viglianisi Ferraro, A. (2021). New Technologies and the Discourses of Human Rights, Politics, and Society. Journal of Liberty and International Affairs, 7, 18-20. https://doi.org/10.47305/JLIA2137118i; Пристапено на: 23.8.2023;

7. Levesque J.R.(2016). 'Adolescents, Rapid Social Change, and the Law', Springer;

8. Rumbul, Shaw, 'Civic Tech Cities', mySociety Microsoft, UK; Достапно на: https://research.mysociety.org/media/outputs/Microsoft_US_civic-tech-cities_FINAL.pdf; Пристапено на: 31.7.2023;

9. Rumbul R., (2015). 'Who benefits from civic technology? Demographic and public attitudes research into the users of civic techologies', mySociety; Достапно на: https://research.mysociety.org/media/outputs/demographics-report.pdf; Пристапено на: 31.7.2023;

10. Saldivar, Parra, Alcaraz, Arteta, (2018) 'Civic Technology for Social Innovation: A Systematic Literature Review', Kluwer Academic Publishers; Достапно на: https://www.researchgate.net/publication/325323175_Civic_Technology_for_Social_Innovation_A_Systematic_Literature_Review; Пристапено на: 31.7.2023;

11. The World Bank Group, Gov Tech: Putting People First; Достапно на: https://www.worldbank.org/en/programs/govtech/priority-themes; Пристапено на: 31.7.2023;

12. United Nations, Department of Economic and Social Affairs, (2020) 'Digital Government in the Decade of Action for Sustainable Development' with addendum on Covid-19 Response, New York: E-Government Survey; Достапно на: https://publicadministration.un.org/egovkb/Portals/egovkb/Documents/un/2020-Survey/2020%20UN%20E-Government%20Survey%20(Full%20Report).pdf; Пристапено на: 31.7.2023;

13. What is Sociology of law? A different perspective on law and society, Lund University; Достапно на: https://www.soclaw.lu.se/en/sociology-law-department/what-sociology-law; Пристапено на: 31.7.2023;

14. 14. Zhang, Lim, Perrault, 'A Review of Research on Civic Technology: Definitions, Theories, History and Insights; Достапно на: https://arxiv.org/ftp/arxiv/papers/2204/2204.11461.pdf; Пристапено на: 31.7.2023;

15. 15. Годишен извештај за работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за 2022 година;

16. Закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги, „Сл. весник

на РСМ“ бр. 275/2019;

17. Закон за електронски комуникации, „Сл. весник на РСМ“ бр. 39/2014 со измени од „Сл. весник на РСМ“ бр. 188/2014; 44/2015; 193/2015; 11/2018; 21/2018; 98/2019; 153/2019; 92/2021;

18. Закон за електронско управување и електронски услуги, „Сл. весник на РСМ“ бр. 98/2019 со измени од „Сл. весник на РСМ“ бр. 244/2019;

19. Закон за централен регистар на население, „Сл. весник на РСМ“ бр. 98/2019 со измени од „Сл. весник на РСМ“ бр. 275/2019;

20. Закон за медиуми („Сл. весник на РСМ“ бр. 184/2013 со измени од „Сл. весник на РСМ“ бр. 13/2014);

21. Закон за спречување и заштита од дискриминација („Сл. весник на РСМ“ бр. 258/2020);

22. Попоска Ж., Јовевски Л., (2017). Антидискриминациско право, Скопје: ОБСЕ;

23. Стратегија за реформа на јавната администрација, 2018 2022;

24. Сулејмани Ќ., (2015). Учество на јавноста: „Владата на народот, од народот, за народот“ – анализа бр. 36, Скопје: Центар за истражување и креирање политики;

25. Чокревски, Китаноски, (2007). Социологија на правото, Скопје.



# СПЕЦИФИКАЦИЈА НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА НА ПРОСТОРОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА: СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје
Доротеа Трајковска

# Резиме

Како што технологијата продолжува да напредува, така се зголемува и заканата од сајбер криминал. Во оваа статија, целта е да ги истражиме сложеноста на сајбер криминалот, импликациите и важноста од решавање на овој распространет феномен. Навлегувајќи во дефиницијата, описот и влијанието, намерата ни е да обезбедиме вредни сознанија и препораки за јавноста.

Целта на оваа работа е да се расветли растечкото прашање на сајбер криминалот и да се подигне свеста кај поединците, организациите и креаторите на политики. Нашата примарна цел е да ги анализираме различните форми на сајбер криминал и да го опишеме значењето на борбата против оваа закана што постојано се развива. Сајбер криминалот опфаќа широк опсег на незаконски активности извршени во дигиталната област, како што се хакирање, кражба на идентитет, онлајн измама и прекршување врз основа на податоци. Неговото влијание е сеопфатно, влијае врз поединци, бизниси, па дури и врз влади, што доведува до финансиски загуби, прекршување на приватноста и оштетување на репутацијата. Исто така, главно ќе потенцираме со кои проблеми се соочува Република Северна Македонија и ќе направиме одредени споредби.

Со адресирање на комплексноста на компјутерскиот криминал и застапување за превентивни дејства, оваа статија прави обид да ги зајакне општата јавност, креаторите на политики и релевантните чинители во нивните напори да ги ублажат ризиците поврзани со оваа распространета закана за нашето дигитално општество.

**Клучни зборови:** интернет, сајбер криминал, Македонија, онлајн измами.

# Вовед

Во динамичниот живот на 21-от век, брзиот напредок на технологијата ја воведе ерата на сајбер просторот, нудејќи им и предности и недостатоци на своите корисници. Разбирањето на сложеноста на оваа дигитална област е од клучно значење, бидејќи ни овозможува да ја истражиме достапната правна рамка за подобрување на безбедноста на сите засегнати страни. Оваа статија има цел да ги идентификува современите предизвици во сајбер просторот преку спроведување темелна анализа и предлагање остварливи препораки конкретно приспособени на моменталната ситуација во Република Северна Македонија, притоа црпејќи увид од искуствата во развиените земји. Примарната цел на овој труд е да го расветли концептот на сајбер криминалот, неговите различни манифестации и причините зошто сајбер просторот на Република Северна Македонија останува несоодветно развиен и безбеден.

Понатаму, целта е да одговори на предизвиците со кои се соочува нашето општество во овој домен и да претстави ефективни решенија за подобрување на ситуацијата. За да се постигнат овие цели, оваа студија користи комбинација на дескриптивен метод и нормативен метод. Дескриптивниот метод служи за разјаснување на фундаменталните концепти и карактеристики поврзани со компјутерскиот криминал, додека, пак, нормативниот метод ја збогатува правната основа со испитување на прописите што го регулираат овој сложен домен. Преку компаративен пристап, резултатите ќе бидат ефективно илустрирани. Овој труд служи како обид за истакнување и елаборирање на сајбер криминалите, имајќи го предвид нивното растечко значење во јавниот домен. Следните делови ќе ги истражуваат сложеноста на моменталната ситуација, предизвиците со кои се соочуваат корисниците и ќе предложат ефективни мерки за искористување на постојната регулаторна рамка, заедно со препораки за нејзино подобрување со користење на Националниот индекс за сајбер безбедност (NCSI), кој служи за анализа на спремноста на секоја земја да се бори против сајбер криминалот. Ограничувањата што се пронајдени во процесот на подготвување на оваа статија се главно недостатоците од нови компаративни податоци што го следат движењето на Република Северна Македонија во процесот на создавање безбеден сајбер простор.

Преку ова сеопфатно испитување на компјутерскиот криминал во Република Северна Македонија се стремиме да придонесеме за подобро разбирање на дигиталните закани со кои се соочува општеството и да поттикнеме побезбеден сајбер простор за сите корисници.

# 1. Запознавање со сајбер криминалот

Сајбер криминал е секоја криминална активност што вклучува компјутер, мрежен уред или мрежа. Иако повеќето компјутерски злосторства се вршат со цел да се генерира профит за сајбер криминалците, некои компјутерски злосторства се вршат директно против компјутери или уреди за да се оштетат или да ја оневозможи нивната работа. Примарниот ефект на сајбер криминалот е финансискиот. Сајбер криминалот може да вклучува многу различни видови криминални активности поттикнати од профит, вклучително и напади со откуп, измама преку е-пошта и интернет, измама со идентитет, како и обиди за кражба на финансиска сметка, кредитна картичка или други информации за платежни картички. Сајбер криминалците може да таргетираат приватни информации на поединец или корпоративни податоци за кражба и препродажба. За време на пандемијата, но и денес, по одреден период, голем број работници работат од дома, а со тоа сајбер криминалите пораснаа со голема фреквенција (Brush 2021, стр. 1).

Треба да се прави разлика помеѓу ***компјутерскиот криминалитет*** и ***сајбер криминалитетот.*** Компјутерскиот криминалитет ги опфаќа кривичните дела што се извршени на компјутер, материјалите содржани во него (софтвер и податоци) и притоа компјутерот се користи како средство или со цел извршување кривични дела. Компјутерскиот криминалитет опфаќа навлегување во друг компјутерски систем, кражба на компјутерски податоци или користење на онлајн системите за извршување или помош при извршување измами. Тука спаѓаат хакирањето, нападот на сервисите за одржување и функционалност, неовластеното користење на податоците и сајбер вандализмот (Drakulic et al. 2009, стр. 56).

Сајбер криминалитетот е криминал што се врши на интернет преку користење компјутери или слични уреди како средство или цел на кривичното дело. Тој претставува криминална активност што се врши со употреба на компјутери или слично средство и интернет. Сајбер криминалитетот ги опфаќа кривичните дела во сајбер просторот против личноста, против имотот и против државата, а воедно, сајбер криминалитетот ги опфаќа и делата во сајбер просторот против телекомуникациските служби, комуникациите што се вршат со цел злосторничко здружување за сторување телекомуникациска пиратерија, телекомуникациската пиратерија, растурањето материјали со несоодветна содржина, перењето пари, електронскиот вандализам, тероризам и телекомуникации, измамите поврзани со електронско работење (Waren 2011, стр. 123).

## 1.1 Видови сајбер криминал во теоријата

Јар (2006), кој го подели сајбер криминалот на четири области на штетна активност, илустрира низа активности и однесувања наместо да се фокусира на конкретни прекршоци. Гордон и Форд (2006) се обиделе да создадат концептуална рамка, која пратениците може да ја користат при составувањето правни дефиниции што се значајни и од техничка и од општествена природа. Другиот пристап за разликување на компјутерскиот криминал е да се развие шема за класификација, која ги поврзува делата што имаат слични карактеристики со традиционалната класификација на сајбер криминалот (Al-Nemrat 2014, стр. 154–155).

# 2. Конвенција на Советот на Европа за компјутерски криминал

Конвенцијата за сајбер криминал (односно Конвенцијата за компјутерски криминал, согласно Законот за ратификација на Конвенцијата во Р. Македонија) е првиот меѓународен договор, кој третира кривични дела извршени преку интернет и други компјутерски мрежи што се занимаваат особено со прекршувања на авторските права, компјутерска измама, детска порнографија и нарушување мрежна безбедност. Таа, исто така, содржи серија овластувања и процедури, како што се пребарување компјутерски мрежи и пресретнување. Нејзината главна цел, во духот на преамбулата, е да се продолжи со заедничка политика во насока на заштита на општеството од компјутерскиот криминал, особено преку усвојување соодветно законодавство и поттикнување меѓународна соработка (Поповска 2019, стр. 169).

Конвенцијата на Советот на Европа за компјутерски криминал нуди релативно сеопфатен пристап за усогласување на националното законодавство за справување со компјутерскиот криминал и претставува рамка за меѓународна соработка што претходно не постоела, освен на билатерална или на ***ad hoc*** основа. Суштински, Конвенцијата е прилично сеопфатна во однос на најчестите категории компјутерски криминал и најчестите видови истражни алатки што ги користат органите за откривање ваков вид криминал (Steinbruner and Co. 2010, стр. 15).

Конвенцијата предвидува четири широки категории прекршоци (Cloughm 2014, стр. 702):

- прекршоци против доверливоста, интегритетот и достапноста на компјутерските податоци и системи;
- компјутерски прекршоци поврзани со компјутерска измама и фалсификување;
- прекршоци поврзани со содржина, како што е детската порнографија;
- кривично кршење авторски права.

Иако во некои аспекти Конвенцијата се покажа како извонредно еластична да се приспособи на новите форми на технологија, сепак не опфаќа полн спектар на сајбер криминали.

# 3. Регулатива за сајбер криминалот во Република Северна Македонија

Според Прирачникот за компјутерски криминал (2014), Конвенцијата за компјутерски криминал е создадена од Советот на Европа за да ги обедини и да ги систематизира глобалните норми во областа на компјутерскиот криминал и електронските докази. Тоа е сеопфатен и флексибилен механизам за меѓународна соработка, првично наменет за европските држави, но сега се користи во целиот свет. Таа е усвоена во Будимпешта на 23 ноември 2001 година, со 58 земји потписнички и 28 ратификации. Нашата земја ја потпиша на 23 ноември 2001 година, ја ратификуваше на 15 септември 2004 година и влезе во сила на 1 јануари 2005 година. Домашната правна рамка што ја регулира областа на компјутерскиот криминал ги вклучува (Zvrlevski et al. 2014, стр. 8):

- Кривичниот законик (КЗ);
- Законот за кривичната постапка (ЗКП);

- Законот за електронските комуникации;
- Законот за следење на комуникациите;
- Законот за електронска трговија;
- Законот за електронско управување;
- Законот за парнична постапка;
- Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис;
- Декларацијата за побезбеден интернет.

Домашното законодавство усвојува континентален пристап, интегрирајќи ги нормите за компјутерскиот криминал во постојните закони, притоа давајќи приоритет на заштитата на основните човекови права. Вградувањето на Конвенцијата овозможува полесна меѓународна соработка и овозможува флексибилно приспособување на еволутивната природа на компјутерскиот криминал, вклучувајќи ги новите технологии и транснационалните комуникациски предизвици.

# 4. Национален индекс за сајбер безбедност

Заканите што се развиваат и недостигот на свест за сајбер безбедноста често ги оставаат владите, истражувачите и граѓаните со малку информации за тоа колку една држава е отпорна на сајбер. Сепак, познавањето на нивото на сајбер безбедност на една земја, нејзината подготвеност да спречи сајбер закани и подготвеноста да управува со сајбер инциденти и криминални активности во сајбер просторот е важен елемент на анализата на потребите на таа земја. Овие информации, пак, се користат при дизајнирање и имплементација на програми за градење сајбер капацитети. Креаторите на политики, исто така, може да се потпрат на такви податоци за да го проценат успехот на нивните политики за сајбер безбедност или да разберат како да ги користат ограничените ресурси на најефикасен начин. Поседувањето достапни и транспарентни информации значи дека истражувачите може да спроведат компаративни студии и да го унапредат знаењето за прашања за сајбер безбедноста. Исто така, нивото на сајбер безбедност во една земја влијае врз секојдневните одлуки на инвеститорите, компаниите и обичните граѓани. Големи количества податоци за сајбер безбедноста се отворено достапни во денешно време. Сепак, тоа не значи дека овие информации може лесно да се обработат, да се толкуваат и да се користат за донесување основани одлуки. Понатаму, во отсуство на договорена рамка за процена и систематска методологија, споредувањето на резултатите може да биде тешко. Доколку рамката и методологиите за процена не се транспарентни, поединците може да се сомневаат во валидноста на поврзаните заклучоци. Накратко, мерењето на сајбер безбедноста бара транспарентност и јасно дефинирана рамка што секој може да ја консултира (Institute of Security and Global Affairs, 2023).

Националниот индекс се развива за сајбер безбедност (NCSI), кој обезбедува процена на сајбер безбедноста и нуди можност да се видат критериумите и изворите врз кои се заснова оценувањето. Така, NCSI е база на податоци со јавно достапни доказни материјали и алатка за градење на националните капацитети за сајбер безбедност. NCSI го мери нивото на сајбер безбедност во земјата, нејзината подготвеност да спречи сајбер закани и подготвеноста да управува со сајбер инциденти, криминал и кризи од големи размери. Визијата на NCSI е да развие сеопфатна алатка за мерење на сајбер безбедноста, која обезбедува точни и ажурирани јавни информации за националната сајбер безбедност. NCSI се фокусира на мерливите аспекти на сајбер безбедноста што ги спроведува централната влада и има цел да идентификува кои празнини во политиките и стратегиите треба да се пополнат за да се подобри сајбер безбедноста во одредена земја. Колку е поголем NCSI, толку повеќе земјата може да се справи со секаква сајбер закана.

# 4.1 NCSI во Република Северна Македонија

NCSI за Република Северна Македонија ги истражува различните аспекти на сајбер безбедноста, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на (E-Governance Academy, North Macedonia, 2023):

- Политики и стратегии за сајбер безбедност: Индексот го проценува постоењето и ефективноста на националните политики, стратегии и рамки поврзани со сајбер безбедноста. Ова вклучува процена за тоа колку добро овие политики се усогласени со меѓународните најдобри практики и стандарди;
- Одговор на сајбер инциденти: NCSI се фокусираше на способноста на земјата да открие, да реагира и ефикасно да ги ублажи сајбер инцидентите. Тој го оцени капацитетот на националните власти за справување со различни видови сајбер закани;
- Правна и регулаторна рамка: Овој аспект од индексот ги процени соодветноста и силата на законите и регулативите за сајбер безбедност во Република Северна Македонија. Ги разгледа правните алатки што се достапни за гонење на сајбер криминалците и заштита на критичната инфраструктура;
- Свесност и едукација за сајбер безбедноста: NCSI ги испита иницијативите и програмите што се во сила за да се подигне свеста за сајбер безбедноста кај јавноста, бизнисите и владините ентитети. Ја истакна важноста од едукација на корисниците за подобрување на нивната „сајбер хигиена“;
- Соработка со јавниот и приватниот сектор: Индексот ги зема предвид нивото на соработка и споделувањето информации помеѓу јавниот и приватниот сектор во справувањето со предизвиците во сајбер безбедноста. Оваа соработка е клучна за формулирање ефективни стратегии за сајбер безбедност;
- Инфраструктура и технологија за сајбер безбедност: NCSI ја процени инфраструктурата за сајбер безбедност во земјата, вклучувајќи ги развојот и распоредувањето напредни технологии за сајбер безбедност.

Увидите добиени од NCSI се инструментални за идентификување на силните страни, слабостите и областите за подобрување на пејзажот на сајбер безбедноста во Република Северна Македонија. Владите, креаторите на политики и релевантните засегнати страни ги искористија овие информации за да донесат информирани одлуки и да преземат насочени активности за зајакнување на отпорноста на земјата против сајбер заканите.

**Илустрација бр. 1:** Рангирање и индекси за сајбер безбедност во РСМ.

| | |
|---|---|
| Национален индекс за сајбер безбедност | **58 место** |
| Глобален индекс за сајбер безбедност | **38 место** |
| Сектор за информатичка и комуникациска технологија | **69 место** |
| Индекс на мрежна подготвеност | **64 место** |




| | |
|---|---|
| Популација | **2.1 Милион** |
| Површина (km$^2$) | **25 илјади** |
| БДП по глава на жител ($) | **16 илјади** |

Извор: Institute of Security and Global Affairs 2023.

Според сликата, може да се воочи дека  Македонија е рангирана на 58-то место според Националниот индекс за сајбер безбедност, дури и тој изнесува 58,44. Според Глобалниот индекс за сајбер безбедност, таа е на 38-то место, а тој изнесува 90. Индекс за развој (IDI): земјата е рангирана на 69-то место во Индексот за развој на ICT. IDI е индекс што го мери нивото на развој на информатичката и комуникациската технологија (ICT) во земјата, вклучувајќи го пристапот до ICT-услугите и нивото на употреба од страна на поединци и бизниси. Земјата е рангирана на 64-то место во Индексот за мрежна подготвеност. NRI ги проценува подготвеноста на земјата да учествува во дигиталната економија и нејзиниот капацитет да ги користи информациските и комуникациските технологии за економски и социјален развој.

# 4.2 Компаративна анализа

Следната компаративна анализа има цел да ги истражи рангирањето и разликите во Националниот индекс за сајбер безбедност (NCSI) и дигитален развој за пет европски земји: Германија, Грција, Франција, Италија и Северна Македонија. NCSI ги мери можностите за сајбер безбедност и подготвеноста на една земја, додека, пак, Индексот за дигитален развој го одразува севкупниот напредок на земјата во усвојувањето и употребата на информатичката и комуникациската технологија (ИКТ). Земјите се избрани да претставуваат низа различни резултати од NCSI и дигиталниот развој, обезбедувајќи вредни увиди за нивната сајбер безбедност и дигитална подготвеност.

**Табела бр. 1:** Рангирање и NCSI на Македонија и одредени европски држави.

| Држава | Ранг | NCSI | Дигитален развој | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| Германија | 5 | 90,91 | 80,01 | 10,90 |
| Грција | 7 | 89,61 | 64,02 | 25,59 |
| Франција | 15 | 84,42 | 77,29 | 7,13 |
| Италија | 23 | 79,22 | 67,26 | 11,96 |
| Македонија | 58 | 58,44 | 55,36 | 3,08 |

Извор: Institute of Security and Global Affairs 2023.

Германија е во првите редови и во однос на NCSI и во однос на дигиталниот развој. Со висок резултат од NCSI од 90,91, тој покажува силни способности за сајбер безбедност. Нејзиниот резултат за дигитален развој од 80,01 ја истакнува нејзината напредна ИКТ-инфраструктура и широко распространето усвојување дигитални технологии. Значајната разлика на Германија од 10,90 ја покажува нејзината посветеност на сајбер безбедноста и ефикасното користење на технологијата за економски и социјален напредок.

Грција е на седмото место во NCSI, а тоа укажува на силни мерки за сајбер безбедност со оцена од 89,61. Сепак, неговиот резултат за дигитален развој од 64,02 го одразува просторот за подобрување во усвојувањето напредни ИКТ-услуги. Суштинската разлика од 25,59 ја нагласува потребата од стратешки инвестиции за да се премости јазот помеѓу подготвеноста за сајбер безбедност и дигиталниот развој.

Франција ја обезбедува петнаесеттата позиција во NCSI со резултат од 84,42, а тоа укажува на пофални напори за сајбер безбедност. Нејзиниот резултат за дигитален развој од 77,29 покажува значителен напредок во прифаќањето на дигиталните технологии. Разликата од 7,13 го означува проактивниот пристап на Франција во интегрирањето на мерките за сајбер безбедност во нејзиниот дигитален пејзаж што се развива.

Италија е рангирана на дваесет и третото место во NCSI, а тоа укажува на значителни подготовки за сајбер безбедност со оцена од 79,22. Нејзиниот резултат за дигитален развој од 67,26 сугерира стабилен напредок во дигиталното усвојување. Разликата од 11,96 ги илустрира тековните напори на Италија да ги подобри и нејзините можности за сајбер безбедност и дигитална инфраструктура.

Македонија е на педесет и осмата позиција во NCSI, покажувајќи релативно пониска подготвеност за сајбер безбедност со оцена од 58,44. Сепак, неговиот резултат за дигитален развој од 55,36 укажува на постојан напредок во усвојувањето на ИКТ. Скромната разлика од 3,08 ја нагласува важноста од понатамошно инвестирање во мерки за сајбер безбедност со цел да се зајакне дигиталниот развој.

# ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Македонскиот сајбер систем игра клучна улога во заштитата на дигиталната инфраструктура и заштитата на националните безбедносни интереси. Статијата истакнува неколку клучни наоди во врска со состојбата на македонскиот сајбер систем. Прво, ја открива сѐ поголемата сложеност и софистицираност на сајбер заканите насочени кон Република Северна Македонија, а тоа бара проактивен и сеопфатен пристап кон сајбер безбедноста. Второ, ја нагласува потребата за засилена координација и соработка меѓу различните засегнати страни, вклучително и владините агенции, субјектите од приватниот сектор и меѓународните партнери. Конечно, статијата ја нагласува важноста од инвестирање во инфраструктура за сајбер безбедност, градење капацитети и програми за подигнување на свеста за зајакнување на севкупната сајбер отпорност на земјата. Македонија мора да му даде приоритет на развојот на сеопфатна и добро дефинирана национална стратегија за сајбер безбедност. Оваа стратегија треба да наведе јасни цели, акциски планови и распределба на ресурси за зајакнување на македонскиот сајбер систем. Со воспоставување стратешки патоказ, земјата може ефективно да се справи со сајбер заканите и да ја заштити својата дигитална инфраструктура. За да се обезбеди ефективно управување со сајбер безбедноста, императив е да се воспостави централизирана власт или агенција одговорна за надзор и координација на напорите за сајбер безбедност низ секторите. Овој ентитет треба да биде овластен да развива и да спроведува политики, стандарди и упатства за сајбер безбедност за промовирање конзистентност и ефикасност во практиките за сајбер безбедност. Со цел проактивно откривање и одговор на сајбер заканите, РСМ треба да се фокусира на зајакнување на своите разузнавачки капацитети. Ова може да се постигне преку партнерства со меѓународни организации за сајбер безбедност, разузнавачки агенции и индустриски лидери. Со пристап до навремено и прецизно разузнавање за закани, земјата може да ја зајакне својата одбрана и да ги поттикне соработката и споделувањето информации. Треба да се спроведуваат редовни евалуации и ревизии за да се идентификуваат ранливостите, празнините и областите за подобрување во македонскиот сајбер систем.



# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Brush K. (2021), What is "cybercrime", достапно на www.techtarget.com; Пристапено на: 7.6.2023;
2. Cvorovic, D. & Filipovic, H. (2021). Execution of Imprisonment Sentenced By Judgment of the. International Criminal Court. Journal of Liberty and International Affairs, 7(2), 154-163. https://doi.org/10.47305/JLIA21720154c;
3. Clough, Jonathan (2014), A World of Difference: The Budapest Convention on Cybercrime and the Challenges of Harmonisation, Monash University Faculty of Law Legal Studies Research Paper No. 2015/06;
4. Chik B. Waren (2011), "Challenges to Criminal Law Making in the New Global Information Society";
5. Drakulicet al, (2009) "Cyber kriminal", Fakultet organizacionih nauka, Beograd;
6. Jahankhani et al (2014). Cybercrime classification and characteristics. In Cyber Crime and Cyber Terrorism Investigator's Handbook;
7. Michael A. Vatis (2010)Proceedings of a Workshop on Deterring Cyberattacks: Informing Strategies and Developing Options for U.S. Policy, Chapter:The Council of Europe Convention on Cybercrime;
8. National Cyber Security Index, дпстапно на www.eucyberdirect.eu; Пристапено на: 3.8.2023;
9. Поповска, В. (2019), Правни аспекти на сајбер безбедноста, Меѓународен универзитет Визион – Гостивар, Р. Македонија;
10. Rashkovski et al. (2015), Cybercrime Tendencies and Legislation in the Republic of Macedonia, Iustinianus Primus Law Faculty, Ss. Cyril and Methodius University Skopje, Macedonia;
11. Zvrlevski et al. (2014), Прирачник за компјутерски криминал, Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје.

# ПРАВАТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ПРИ ОНЛАЈН ПРОДАЖБАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје
Зорана Трајковска

# Резиме

И покрај тоа што првите онлајн продавници во светот се појавиле уште со почетоците на интернетот, неспорен е фактот дека многумина од македонските граѓани и до ден-денес на некој начин стравуваат од ваквиот начин на виртуелно пазарување.

Овој скептицизам и страв воопшто не зачудува, имајќи го предвид фактот дека станува збор за специфичен начин на пазарување при кој физички не можеме да го видиме и соодветно да го процениме производот што го купуваме. Оттука, многу е лесно да се доведеме во заблуда и да купиме производ што не е безбеден, производ што не ги исполнува основните услови за квалитет или производ што едноставно не одговара на нашите потреби.

Имајќи го предвид фактот дека технологијата се развива со огромна брзина, неспорно се придонесе за тоа овој начин на пазарување да стане еден од доминантните начини на пазарување на денешницата, а ваквиот начин на пазарување се очекува да следи пораст и во иднина.

Оттука, целта на овој труд е да се утврди кои се проблемите и бариерите со кои се соочуваат македонските граѓани при пазарувањето онлајн, каква е законската регулатива што ги штити потрошувачите при ваков начин на пазарување и дали се потребни нејзини дополнителни измени со цел унапредување на правата на потрошувачите.

**Клучни зборови:** онлајн продажба, интернет, потрошувачи, Република Северна Македонија, производи и услуги.

# Вовед

Податоците покажуваат дека во изминатите години онлајн продажбата во Република Северна Македонија е во постојан пораст. Имено, согласно податоците објавени од НБРСМ во 2021 година, 30,5 % од населението кај нас купувало онлајн, додека, пак, во 2017 година овој процент изнесувал 16,9 %. Понатаму, согласно најновите објавени податоци за безготовински платежни трансакции на виртуелните места за продажба во 2022 година, вредноста на вкупните трансакции направени кон интернет-продавниците од Македонци дома и во странство, како и од иматели на странски картички изнесува 33.836,8 милиони денари или 550,2 милиони евра, односно бележи пораст од 25 % во однос на 2021 година, што истовремено претставува и рекордна сума за македонските граѓани (НБРСМ, 2022).

Сепак, овој процент сè уште е низок споредбено со земјите од Соединетите Американски Држави и со земјите од Централна Европа. Имено, статистиките покажуваат дека во 2021 година во САД повеќе од 40 % од населението пазарувало онлајн еднаш или двапати неделно (Chevalier 2022), а довербата во онлајн продажбата особено е изразена во Скандинавските држави, каде што податоците покажуваат дека голем процент од населението пазарува онлајн. Согласно објавените податоци, во 2022 година дури 92 % од населението во Норвешка пазарувало онлајн, а слична е состојбата и со остатокот од Скандинавските држави. Имено, во 2022 година, 88 % од населението во Данска и 86 % од населението во Шведска пазарувало онлајн (Yltävä 2023).

Јасно е дека овој релативно нов начин на пазарување производи и услуги преку интернет нуди голема предност и им овозможува на потрошувачите во кое било време и од кое било место да избираат и да купуваат производи, надминувајќи ги притоа географските и физичките бариери. Овој начин на пазарување, кој практично овозможува 24-часовна продажба, нуди лесна достапност. Имено, доколку пазарувате онлајн, лесно може да пребарувате по филтри, по збор, по шифра или, пак, по продажна цена, со што се олеснува пазарувањето и се заштедува време, односно пазарувањето се одвива со само неколку „клика“.

Ваквиот начин на пазарување несомнено донесе голем број придобивки, не само за потрошувачите на кои им се нудат едноставност, брзина, удобност, глобален избор и достапност, туку придонесе и за развојот на голем број нови, мали бизниси, кои единствено ги нудат своите производи и услуги преку онлајн продажба, користејќи ги притоа предностите на минималните трошоци за започнување и работење свој бизнис.

Сепак, не може, а да не се забележи дека овој начин на пазарување преку интернет отвори безброј прашања во однос на опсегот на заштита на правата на потрошувачите.

Секојдневно сме сведоци на злоупотреба на личните податоци, злоупотреба на банкарските картички и слични измами што настанале преку онлајн продажба. Имено, согласно податоците на Министерството за внатрешни работи (МВР), во 2022 година биле поднесени вкупно 27 пријави за измами при нарачување производи од интернет, а полицијата поднела и девет кривични пријави за „измама“ (МВР, 2022).

Во април оваа година низ македонскиот сајбер простор актуелна беше измамата со купување **кујнски електричен уред од брендот „Philips“ за 2 евра, чија реална вредност на пазарот изнесува од 10 000 до 25 000 денари.** Според неофицијални информации на корисниците што ги споделиле своите податоци од платежната картичка, украдени им биле околу **100 евра.**

Онлајн продажбата отвори прашања што особено се однесуваат на безбедноста при плаќањата и електронските трансакции на потрошувачите, информираноста на потрошувачите за своите права и за начините на кои потрошувачите треба да се справат со честото лажно, измамничко и грешно рекламирање на интернет, заштитата на личните податоци на потрошувачите и сл. Често се поставува и прашањето на кој начин потрошувачите што купуваат производи без фискални сметки и без доказ за извршена трансакција од нелегални („диви“) веб-страници или, пак, од социјални мрежи (Фејсбук, Инстаграм и др.) со нерегистрирани фирми (каде што не е дадена можност за плаќање преку трансакција) може да ги заштитат своите права?

Оваа статија ќе направи обид да даде одговор на дел од поставените прашања преку метод на анализа на правната регулатива за заштита на потрошувачките права во нашата држава.

Во овој осврт, во две тематски целини, накратко ќе се дефинираат правата на потрошувачите кога тие пазаруваат онлајн во Република Северна Македонија, осврнувајќи се на новиот Закон за заштита на потрошувачите, со посебен акцент на новите измени, кои навлегуваат во сферата на онлајн продажбата.

Понатаму, во втората тематска целина ќе се дефинираат механизмите за заштита на потрошувачите при онлајн продажба во РСМ, сè со цел на крајот да се извлече конечен заклучок со препораки за подобрување на заштитата на правата на потрошувачите при онлајн продажба во РСМ.

# 1. ПРАВАТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ И Е-ТРГОВИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ПРАВНА РАМКА

## 1.1. ЕЛЕКТРОНСКА ТРГОВИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Е-трговијата претставува купување стоки и услуги преку интернет во замена за пари, а првенствено се спроведува преку компјутер или мобилен телефон. Е-трговијата во Република Северна Македонија (во понатамошниот текст РСМ) е регулирана со Законот за електронска трговија.

Со овој закон се уредуваат услугите на информатичкото општество поврзани со електронската трговија, одговорностите на давателите на услуги на информатичко општество, комерцијалната комуникација и правилата во врска со склучувањето на договорите во електронски облик.

Законот за електронска трговија не е единствениот закон со кој се регулира електронската трговија во РСМ. Други релевантни прописи за електронска трговија што го дополнуваат Законот за електронска трговија се: Законот за податоци во електронска форма и електронски потпис, Законот за електронски телекомуникации, Законот за трговија, Законот за заштита на потрошувачите, Законот за платен промет и Кривичниот законик.

Најголем напредок во регулирањето на правата и обврските на трговците и потрошувачите е направен со донесувањето на Законот за заштита на потрошувачите (во понатамошниот текст ЗЗП).

## 1.2. ПРАВНАТА РЕГУЛАЦИЈА И ПОТРЕБАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НОВ ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во РСМ, правата на потрошувачите при онлајн продажба, пред сè, се регулирани со ЗЗП. Со ЗЗП се уредуваат односите помеѓу потрошувачите и трговците, како и условите и начинот на заштита на потрошувачите при снабдувањето со производи и услуги, информирањето и унапредувањето на правата на потрошувачите, обврските за квалитет, безбедност и сл.

За сè што не е регулирано со ЗЗП, соодветно се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи во кој се регулирани односите што настануваат при прометот на стоки и услуги помеѓу договорните страни. Што се однесува до постапката за инспекциски надзор, се применуваат одредбите од Законот за инспекциски надзор.

Исто така, во РСМ соодветно и непосредно се применуваат и одредбите од меѓународните спогодби и договори за заштита на потрошувачите што ги ратификувала РСМ во случаи кога им се дава поголема заштита на потрошувачите.

Она што треба да се потенцира е дека како резултат на анализата на пазарот, која беше спроведена во РСМ во изминатите години, неминовно се наметна потребата од поголема заштита на интересите на економски послабите учесници, ранливите категории граѓани во деловните трансакции на пазарот, односно потребата од унапредување на правата на потрошувачите, начините и постапките за нивна заштита, правата и обврските на здруженијата и сојузите, како и правата и обврските на надлежните органи.

Имајќи го предвид фактот дека онлајн продажбата стана еден од доминантните начини на пазарување, особено се наметна потребата од унапредување на правата на потрошувачите при ваквиот начин на продажба. Во услови во кои кога поради недоволната контрола во оваа сфера и недоволната едуцираност на потрошувачите сѐ повеќе се набавуваат производи и услуги од лица што не се регистрирани за вршење таква дејност или од физички лица што нудат производи и услуги преку социјалните мрежи (Инстаграм, Фејсбук, веб-страници за огласување итн.), во пораст е пласманот на небезбедни производи, како и повредата на правата на потрошувачите.

Согласно податоците објавени на официјалната страница на НБРСМ, во 2022 година, споредбено со 2021 година, се бележи раст од 25 % во однос на вкупно реализираните онлајн трансакции направени кон интернет-продавниците од македонските граѓани дома и во странство.

Порастот на вредноста на направените онлајн трансакции ја зголеми и просечната вредност по трансакција во 2022 година, која е за 10,2 % повисока во споредба со 2021 година.

Домашната понуда во е-трговијата и натаму продолжува да расте, односно бројот на новоотворени онлајн продавници бележи раст од 14 % во 2022 година (НБРСМ, 2022).

Паралелно со растот на онлајн продажбата на македонските граѓани, се множат и измамите при купувањето на виртуелните продажни места на интернет. Незадоволството на граѓаните од онлајн измами многу често се шири преку објави на социјалните мрежи, но и се пријавува во Организацијата на потрошувачи на Македонија и во Министерството за внатрешни работи.

Со оглед на горенаведеното, а, пред сѐ, водејќи се од потребата за креирање една модерна законска рамка што ќе ја следи и ќе се усогласи со европската регулатива, имајќи го предвид фактот дека нашата држава е земја кандидат за влез во ЕУ, се донесе нов Закон за заштита на потрошувачите, со чие влегување во сила престана да важи Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Македонија“ број 38/2004, 77/2007,103/2008, 24/11, 164/13, 97/15, 152/15 и 140/18).

# 1.3 ПРАВАТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПРИ ОНЛАЈН ПРОДАЖБА НИЗ ПРИЗМАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ПОТРОШУВАЧИТЕ

Новина во овој Закон е ставањето акцент на нечесните, измамнички и агресивни трговски практики при продажба на стоките и услугите, вклучувајќи ги тука и сѐ பораспространетите нечесни и измамнички трговски практики при онлајн продажбата.

Како пример за трговски практики што секогаш се сметаат за нечесни, односно за измамнички трговски практики, а со кои се среќаваат потрошувачите при онлајн продажбата, би можеле да ги издвоиме:

- огласувањето со намамување;[8]
- лажните изјави дека стоката ќе биде достапна само ограничен временски период, со цел да се изнуди непосредна одлука и потрошувачот да се лиши од можноста за да може да донесе информирана одлука;
- промоцијата на производи и услуги што се слични со производите и услугите изработени од друг производител, на начин на кој потрошувачот намерно се доведува во заблуда дека производот и услугите се изработени од истиот производител, иако ова не е случај;
- промоцијата на производи со кои се тврди дека производот ја олеснува добивката при игри на среќа, дека производот лекува болести и сл., иако ова не е случај;
- поставувањето лажни прегледи, оцени и препораки на потрошувачите на социјалните мрежи со цел промовирање на стоките и услугите;
- давањето неточни информации за достапноста на стоката со намера потрошувачот да се доведе во заблуда и да го набави производот или услугата под услови што се понеповолни од вообичаените пазарни услови.

Што се однесува до правата на потрошувачите што се повредени со користење вакви нечесни и измамнички трговски практики согласно ЗЗП, потрошувачите имаат право на надоместок за штетата што ја претрпеле, имаат право на сразмерно намалување на цената и раскинување на договорот (Закон за заштита на потрошувачите, член 78).

Со новиот ЗЗП за првпат се регулираат ***дигиталната содржина***[9] и ***дигиталната услуга***[10], така што потрошувачите се заштитени кога користат услуги базирани врз ***„cloud“***[11] или купуваат дигитални стоки и услуги што може да се преземаат или да се проследуваат (како што се игри, филмови, музика), како и правата на потрошувачите при неснабдување или несообразност со дигитална содржина и дигитални услуги.

8 За огласување со намамување согласно законот се смета кога трговецот прави повик за купување призводи за одредена цена без обелоденување на постоењето која било разумна основа што трговецот може да ја има, за тоа дека нема да биде во можност да ги понуди за снабдување или да ги набави од друг трговец за снабдување предметните производи или други соодветни производи по оваа цена, а за временски период и во количество што се разумни, имајќи ги предвид самите стоки, обемот на огласување на стоките и понудената цена.

9 Дигитална содржина се податоците што се произведени и испорачани во дигитален облик.

10 Дигитална услуга е услуга што му овозможува на потрошувачот да креира, да обработува, да складира или да пристапува до податоци во дигитална форма или услуга што овозможува споделување или каква било друга интеракција со податоци во дигитална форма, поставени или креирани од потрошувачот или од други корисници на таа услуга.

11 „Cloud“ е термин што се користи за опишување глобална мрежа на сервери, секој со уникатна функција. Тоа е огромна мрежа од оддалечени сервери низ целиот свет што се поврзани заедно и треба да функционираат како единствен систем.

Имено, согласно Законот, во случај на неснабдување со дигиталната содржина или дигиталната услуга, потрошувачот има право да бара од трговецот да го снабди со дигиталната содржина или дигиталната услуга. Доколку и по барањето, односно по истекувањето на дополнителниот рок, трговецот не го снабди потрошувачот, потрошувачот има право да го раскине договорот (Закон за заштита на потрошувачите, член 160).

Во случај на несообразност на дигиталната содржина или дигиталната услуга со договорот, потрошувачот има право: да бара отстранување на несообразноста, да бара сразмерно намалување на цената или да го раскине договорот.

Понатаму, доколку направиме анализа на ЗЗП, може да воочиме дека, пред сѐ, како едно од основните права на потрошувачите, како во РСМ, така и во останатите држави од регионот, е правото на информираност на потрошувачите.

Под право на информираност се подразбира дека потрошувачите имаат право да бидат информирани за главните карактеристики на производот или услугата, името (фирмата на трговецот), седиштето на фирмата, телефонскиот број и електронската адреса на трговецот. Понатаму, потрошувачите имаат право, на јасен и недвосмислен начин, да бидат информирани за цената на производот или услугата, за начинот на доставување, трошоците што се однесуваат на транспортот, испораката, за рокот во кој трговецот е должен да ја испорача услуга или производот, за правото да ја отповикаат нарачката, за правото да го вратат или да го заменат производот од кој се незадоволни и кој не ги исполнува основните услови за квалитет и безбедност.

Како и при секоја друга продажба, така и при онлајн продажбата, потрошувачите имаат право на информираност. Особено во едни такви услови во кои договорот се склучува преку користење интернет, односно на далечина, за да направат правилен избор при купувањето, од големо значење е потрошувачите да бидат навреме и правилно информирани за карактеристиките на производот и услугите, но и за своите права. Ваквата практика неспорно води кон поголема доверба во ваквиот начин на пазарување.

Со новиот закон подробно е пропишана и содржината на обврската за преддоговорно информирање за договори склучени во онлајн продажниот простор, а како посебни потрошувачки договори се предвидени и договорите на далечина и договорите склучени вон деловните простории на трговецот.

Имено, согласно Законот, за да стане потрошувачот обврзан со кој било договор на далечина, давателот на онлајн продажниот простор е должен на јасен и разбирлив начин, соодветен на средството за комуникација на далечина, да му ги даде на потрошувачот следниве информации: општи информации, дали лицето што нуди производи, услуги или дигитална содржина е или не е трговец, во случаи кога не е трговец, информација дека правата на потрошувачите што произлегуваат од прописите за заштита на потрошувачите не се применуваат на договорот, кои се обврските од договорот на третото лице што нуди стоки, услуги или дигитална содржина и кои се обврските на давателот на онлајн продажен простор (Закон за заштита на потрошувачите, член 121).

# 2. МЕХАНИЗМИ ЗА ЗАШТИТА ПРИ ОНЛАЈН ПРОДАЖБА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Регулативата во Република Северна Македонија нуди одредени механизми за институционална заштита од измамите и незадоволството од онлајн продажбата.

Организацијата на потрошувачи на Македонија е невладина и непрофитна организација што е посветена на заштита и унапредување на правата на потрошувачите во РСМ. Нејзината примарна цел е да се залага за унапредување и подигнување на свеста за правата на потрошувачите.

Организацијата за правата на потрошувачите на Македонија врши низа активности за исполнување на своите цели, спроведува кампањи, семинари, работилници и едукативни програми за подобрување на свеста и знаењето на потрошувачите за нивните права, спроведува истражувања и пазарни студии со цел да ги процени трендовите на потрошувачите, ги проценува потенцијалните ризици, им обезбедува поддршка на потрошувачите што наидуваат на проблем, ги насочува, им помага да поднесат жалби до соодветните органи, има отворено бесплатна телефонска линија за помош на потрошувачите каде што тие може да пријават поплаки или да побараат совет. Организацијата соработува со Владата и со другите засегнати институции, како и со други организации на потрошувачи на домашно и на меѓународно ниво, сѐ со цел размена на искуства и поттикнување на развојот на законите и регулативите за заштита на потрошувачите во РСМ.

Понатаму, Државниот пазарен инспекторат, како орган во составот на министерството надлежно за работите од областа на економијата, врши инспекциски надзор над примената на законите и прописите донесени врз основа на закон во работењето на трговските друштва, примената на прописи од областа на забраната и спречувањето вршење нерегистрирана дејност, како и изрекување инспекциски мерки со цел отстранување на утврдените неправилности. Па така, доколку граѓаните се измамени или незадоволни од непрехранбени производи купени онлајн или од цените и начинот на истакнување на цените, тоа треба да го пријават во Државниот пазарен инспекторат.

Кога станува збор за измама со прехранбени производи, граѓаните на РСМ измамата може да ја пријават во Агенцијата за храна и ветеринарство, која е единствен надлежен орган за контрола на безбедноста на храната.

Во случај кога станува збор за измама направена при купување козметички производи, граѓаните на РСМ може да ја пријават во Државниот санитарен и здравствен инспекторат, кој врши контрола на промет на предмети за општа употреба, детски играчки, козметички производи и други активности за нега и за разубавување. Државниот санитарен и здравствен инспекторат (ДСЗИ) функционира како орган во составот на Министерството за здравство на РСМ.

Надлежен орган за постапување при секоја злоупотреба на банкарските картички или слични измами е Секторот за компјутерски криминал при МВР. Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика е оддел во Министерството за внатрешни работи што се занимава со прашања од компјутерскиот криминал и дигиталната безбедност. Секторот за компјутерски криминал се

фокусира на истражување и борба против криминалот поврзан со компјутери, мрежи и интернет, вклучувајќи тука прекршоци, како што се онлајн измама, хакирање, кражба на идентитет, сајбер вознемирување и други форми на сајбер криминал.

Кога станува збор за злоупотреба на личните податоци на граѓаните, граѓаните може злоупотребата да ја пријават во Агенцијата за заштита на личните податоци. Агенцијата е самостоен и независен државен орган, надлежен да врши надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци на територијата на РСМ.

# ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Доколку ја погледнеме правната регулатива во РСМ, може да воочиме дека РСМ има сеопфатна правна рамка што ги заштитува правата на потрошувачите. Со влегувањето во сила на новиот ЗЗП се утврдија основните права на потрошувачите, вклучувајќи го и правото на безбедност, информации, фер трговски практики и надоместок на штета, со што може да се извлече заклучок дека, од една страна, правно се обезбеди високо ниво на заштита на потрошувачите, а истовремено се унапредија и условите за деловно работење.

Сепак, анализите покажуваат дека и натаму голем процент од потрошувачите во РСМ се соочуваат со проблем во остварувањето на своите права, особено при онлајн продажбата што се одвива преку нелегални веб-страници.

При пазарувањето онлајн од нелегалните веб-страници, голем дел од потрошувачите навеле дека производот им бил испорачан надвор од предвидениот рок, дека немале начин да го вратат производот и да си ги вратат платените пари, дека нарачаниот производ не бил со соодветен квалитет, воопшто не им бил доставен или, пак, не одговарал со нарачаниот (различен модел, боја, големина и сл.).

Согласно податоците објавени од страна на Организацијата на потрошувачите на Македонија (ОПМ) во 2021 и во 2022 година, организацијата има добиено над 420 поплаки од потрошувачи во делот на онлајн пазарувањето (ОПМ, 2022).

Бидејќи кај нас не се конкретно регулирани овие нелегални продажби на социјалните мрежи, за разлика од легалните онлајн продажби, произлегува дека нема правен механизам со кој некои лица би се спречиле да прават профили на социјалните мрежи и да продаваат производи.

Државниот пазарен инспекторат нема статистика за онлајн измамите направени преку нелегални веб-страници, ниту, пак, за изречените казни за овие прекршочни дела, односно ДПИ може да постапи само ако пријавата е поднесена за трговец што е регистриран и издава фискална сметка, бидејќи фискалната сметка служи како доказ при постапувањето на Инспекторатот.

Оттука, произлегува дека потрошувачите се тие што треба да направат дистинкција помеѓу легалната и нелегалната продажба на интернет. Пожелно е при пазарувањето онлајн, потрошувачите да ги читаат рецензиите за оцена што други купувачи ги оставаат за самата е-продавница, да проверат дали се јавно достапни податоците за правниот назив на компанијата и контакт-податоците за нив. Исто така, се препорачува потрошувачите да се информираат и за условите за користење на веб-страницата, политиките за приватност и политиките за враќање производи.

Во 2021 година, во РСМ се воведе и Регистарот на е-трговци преку кој лесно може да се провери дали компанијата од каде што се пазарува на интернет е регистрирано правно лице и нуди е-плаќање. Регистарот е „библиотека“ на трговци што продаваат онлајн во Македонија. Регистрираните е-трговци

може да постават беџ во своите продавници, кој покажува дека ги исполнуваат сите законски барања за онлајн наплата. Беџот на купувачите многу едноставно им покажува кои од продавниците се регистрирани субјекти, а кои можеби се дел од сивата економија.

Понатаму, во 2018 година, Народната банка направи и измени во подзаконската регулатива во делот на стандардите за информативна сигурност. Со регулативата се воведени барања за засилена автентикација на клиентите при пристап до платежната сметка и иницирање на платежните трансакции, механизми за спречување, откривање и дополнителна проверка на потенцијална измама и воспоставување лимити на електронските платежни трансакции.

Како најчести недостатоци при онлајн продажбата во РСМ што придонесуваат за отежнување при остварување на правата се наведуваат: недостигот на дигитална писменост, сивата економија, ниското ниво на свесност за онлајн купување, генералната недоверба во онлајн купувањето, вклучувајќи ја тука и малата куповна моќ на граѓаните.

РСМ се вбројува во државите што немаат целосен пристап до најсовремените технологии за плаќање, односно до мобилната трговија. Некои од големите платформи, како што се Amazon и e-Bay, ги забранија или ги ограничија купувањата со потекло од РСМ.

Оттука, произлегува дека онлајн продажбата во РСМ и натаму е пред многубројни предизвици и бариери, а со цел унапредување на онлајн продажбата во РСМ, потребно е и понатамошно следење на светските трендови и придобивки, институциите треба да ја зголемат едукацијата и капацитетите за електронска трговија преку разни промотивни кампањи, едукативни настани, семинари и слични настани наменети како за потрошувачите, така и за бизнис-заедницата.

Анализата покажува дека и покрај добро поставената правна рамка за регулирање на електронската трговија и нејзината усогласеност со меѓународните стандарди во практиката, недостасува ефективна контрола над спроведувањето на законските одредби, а со самото тоа и подобра заштита на потрошувачите. Потребно е институциите во РСМ да го зголемат надзорот над спроведувањето на Законот за електронска трговија и Законот за заштита на потрошувачите. Исто така, со оглед на фактот дека не постои правен механизам за заштита на потрошувачите при измама направена со пазарување од нелегални веб-страници, МВР треба координирано, во содејство со ДПИ, Агенцијата за заштита на личните податоци и останатите надлежни органи, да постапува по пријавите на граѓаните со цел брзо расчистување на ваквите кривични дела и зголемување на довербата при онлајн продажба во РСМ.



# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Бардова С., Серафимова М., Митева Н. (2022) „Правна регулација и општ преглед на е-трговијата во Република Северна Македонија“, Vol. 6 No. 1 (2023): 6th International Scientific Conference "Challenges of Tourism and Business Logistics in the 21st Century" - (ISCTBL); Достапно на: https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFNTS/article/view/5768; Пристапено на: 28.06.2023;

2. Chevalier S. (2022) Frequency of online purchase in the United States as of January 2021; Достапно на: https://www.statista.com/statistics/; Пристапено на: 01.08.2023;

3. Gorgieva D., Stoileva Z., Gjorgjioska, (2023), E., THE E-COMMERCE IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA; Достапно на: https://www.researchgate.net; Пристапено на: 28.06.2023;

4. Граѓаните с повеќе ги користат платежните картички и електронското банкарство (2020) Народна банка на Република Северна Македонија; Достапно на: https://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-soopstenie-08062020.nspx; Пристапено на: 28.06.2023;

5. North Macedonia E-commerce Market Size & Share Analysis - Growth Trends & Forecasts (2023); Достапно на: https://www.mordorintelligence.com/industry-reports/north-macedonia-ecommerce-market; Пристапено на: 28.06.2023;

6. Петрушевска Л., Петреска Т., Живиќ З., Лончар М. (2022) Прирачник со совети за потрошувачите при онлајн купување на храна, Организација на потрошувачите на Македонија, Скопје;

7. Преглед на е-трговијата во Република Северна Македонија и споредба со регионот и европските земји (2021) Асоцијација на Е-трговија на Македонија, Скопје;

8. Правата на потрошувачите кои произлегуваат од специфичните договори, Организација на потрошувачи на Македонија, Достапно на: https://opm.org.mk/wp-content/uploads/2010/12/specificni%20dogovori.pdf; Пристапено на: 28.06.2023;

9. Ready, Set, Grow, Adapt, Ecommerce Conference Brochure, (2021); Достапно на: https://issuu.com/ecommerce2/docs/ecommerceconference-broshure2021; Пристапено на: 01.08.2023;

10. Расте онлајн трговијата во Македонија, отворени нови 110 продавници за 6 месеци (2022), Капитал; Достапно на: https://kapital.mk/; Пристапено на: 28.06.2023;

11. Спасовска М. (2020) Пандемијата го забрза дигитализирањето на бизнисите; Достапно на: https://www.slobodnaevropa.mk; Пристапено на: 28.06.2023;

12. Во 2022 година кон домашните е-трговци се слеале 394 милиони евра (2023), Капитал; Достапно на: https://kapital.mk/; Пристапено на: 28.06.2023;

13. Yltävä L., Share of consumers who purchased goods online in the Nordics in 2022, by country (2022); Достапно на: https://www.statista.com/statistics/317404/nordics-online-shopping-reach/; Пристапено на: 28.06.2023;

14. Закон за заштита на потрошувачите „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 236/2022;

15. Закон за електронска трговија „Службен весник на Република Македонија“ бр. 133/07.

# ДИГИТАЛНАТА ДЕМОКРАТИЈА И НЕЈЗИНИТЕ ПОЗИТИВНИ ПРАКТИКИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје
Иван Дургутов

# Резиме

Дигиталната демократија за свој „модус операнди“ ја има употребата на дигиталните технологии за поддршка и унапредување на демократските процеси, а меѓу нив и граѓанското учество во процесот на донесување одлуки, комуникацијата помеѓу избирачите и избраните претставници, подобрата и поголема информираност на граѓаните и промоцијата на транспарентноста, одговорноста и доброто управување.

Добробитта од дигиталниот вид на демократија е повеќекратна. Започнувајќи од електронското гласање на избори и референдуми, онлајн „митинзите“, средбите и кампањите, дигиталните платформи за граѓанско вклучување, но и употребата на добро распространетите социјални мрежи за јавен дискурс. Потенцијалните придобивки од дигиталната демократија се присутни и значајни, а секоја новина, нужно, со себе носи и отворени дилеми и предизвици. Тоа се и прашањата за заштитата на слободата на говор, приватноста и личните податоци, но и зголемениот бран на мисинформации, дезинформации, лажни вести, говор на омраза и други облици на штетна содржина. Дигиталната демократија отвора простор и за зголемување на постојните нееднаквости во поглед на претпочитање на оние што имаат пристап до дигиталните технологии и соодветни вештини за нивна употреба, но таа истовремено поттикнува и можност за унапредување на децентрализацијата. Правејќи ја помалку важна физичката локација каде што се одржува нештото, дигиталната демократија нуди можност за адресирање на предизвикот наречен исклученост и маргинализација преку географска припадност.

Во трудот се тематизираат моделите на дигитална демократија преку анализа на конкретни дигитални демократски примери од Северна Македонија, улогата на државните институции во промовирањето на демократијата преку дигитализацијата и обратно, но и предизвиците, ризиците, бавноста на образовните системи, па и правото во споредба со брзината на развојот на технологијата.

**Клучни зборови:** демократија, дигитална демократија, дигитализација, граѓани, технологија, писменост.

# Вовед

Развојот на информатичките и комуникациските технологии и особено ширењето на интернетот како глобална комуникациска мрежа ја зголемија мобилноста на економските активности, а истовремено ја подобрија и способноста на поединците да поседуваат информации, да комуницираат и да одржуваат врски, создавајќи можност индивидуата на попристапен начин да се вклучи во општествените текови.

Секојдневните случувања денес се незамисливи без т.н. паметни телефони, без многубројните мобилни апликации, но и без чувството за отсеченост во ситуација на отсуство на интернет-мрежа. Фактот дека човештвото се соочува со таква брза динамика на развојот на технологијата го отвора прашањето околу грижата за иднината. Каква е позицијата на демократските системи исправени пред овие нови факти – се поставуваат многу прашања. Зборуваме за дигитална демократија. Можна ли е таа со старите институции? Дали треба или мора физички да излеземе на гласање за да гласаме? Дали сè уште се потребни традиционалните политички партии и интересни групи за остварување на политичката и друга моќ? Како технолошките гиганти влијаат врз човековата политичка волја?

Како држава, Северна Македонија повеќе од 30 години е во транзиција. Транзитира од еднопартиски во повеќепартиски систем, од државна во приватна сопственост, од планска во пазарна економија, од сојузна држава во самостојна држава. Но, денес веќе зборуваме и за транзитирање од индустриско во информатичко општество, па дури и говориме за постинформатичко општество, овозможувајќи сериозно навлегување на технологиите во секоја пора на нашето живеење. Нивната зголемена употреба отвори многубројни нови хоризонти, меѓу другото, воведе и многу „е-именки". Па така, го воведе и поимот „е-влада". Карактеристиките како што се управување, отчетност, транспарентност и ефикасност што ги зближуваат јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор сега се пресретнуваат во една нова заедничка точка – во електронска средина преку е-влада.

Дигитализацијата веќе не се доживува како право на избор на кој било систем и држава што сакаат да се именуваат како современи и модерни. Прашањето не е дали, туку кога и како ќе се вметнат дигиталните алатки во демократските системи. Како, истовремено, правото како норма да се осигури дека ќе успее да обезбеди ситуација во која владеењето и управувањето на граѓаните како демократски суверени преку технологиите ќе надвладее над она спротивното, владеење на технологиите преку граѓаните.

Преку анализа на предностите на дигиталната демократија низ конкретни постојни примери на нејзино функционирање во македонското општество, трудот ќе има обид да даде одговор за моменталниот статус и нивото на дигитална демократија. Истовремено, преку направеното теоретско истражување и читање релевантна домашна и странска литература и примена на споредбениот метод, трудот ќе биде заокружен со придобивките од технологијата што ги надминуваат нејзините негативни карактеристики и со конкретни препораки за подобра примена на дигиталната демократија.

# ДЕФИНИРАЊЕ НА ДИГИТАЛНАТА ДЕМОКРАТИЈА И ПРЕГЛЕД НИЗ МАКЕДОНСКИОТ КОНТЕКСТ – ДИГИТАЛНО ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО ПРЕКУ ПРИМЕРОТ НА „мЗаедница“

Во политиколошките анализи се среќаваат повеќе термини што говорат за обемот на дигиталната демократија. Дел од нив се електронска демократија, теледемократија, демократија на дигиталната доба, кибердемократија, онлајн демократија. За рамка на дигиталната демократија ја сметаат мрежата, односно вмрежениот свет. Дигиталната демократија тие ја дефинираат и како виртуелна форма што влијае врз политичките процеси, а истовремено се смета и како електронска форма на управување и артикулирање на различните интереси.[12]

Социологот и комуниколог Мануел Кастелс е најмаркантното име според неговата влијателна работа во поглед на анализирањето на улогата на информатичките технологии и комуникациските мрежи во обликувањето на општеството и политиката, специфично. Тој дигиталната демократија ја дефинира како форма на демократија што ги користи дигиталните комуникациски технологии за овозможување поголема граѓанска вклученост и учество во политичкиот процес (Кастелс 2012). Тоа вклучува употреба на интернетот, социјалните мрежи и другите дигитални платформи што дозволуваат споделување информации, колективно донесување одлуки и граѓански водени иницијативи, со цел зајакнување на демократските практики, транспарентноста и одговорноста и отчетноста при управувањето.[13]

Околу светските автори што истражувале и работеле на темата за дигиталната демократија, некои од нив имаат и прилично критички осврт околу неа. Меѓу нив е и Метју Хиндман, кој зборувајќи за митот на дигиталната демократија, безмалку, го оспорува широко распространетото верување дека интернетот ќе доведе до зголемено учество на граѓаните и ќе придонесе за поинформирани гласачки тела и зајакнати демократски процеси (Хиндман 2009). Зборувајќи за тоа дали дигиталната ера ќе донесе, самата по себе, подемократско општество каде што сечиј глас би бил слушнат и каде што политичката моќ ќе биде порамноправно дистрибуирана, тој зборува за т.н. „празнина на учество“ каде што онлајн политичкото учество значајно се разликува во поглед на демографската структура и одредени гласови се сепак послушнати од останатите[14].

Преминувајќи кон националниот контекст, за издвојување е дека широкопојасниот интернет во Северна Македонија веќе не претставува луксуз. Како основен предуслов и точка на врзување на граѓаните како избирачи и даночни обврзници, од една страна, и носителите на судската, извршната и законодавната власт, од друга страна, за интернетот и за неговата огромна поврзувачка моќ е непотребно да се говори. Ако пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД-19 имаше мал милиони негативни нешта, кои буквално нè изместија од шините и нè растресоа вон комфорната зона, таа имаше и неколку позитивни црти. Нема ни грам сомнеж дека едно од тие позитивни сознанија е можноста за комуникација и вршење на работните обврски во еден виртуелен свет, без физичко присуство и со многу помала логистика, па и ресурси.

12 Институт за комуникациски студии, „Зајакнување на професионалните стандарди или ерозија на слободниот говор: Регулација на онлајн медиумите во Македонија“; Достапно на: https://iks.edu.mk/attach/Regulacija-na-onlajn-mediumi.pdf; Пристапено на: 26.06.2023.

13 Castells, M. (2012) “Networks of Outrage and Hope: Social Movements in the Internet Age“, Polity Press.

14 Hindman, M. (2009) “The Myth of Digital Democracy”, Princeton University Press.

Како куриозитет, во однос на обезбедувачите на услугата интернет и нивната бројност, не може да се пофалиме со нивна многубројност. Ова е релевантно особено според една од најинтригантните одлуки[15] донесена во 2015 година од надлежното тело – Комисијата за заштита на конкуренцијата, по што два од трите телекомуникациски оператори се споија, намалувајќи го бројот на обезбедувачи на оваа услуга од три на два.

Како добропознат и светол пример на дигитална демократија и зголемено граѓанско учество преку дигитални алатки на македонското поднебје е проектот насловен „мЗаедница“.[16] Оваа дигитална платформа, која содржи мобилна и веб-апликација, на граѓаните им овозможува уште подиректна и непосредна комуникација со локалната власт. Имајќи предвид дека токму локалната самоуправа постои за да биде тука, најблиску до нејзините жители и граѓани, и дека избирачите треба да ја чувствуваат за најблиска до себе и своите домови, „мЗаедницата“ успева во тоа. Апликацијата е целосно бесплатна за користење и на своите корисници им овозможува преку употребата на мобилен телефон, таблет или компјутер да остварат комуникација со вработените во општината во која живеат. Уште позначајно, оваа алатка ги дигитализира и ги осовременува и начините на кои граѓаните може да ги остваруваат своите уставни и законски права, да поднесуваат апликации на отворени општински повици, но и да поднесуваат предлози и да влијаат врз текот на активностите на нивниот градоначалник и совет.

Дополнително, оваа алатка, која е илустративен приказ на дигиталната демократија, нуди и двонасочни придобивки. Во смисла, единиците на локалната самоуправа поседуваат т.н. административен панел, со кој од другата страна може да комуницираат со граѓаните што се жители на нивната општина, да одговараат на нивните предлози и апликации, но и, генерално, јавно да поставуваат објави од граѓански интерес.

При информативно пребарување на содржината и објавите на веб-страницата на „мЗаедница“ не може, а да не се забележи активизмот на граѓаните. Токму нивната проактивност е забележлива преку пријавите до надлежните општини, а кои ги има повеќе и се однесуваат на разни прашања што вклучуваат локална надлежност – загадениот воздух, бездомните животни, јавната чистота, инфраструктурата и поправката на улици, јавното осветлување, детските игралишта, урбаната опрема и многу други.

Двонасочноста и ефектот за обете вклучени страни се видливи и преку активноста на општините што на оваа платформа објавуваат разни повици за субвенциите што ги доделуваат, за признанија, за еднократна парична помош, за пријавување настанати штети итн. Она што е специфичност на самата платформа е тоа што таа е создадена и финансиски поддржана преку надворешен проект, и тоа во конкретниот случај е проектна поддршка што доаѓа од Амбасадата на САД во Скопје.

Поддршката на меѓународните донатори и пријатели на демократизацијата на Северна Македонија е ширум препознаена и, секако, добредојдена, но она што „боде очи“ е (не) агилноста на централните и локалните институции сами да покренат проект што ќе значи дигитална демократија. Граѓаните, како даночни обврзници, наголемо ја чувствуваат потребата од вистински едношалтерски систем, од вистинска една точка на услуги. Потребата од онлајн

15 A1 Telekom Austria Group.(2015) "Macedonian Competition Authority approves Merger of VIP Operator with ONE"; Достапно на: https://www.a1.group/en/news-room/2015-7-8-macedonian-competition-authority-approves-merger-of-vip-operator-with-one.1; Пристапено на: 26.06.2023.

16 мЗаедница; Достапно на: https://mzaednica.mk/about; Пристапено на: 27.06.2023.

достапни услуги, услуги што ќе им го скратат времето на завршување административни обврски, на граѓаните веќе не смее да им биде тема на дискусија за тоа „дали“, туку само за тоа „како поскоро“. Демократизацијата и дигитализацијата денес мора да одат заедно рака под рака, а со цел да направат македонските граѓани да се чувствуваат поблиску до дигиталното ниво на кое се нивните познајници и пријатели од една земја како што е Естонија, која се наоѓа на врвот на пиедесталот на ова поле.

Во таа насока, за поздравување е и постоењето на Националната ИКТ-стратегија 2023-2027 на Република Северна Македонија. Таа с уште е во фазата на драфт-верзија од декември 2022 година, но сепак се потпира на соодветно одбрани четири столбови, и тоа дигиталната поврзаност и ИКТ-инфраструктурата, развојот на дигиталните вештини кај граѓаните, развојот на дигитална Влада и зајакнатата поддршка за дигитализација на бизниси, ИКТ овозможувачи и поттикнување дигитални иновации.[17]

## ПАТОТ ДО ДИГИТАЛИЗАЦИЈА И СЕРВИСНО ОРИЕНТИРАНИ ИНСТИТУЦИИ – ПРИМЕР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Агенцијата за катастар на недвижности (АКН)[18] е државна агенција основана за вршење на работите на востановувањето и одржувањето на катастарот на недвижностите, управувањето со геодетско-информацискиот систем, како и воспоставувањето, одржувањето и јавниот пристап до Националната инфраструктура на просторни податоци. Меѓу другите свои надлежности, АКН е агенција што ја издава јавната исправа именувана како имотен лист, која е единствена исправа што служи за докажување на правото на сопственост на физичките и правните лица во државата.

Токму овие сознанија за суштинската важност на делокругот на работа на АКН и секојдневната комуникација што граѓаните самостојно или преку свои полномошници ја имаат со оваа институција говорат за нужноста од поедноставување и дигитализирање на катастарските услуги. Во таа насока, АКН е поддржана и е дел од проектот „Соработка за дигитална демократија“[19] финансиран од Шведската меѓународна развојна агенција (Swedish International Development Agency – SIDA). Целта на овој проект е да даде придонес, меѓу другото, и за овозможување размена на висококвалитетни и ажурирани дигитални податоци, кои неминовно водат и кон подобрени услуги за граѓаните и зајакната и дигитална демократија.

Дигиталната демократија, како поим, првенствено го опфаќа моделот на комуникација на граѓаните преку дигитални алатки со институциите што тие ги финансираат преку своите даноци и други давачки. Но, оваа демократија значи и можност за поголема информираност на граѓаните, подобар, поедноставен и побрз увид во јавно достапните податоци и токму споменатиот проект цели и кон скенирани и дигитализирани архивски документи достапни преку интернет.

17 Министерство за информатичко општество и администрација, Национална ИКТ-стратегија на Република Северна Македонија (2022); Достапно на: https://ener.gov.mk/PublicDocuments/Национална%20ИКТ%20Стратегија%20за%202023%20-2027%20година%20-%20Драфт_Нацрт_id=46_version=1.pdf; Пристапено на: 27.06.2023.

18 Агенција за катастар на недвижности; Достапно на: https://www.katastar.gov.mk/за-нас-2/за-нас/; Пристапено на: 27.06.2023.

19 Агенција за катастар на недвижности, Проект Соработка за дигитална демократија; Достапно на: https://www.katastar.gov.mk/актуелни-проекти/проект-соработка-за-дигитална-демокр/; Пристапено на: 03.08.2023.

Овој четиригодишен проект, чие времетраење беше од 2019 до 2023 година, а чии резултати беа промовирани неодамна[20], претставува одличен пример на дигитална демократија во која не само што можноста за комуникација со конкретната институција е достапна на дигитален начин, туку и самата работа, увидот и транспарентноста се овозможени преку технолошките алатки. Она што е многу важно е фактот дека дигитализираниот и ажуриран катастар на недвижности е тесно поврзан со секојдневното живеење и работење на сите граѓани. Без оглед на тоа дали станува збор за решавање на тешкотиите со поштенските услуги и незаведените или неажурирани адреси, за локациите што Итната помош треба да ги посети во случај на повик, за доставните трошоци во случај на нарачување производ преку интернет, за прегледот на имотите што општините треба да ги оданочат со локалниот данок на имот итн.

Можноста за обезбедување електронска форма на имотен лист или можноста за увид во статусот на поднесено барање од удобноста на својот дом или канцеларија, кои веќе постоеја како можности, како и дистрибутивниот портал и е-пребарувањето на имотни листови, дополнително говорат дека како институција, АКН претставува една од посветлите ѕвезди на македонското небо на институции.

## ДИГИТАЛНАТА ПИСМЕНОСТ КАКО КОМПОНЕНТА НА ДИГИТАЛНАТА ДЕМОКРАТИЈА

Зборувајќи претходно за примерите на дигитализирањето јавни услуги и на комуникацијата на граѓаните со своите институции, она што следно не смее да се испушти од вид е писменоста и способноста на граѓаните да управуваат со технологиите и да ги користат дигиталните услуги што им стојат на располагање. Дигитализацијата како процес што му претстои на секое општество со цел тоа да опстане во современите текови на функционирање, вклучувајќи го и македонското, не смее да ги заборави дури ни своите конституенти, своите граѓани што се наоѓаат на најдалечната точка во него.

Дигиталната писменост претпочита општа писменост, но општата писменост не подразбира секогаш дека таа индивидуа ќе ја поседува и онаа другата како збир на вештини и способност за употреба и користење на технологијата. Во таа насока се и истражувањата на граѓанскиот сектор, кој се занимава со конкретната проблематика, за што сведочи и неодамнешно истражување на Руралната коалиција, направено во три рурални општини во државата, и тоа во Кривогаштани, Старо Нагоричане и во Врапчиште.[21] Наодите од истражувањето јасно укажуваат на нискиот степен на дигиталната писменост кај жителите во руралните предели. Ова истовремено е проследено и со ниска понуда на е-услуги од самите општини во кои егзистираат овие луѓе, но и нивна недоверба во електронски издадените документи.

Како еден меѓусебно поврзан круг на институции што се недоволно дигитализирани и граѓани што се недоволно (дигитално) образовани, на поттикнувањето на дигиталната писменост треба да се гледа и како на начин што може да ги заузди распространетите коруптивни практики и да го намали ефектот што човечкиот фактор го има во обезбедувањето на јавните услуги. Промената на традиционалните начини на функционирање на институциите, но и размислувањата и перцепцијата на граѓаните дека завршувањето конкретна административна работа во локална или централна институција изискува и познанство со вработен во таа институција е процес што дигитализацијата, недвојбено, може да го охрабри и да го олесни.

20 Бизнис вести, Завршен настан за проектот Соработка за дигитална демократија (2023); Достапно на: https://www.biznisvesti.mk/zavrshen-nastan-za-proektot-sorabotka-za-digitalna-demokratija/; Пристапено на: 03.08.2023.

21 Инфо компас, Низок степен на дигитална писменост кај земјоделците, но и недоволни е-услуги кај руралните општини (2022); Достапно на: https://infokompas.com.mk/2022/02/17/видео-низок-степен-на-дигитална-пис/; Пристапено на: 03.08.2023.

# ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Придобивките и предностите од воведувањето на технологиите во практикувањето на односот институции и граѓани се многу поголеми од нивното изоставување. Отпорот кон технологиите и кон она дигиталното не води никаде, меѓутоа зборувајќи за начелото на еднаквост и еднаков пристап до добра и услуги на граѓаните, како индивидуи и како систем мора да се осигуриме дека дигитализацијата нема да прерасне во луксуз. Мора да потврдиме дека дигиталното функционирање нема да биде предност само за граѓаните што живеат во урбаните центри. Оттука, првата препорака е зајакнување на недоволно развиената ИКТ-инфраструктура и подобрувањето на капацитетите и дигиталните вештини на човечките ресурси во институциите што постојат за да бидат сервисно ориентирани, за што впрочем се говори и во гореспоменатата Национална ИКТ-стратегија на државата. Преку спроведувањето соодветни обуки за минималното ниво на дигитални познавања на шалтерските работници, па до воведувањето средни до напредни обуки за погорниот ешалон на државни службеници. Недоволно развиената ИКТ-инфраструктура и немањето човечки капитал и други ресурси, секако, се поизразени во руралните подрачја, меѓутоа тие никако не смее да се претворат во параван за опстојување на постојните механизми на застарено вршење на услугите што државата им ги нуди на граѓаните и комуникацијата што тие ја имаат со неа.

Воспитно-образовните институции, кои буквално треба да подлежат на целосно преосмислување, во своите наставни програми мора да внесат теми од областите на дигиталната писменост, финансиската писменост, медиумската писменост. Нема дигитална писменост без општа писменост, но и обратно. Следствено, втората препорака би била воведување на концептот на дигитална писменост уште од најрана, претшколска возраст кај децата, а тоа значи воспоставување и соодветна програма за запознавање со дигиталниот свет кај најмалите во градинките. Генерациите родени во овие три децении од 21-от век се дигитални генерации, но пејоризирањето на дигиталните алатки постигнува само контраефект. Во таа насока, преку запознавање со предностите и ризиците од присуството во она виртуелното, на подмладокот треба да му се обезбеди информираност, но и користење на дигиталните уреди во, а не само вон формалниот образовен процес. Застарените курикулуми и методи на настава, евоцирањето на некои неповратни времиња на предавања на „екс-катедра“, отпорот кон дигитализацијата и грубото опишување на технологиите како виновник за многу нуспојави во општеството не води кон ничие добро. Оваа донкихотовска борба и одење во спротивен правец од правецот во кој се движат демократскиот свет и најразвиените светски економии никому не е потребна.

Третата препорака се однесува на вложувањето позначаен износ на јавни средства во подигнувањето на т.н. сајбер безбедност и инвестирањето во експертиза што ќе овозможи вистинска заштита на идентитетите, личните податоци и сигурноста на граѓаните при ползувањето на дигиталните услуги во една демократија. Отпорноста и недовербата на дел од граѓаните што со помал интензитет ги употребуваат дигиталните услуги во јавниот и во приватниот сектор произлегува токму од скептичноста и извесните недоречености што постојат во областа. Со оглед на тоа, секое зајакнување на ИТ-одделите во државните институции, но и нивното екипирање со стручњаци во конкретниот сектор, кои би биле соодветно материјално вреднувани, ќе овозможи истовремено и подобро справување со хибридните опасности што се јавуваат во дигиталниот свет и ќе поддржи зголемена употреба на дигиталните можности од крајните корисници.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Castells, M. (2012) Networks of Outrage and Hope: Social Movements in the Internet Age, Polity Press;

2. Hindman, M. (2009) The Myth of Digital Democracy. Princeton University Press;

3. Timothy D. Sisk (2001) Democracy At The Local Level Handbook, International Institute for Democracy and Electoral Assistance (IDEA), Stockholm, Sweden;

4. Бизнис вести, Завршен настан за проектот Соработка за дигитална демократија (2023); Достапно на: https://www.biznisvesti.mk/zavrshen-nastan-za-proektot-sorabotka-za-digitalna-demokratija/; Пристапено на: 03.08.2023;

5. Институт за комуникациски студии, Зајакнување на професионалните стандарди или ерозија на слободниот говор: Регулација на онлајн медиумите во Македонија

6. Инфо компас, Низок степен на дигитална писменост кај земјоделците, но и недоволни е-услуги кај руралните општини (2022); Достапно на: https://infokompas.com.mk/2022/02/17/видео-низок-степен-на-дигитална-пис/;

7. Рурална коалиција (2022), Потребите на младите и жените од руралните средини, Проект потпри се на младите, Скопје;

8. A1 Telekom Austria Group,(2015) "Macedonian Competition Authority approves Merger of VIP Operator with ONE"; Достапно на: https://www.a1.group/en/newsroom/2015-7-8-macedonian-competition-authority-approves-merger-of-vip-operator-with-one.1; Пристапено на: 26.06.2023;

9. Агенција за катастар на недвижности; Достапно на: https://www.katastar.gov.mk/за-нас-2/за-нас/; Пристапено на: 27.06.2023;

10. Агенција за катастар на недвижности, Проект Соработка за дигитална демократија; Достапно на: https://www.katastar.gov.mk/актуелни-проекти/проект-соработка-за-дигитална-демокр/; Пристапено на: 03.08.2023;

11. Министерство за информатичко општество и администрација, Национална ИКТ-стратегија 2023-2027 на Република Северна Македонија (2022); Достапно на: https://ener.gov.mk/PublicDocuments/Национална%20ИКТ%20Стратегија%20за%202023%20-2027%20година%20-%20Драфт_Нацрт_id=46_version=1.pdf; Пристапено на: 27.06.2023;

12. мЗаедница; Достапно на: https://mzaednica.mk/about; Пристапено на: 27.06.2023;

13. Закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги, „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 101/19 и 275/19;

14. Закон за електронско управување и електронски услуги, „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 98/19 и бр. 244/19.

# ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА НАСПРОТИ ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје
Игор Стојчевски

# Резиме

Еден од поголемите технолошки новитети, а поим што е екстремно популарен во сите области на општествениот живот во последно време е вештачката интелигенција.

Целта на трудот е да понуди објаснување на поимот вештачка интелигенција и нејзиниот однос со концептот на владеење на правото. Преку правење јасна дистинкција помеѓу овие два поима и давање точно објаснување што всушност претставуваат тие, се укажува кои се придобивките што може да ги има владеењето на правото од развојот на вештачката интелигенција, бидејќи нејзиниот потенцијал е огромен.

Главното прашање е дали развојот на оваа технологија ги поткопува темелите на владеењето на правото или, пак, одат паралелно еден со друг.

Многубројните можности што ги нуди вештачката интелигенција предизвикуваат загриженост кај стручната јавност во однос на тоа дали таа може да го надмине човекот и дали со нејзиното дејствување може да влијае врз рушењето на правните постулати на една држава. Целта на оваа анализа е да укаже на сите можности и слабости, како на и позитивните примери од развојот на оваа технологија.

Доколку се разбере целокупниот процес на создавање на вештачката интелигенција и се согледаат придобивките од неа, ќе се увиди и можноста што ја нуди за унапредување на владеењето на правото. Единствено на што треба да се внимава е воведувањето унифицирана правна рамка што би оневозможила евентуална злоупотреба од одредени ентитети. Секоја правна празнина може да доведе до големи проблеми и нарушување на она што претставува владеење на правото.


**Клучни зборови:** вештачка, интелигенција, право, развој, можности, ризици.

# Вовед

Тоа што во минатото изгледаше нереално, денес сè повеќе станува дел од нашето секојдневие. Станува збор за вештачката интелигенција за која се користи кратенката AI – од англискиот термин за овој поим „artificial intelligence“. Како што се зголемува трендот на глобализација, можноста за лесно поврзување помеѓу луѓето и широко распространетата достапност на интернетот, сведоци сме на брзиот раст и подем на вештачката интелигенција. Оваа технологија сè повеќе станува доминантен дел од многу гранки во општеството, а правото не е исклучок од тоа.

Овој труд дава краток, но конкретен приказ за тоа на кој начин вештачката интелигенција се испреплетува со правото, пред сè, со владеењето на правото, обид за доктринарно објаснување на овие два термини, систематизација на предностите и слабостите на вештачката интелигенција и на кој начин вештачката интелигенција претставува предизвик за владеењето на правото. Генерален заклучок е дека, во иднина, оваа нивна испреплетеност треба да се сфати многу сериозно, бидејќи носи несигурност што се заканува да ги поткопа темелите на владеењето на правото.

Вештачката интелигенција е систем што дејствува според претходно точно определени правила. Додека таа не познава национални граници, владеењето на правото е поврзано со територијалниот интегритет и суверенитет на конкретна држава. Како што се навлегува подлабоко во нивната меѓусебна поврзаност, може да се увиди дека вештачката интелигенција полека се интегрира во правните системи. Од друга страна, намалената способност за разбирање на работата на овие системи, кои сè повеќе се користат од носителите на најважните функции во една држава, ги предизвикува традиционалните поими што го поткрепуваат владеењето на правото. Основните концепти поврзани со владеењето на правото се транспарентност, предвидливост, пристрасност и процедурална правичност.

Трудот се базира врз теоретско истражување, пред сè, трудовите на Алан Туринг, Лоренс Лесинг и Освалд Мартин, и анализа на меѓународните системи каде што вештачката интелигенција е веќе дел од владеењето на правото.

Аналогно на тоа, структурата на трудот нуди дефиниција на поимите вештачка интелигенција и владеење на правото, а потоа е ставен акцент на нивната испреплетеност, заедно со можностите што ги нуди вештачката интелигенција во контекст на владеењето на правото. За крај е дадена кратка анализа на веќе достапни примери каде што вештачката интелигенција дала позитивни резултати и на некој начин ја олеснува работата на носителите на одлуки.

# ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА (AI)

Кога ќе се спомене поимот вештачка интелигенција, тоа потсетува на некаков вид робот, на нешто што е вештачки создадено од човекот, на машина што може сама да расудува и да носи одлуки или, едноставно кажано, машина што може целосно да го замени човекот.

Вака опишаните размислувања во голема мера нè насочуваат кон два клучни елементи, а тоа се поимите ***вештачко*** и ***машина***. Овие поими претставуваат добра основа за градење еден унифициран став околу тоа што всушност претставува вештачката интелигенција. Треба да се истакне дека не постои единствена дефиниција што го објаснува овој поим. Различни автори различно ја дефинираат вештачката интелигенција и сето тоа зависи од личната потреба при дефинирање на овој поим.

Една од најчесто употребуваните дефиниции за вештачката интелигенција ја понудил англискиот математичар, компјутерски научник, логичар, криптоаналитичар, филозоф и теоретски биолог, Алан Туринг, кој во својот семинарски труд „Компјутерски машини и интелигенција" (1950) поставува едно основно прашање: „Дали машините може да мислат?" Врз база на ова прашање понудил тест, кој се користи и денес, каде што човек се обидува да направи разлика помеѓу компјутерски и човечки текстуален одговор. Неговиот концепт претставува една од првите основи на вештачката интелигенција.

Вештачката интелигенција е комбинација на компјутерска наука и голема датабаза на податоци што се користат за решавање одредени проблеми. Таа опфаќа позадински алгоритми што се обидуваат да создадат систем, кој врз база на предвидувања и внесени податоци ќе го даде најточното можно решение за конкретен проблем. Вештачката интелигенција е создадена од човек, кој врз база на компјутерски код и внес на податоци се обидува да ја искористи напредната технологија со цел брзо, оптимално и најточно да реши одреден проблем или да понуди одговор на поставено прашање. Вештачката интелигенција црпи податоци што се претходно внесени или зададени или, пак, преку пристап до огромни датабази на податоци врши нивна анализа и преку логично следење определена патека дава конкретен одговор на зададена наредба.

За првпат вештачката интелигенција се појавува во периодот од 1940 до 1960 години, кога одреден мал број научници ги даваат почетоците на оваа гранка. Според одредени достапни податоци, овој поим за првпат го воведува американскиот научник Џон Мекарти. Сепак, кон крајот на 1960-тите години, оваа гранка полека ја губи популарноста и низ годините што следуваат доживува свои подеми и падови, меѓутоа без некој поголем успех. На почетокот на 2010 година, овој поим добива важност и станува сè подоминантен во различни сфери на општественото дејствување. Ова се базира, пред с, на две основни работи. Првата е пристапот до огромна датабаза на податоци, а втората е развојот на компјутерската технологија и напредните графички процесори што придонесуваат за брзо совладување сложени алгоритми.

За да може најдобро да се разбере целиот систем на создавање и работа на вештачката интелигенција, потребно е да се увиди како всушност се создава вештачката интелигенција. Вештачката интелигенција опфаќа сет од повеќе чекори што заедно сочинуваат еден целосен систем. Во продолжение се објаснети чекорите на целокупниот процес што се поделени во три главни фази: дизајн, развој и распоредување (Leslie et al. 2021). Секоја од овие фази се состои од дополнителни подфази.

# ДИЗАЈН

**Проектно планирање**
Проектниот тим ги одредува целите на проектот, анализа на капацитети и ресурси, мапирање и процени на ризиците.

**Формулирање на проблемот**
Се одредува проблемот што треба да се реши со избраниот модел, кои се потребните влезни податоци, импликациите од примената на конкретниот модел и несаканите последици.

**Извлекување податоци**
Оваа фаза вклучува собирање податоци што ќе бидат потребни за работа на конкретниот модел преку најразлични модалитети.

**Анализа на податоци**
Во оваа фаза се врши проверка на собраните податоци и на кој начин тие податоци би можело да се користат за решавање на конкретниот проблем.

# РАЗВОЈ

**Претходна обработка**
Фазата на претходна обработка вклучува голем број задачи преку кои се врши обработка, класифицирање и прочистување на претходно добиените податоци.

**Селектирање модел и тренинг**
Се избира модел преку кој ќе се работи и кој ќе ги обработува собраните податоци.

**Тестирање и валидација на избраниот модел**
Оваа фаза опфаќа сет на мерки со кои се утврдува дали избраниот модел работи, дали има некои аномалии и недостатоци и дали води до посакуваниот резултат. Доколку моделот ги помине сите проверки без грешка, се врши негова валидација.

**Известување**
Откако ќе се поминат сите претходни чекори, се вршат анализа и известување за работата на избраниот модел.

# РАСПОРЕДУВАЊЕ

**Имплементирање на моделот**
Следната фаза од животниот циклус на вештачката интелигенција вклучува распоредување на обучениот модел во реалноста.

**Тренирање од корисници**
Самиот применет модел мора да биде тестиран од корисници со цел да се разбере логиката на системот и на кој начин тој го води самиот тек.

**Мониторинг**
Откако ќе се имплементира самиот модел, мора да се утврди дали тој ја постигнува посакуваната цел, дали се користи во рамките на предвидениот опсег и дали одговара на условите во реалниот свет.

**Ажурирање**
Ниту еден модел на вештачка интелигенција не е совршен и со текот на времето тој треба да биде ажуриран и надградуван со цел да може да одговори на реалните потреби и на целите поради кои е создаден.

Вака прикажаните чекори даваат јасна слика за тоа низ каков процес поминува создавањето на системот на вештачка интелигенција. Создавањето определен систем на вештачка интелигенција е со одредена цел и потреба да одговори на одредени предизвици. Можеби не сме свесни, меѓутоа голем број процеси во општеството се водени или надополнети од вештачка интелигенција.

# ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

Владеење на правото претставува збир на принципи што обезбедуваат едно праведно општество. Владеењето на правото упатува на тоа дека сите луѓе и институции во одредена држава или општество ги почитуваат истите закони и тие важат еднакво за сите, па дури и за оние што ги создале. Овој концепт датира од многу одамна и низ годините го задржува истото значење со одредени падови и подеми. Владеењето на правото е антипод на монархија или олигархија, каде што моќта е сконцентрирана во рацете на еден или на мала група луѓе за кои не важат истите правила и закони.

Според достапните податоци, различни теории имаат различен став за тоа кога се појавува овој концепт. Според едни теории, владеењето на правото се појавува уште во Античка Грција, каде што општествениот систем бил граден токму на овој постулат (Martin 1986). Според модерните гледишта, овој концепт за првпат се појавува во XII век, односно со носењето на *Magna Carta*,[22] во која, меѓу другото, е наведено дека и самиот крал и останатите властодавци треба да ги почитуваат донесените правила што важат за сите. По донесувањето на овој акт, ваквиот концепт минал низ различни периоди на непочитување, за да дојдеме до демократските системи што во голема мера се темелат токму врз владеењето на правото и почитувањето на основните човекови слободи и права.

Самиот поим на владеење на правото упатува на тоа дека она што е поставено како правен акт треба да се почитува и да важи еднакво за сите. Владеењето на правото го гарантира почитувањето на основните човекови слободи и права, заедно со сите останати слободи и права што му се загарантирани на секој поединец.

Владеењето на правото, демократијата и почитувањето на основните човекови слободи и права се меѓусебно поврзани и се испреплетуваат. Капацитетот на секоја држава ефективно да ги заштити човековите права се заснова врз одговорни демократски институции, инклузивни и транспарентни механизми на одлучување, и независно и непристрасно судство што го обезбедува владеењето на правото. Владеењето на правото во голема мера зависи од тоа колку се почитуваат основните човекови права и сето тоа ја обврзува секоја држава да ги почитува и

22 King John of England, Stephen Langton, Archbishop of Canterbury (1215) “Magna Carta”; Достапно на: https://www.bl.uk/magna-carta.

да ги штити, а истовремено државите имаат право од секоја индивидуа да бараат да го почитува владеењето на правото. Доколку се обезбеди целосно почитување на владеењето на правото, тоа би значело дека е постигната состојба на целосна демократија во која секоја индивидуа би ги знаела своите права што истовремено ќе бидат целосно заштитени (Leslie et al. 2021).

# ПРАВНА РЕГУЛАЦИЈА НА ВЕШТАЧКАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА

Концептот на владеење на правото најчесто се поврзува со границите на една држава, каде што важат унифицирани правила, каде што сите се должни да ги почитуваат тие правила и каде што постојат институции што се грижат околу нивното почитување и изрекувањето санкции доколку не се почитуваат. Правилата се претходно познати и јасно предвидени. Владеењето на правото ги наметнува овие правила со цел да се спречи безредие, своеволно толкување и дејствување и насочување на општеството кон почитување на правата на другите. Во секоја држава има институции што се надлежни за пропишување на правните прописи и нивно менување според настанатите општествени текови. Институциите што го надгледуваат процесот на почитување на правилата се коректив на сите оние што не се придржуваат кон пропишаните правни прописи и што се обидуваат да го нарушат пропишаното општествено дејствување (Huq 2021).

Вештачката интелигенција е ослободена од спрегите на државните граници и секогаш е насочена кон надминување одреден проблем или олеснување на животот на луѓето и најчесто претставува алатка за постигнување на тие цели. Според тоа, на прв поглед, вештачката интелигенција претставува закана за владеењето на правото. Вештачката интелигенција е создадена од приватни ентитети што најчесто се насочени кон определени лукративни цели. Тие не се раководат од еднаквоста на сите, туку се раководени од помислата да создадат систем што ќе помогне во одреден сегмент, но крајната цел се сведува на добивање определена корист за создавање на тој систем. Според тоа, се поставува прашањето кој е одговорен за функционирањето на вештачката интелигенција и што се случува доколку таа предизвика определена штета (Huq 2021).

Во моментов не постојат меѓународни правила што се фокусираат посебно на вештачката интелигенција, но се прават обиди за воведување определена правна рамка.

Во септември 2019 година, Комитетот на министри на Советот на Европа ги усвои работните задачи на ад хок Комитетот за вештачка интелигенција (CAHAI).[23] На овој комитет му се доделени овластувања за истражување на потенцијалните елементи за правната рамка во однос на развој, проектирање и распоредување системи за вештачка интелигенција врз основа на стандардите на Советот на Европа низ меѓусебно поврзаните области на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Вештачката интелигенција е брзорастечка гранка што нуди можности за голем и брз напредок со минимална употреба на ресурси и со нивно оптимално распоредување. Истовремено, тоа со себе носи многу неизвесности и предизвици што може да доведат до определени негативни последици. Поради тоа, ваквите пионерски чекори се можност за поставување определени правила со цел заштита на владеењето на правото и почитувањето на човековите права и оневозможување монополизација на овој сектор.

23 EUROPEAN COMMISSION. (2021) Proposal for a REGULATION OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL LAYING DOWN HARMONISED RULES ON ARTIFICIAL INTELLIGENCE (ARTIFICIAL INTELLIGENCE ACT) AND MENDING CERTAIN UNION LEGISLATIVE ACTS, Brussels.

# ПРИМЕНА НА ВЕШТАЧКАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА: МОЖНОСТИ И РИЗИЦИ

Вештачката интелигенција овозможува многу можности и нуди решенија за кои на човекот би му биле потребни многу време и ресурси за да го постигне истиот резултат. Оваа технологија нуди можности за подобрување на животот на луѓето и олеснување на работата на носителите на одлуки во едно демократско општество. Од една страна, колку што нуди можности и поле за развој, од друга страна, таа со себе носи предизвици и ризици што треба да се земат предвид при користењето на оваа технологија. Вештачката интелигенција претставува широко поле на технологии што работат во контекст на човековото дејствување, дизајнирани за да исполнат цели дефинирани од луѓето. Токму поради тоа, постои страв дека таа всушност ги претставува размислувањето и целите на оној што ја создал и многу лесно може да се манипулира со цел да се остварат некои лични интереси.

Овој дел ќе се осврне на можностите што ги нуди оваа технологија, меѓутоа и на ризиците и предизвиците што произлегуваат од неа, а одат во насока на поткопување на владеењето на правото.

Како една од главните можности што ги нуди вештачката интелигенција е фактот што таа е ослободена од предрасуди или на прв поглед изгледа дека е така. Кога имаме систем што дејствува врз база на претходно зададени правила преку напишан код, добиваме заклучок дека за разлика од дејствувањето на луѓето, кои се одговорни да го спроведуваат владеењето на правото и носењето на одлуките, оваа технологија го нема елементот на предрасуди. Додека врз човекот влијаат голем број надворешни фактори, како што се општественото опкружување, личниот став за одредена тема, силно изразената рекламна содржина што е пласирана, влијанието на раководните структури во државата и ред други фактори, оваа технологија ја нема таа аномалија бидејќи носи разумни решенија што имаат логички тек на дејствата. Сепак, доколку се согледа фактот дека вештачката интелигенција како систем е создадена од човекот, се наметнува дилемата дали таа може да биде манипулирана и во неа да бидат интегрирани определени предрасуди за одредена тема.

Друга значајна можност што ја нуди оваа технологија е фактот што таа работи според точно одредени правила и претходно зададени упатства што се интегрирани преку напишаниот код врз база на кои функционира оваа технологија. Во правото, законите и сите правни прописи се гарант дека одредена област е нормирана и постојат одредени правила, а кај вештачката интелигенција тоа го овозможува кодот. Лоренс Лесинг напоменува дека „кодот е право“, укажувајќи на тоа дека „кодот“ и во двете сфери е алатка за контрола. Во компјутерската технологија, „кодот“ упатува на текст во компјутерска програма, а во правото, „кодот“ упатува на текстот што е содржан во уставно-правните норми (Lessing 1999).

Како уште една значајна можност што ја нуди вештачката интелигенција е фактот што таа може да таргетира голема маса луѓе, за разлика од дејствувањето на човекот каде што неговите можности се многу помали и ограничени. Дури и највисоките структури во една држава, оние што ги носат најважните одлуки и оние што се грижат за спроведувањето на правните норми, може да дејствуваат само врз маса луѓе што живеат во таа држава. За разлика од ова, вештачката

интелигенција со својата намена и дејствување може да таргетира огромна популација луѓе, па дури и може да кажеме дека може да ја таргетира секоја индивидуа што има пристап до интернет. Ова, секако, е само една област каде што е присутна оваа технологија, меѓутоа нејзината можност и нејзината моќ се многу големи и го надминуваат човековото дејствување.

Како најголема закана што со себе ја носи оваа технологија е фактот што таа е создадена од определен ентитет – приватен субјект, кој очекува определен бенефит од создавањето на тој систем каде што е интегрирана вештачката интелигенција. Ова со себе повлекува повеќе дилеми во однос на тоа дали вештачката интелигенција може да биде искористена за лични цели, дали таа може намерно да биде наведена да дава погрешни толкувања на одредени сегменти и како најголем проблем е делот на одговорност за евентуални прекршувања одредени права или штети што би произлегле од нејзиното дејствување. Дури и црпење податоци од погрешна датабаза или, пак, грешка во одреден сегмент во нејзиниот код може да доведе до катастрофални негативни последици. Фактот што сè уште не постојат некои позначајни меѓународни правни правила што би се однесувале на вештачката интелигенција остава сериозен простор за загриженост и треба сериозно да се поработи со цел таа да биде во согласност со постојните законски прописи, притоа штитејќи ги основните човекови права.

Од сè претставено досега може да се воочи дека вештачката интелигенција се применува во сите општествени сфери, од здравството и економијата, па сè до воените структури на една држава и правото. Со цел да не се оди прешироко, ќе бидат претставени неколку примери и можности што ги нуди оваа технологија во насока на владеење на правото.

Владеењето на правото е прилично широк поим. Од оние што ги носат најважните одлуки и ги пропишуваат правните прописи, па сè до оние што се коректив на прекршителите на тие правни прописи, веќе ја применуваат вештачката интелигенција.

Постојат голем број држави каде што вештачката интелигенција се користи за анализа на голем број податоци што им се достапни на правосудните органи со цел нивна ефективна и брза анализа. Глобално се покренува дискусија околу можноста за примена на вештачката интелигенција како замена за судиите. Држави како што се Естонија и Канада веќе ја инкорпорираа вештачката интелигенција за решавање одредени спорови. Во Естонија, оваа технологија се користи за решавање спорови што се однесуваат на побарувања од договори до 7.000 евра, а во Канада, оваа технологија се користи за решавање настанати штети од сообраќајни незгоди под определена парична вредност (Lo 2021). Овие примери покажуваат дека се оди во насока на поголема примена на вештачката интелигенција во решавањето одредени судски спорови, но останува отворено прашањето за тоа дали таа може целосно да ги замени судиите. Овие примери водат кон размислување во однос на тоа дали во одредени поголеми предмети или во кривични спорови, вештачката интелигенција ќе може реално да ги согледа сите аспекти и да донесе правилна одлука. Меѓутоа, судството не е единствениот пример за примена на оваа технологија. Во Кина, вештачката интелигенција се користи во целата држава во различни сегменти и претставува огромна помош во голем број индустрии, пред сè, раководени од фактот на дигитална независност од секакво влијание. Колку што е добра ваквата контрола на дигиталната сфера, толку е и проблематичен фактот на евентуална можна злоупотреба во насока на контрола, надзор и манипулација врз лицата што живеат во таа држава (Rosengrün 2022).

Дури и Република Северна Македонија не е исклучок од овој глобален тренд на примена на вештачката интелигенција. Во 2023 година, Владата на Република Северна Македонија го

претстави првиот дигитален асистент што нуди информации за програмите за државна помош и отворените повици во насока на помош за граѓаните и странските инвеститори со цел да донесат јасна и информирана одлука.[24]

Постојат огромен број примери каде што државите ја користат вештачката интелигенција за анализа на податоци, помош при носење на одлуките, анализа на висината на казните според сторените прекршоци и за ред други работи. Сето ова се однесува само на делот на правото, а останатите гранки, исто така, во голема мера ја користат вештачката интелигенција. Полето за можности е огромно, меѓутоа правната регулатива е задолжителна со цел да се минимизираат ризиците од евентуална злоупотреба.

24 Достапно на: https://ada.gov.mk/mk.

# ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Од оваа кратка стручна анализа може да се заклучи дека вештачката интелигенција е широко распространета технологија што оди паралелно со владеењето на правото и помага во неговото унапредување, посеопфатното носење одлуки и претставува помош што во иднина уште повеќе ќе се користи. Сепак, не може, а да не се воочи дека постојат огромни ризици од нејзината злоупотреба и нарушување голем број права што само по себе би значело и поткопување на владеењето на правото. Во моментов не постојат сериозни индиции дека вештачката интелигенција го урива овој концепт, но и првично читање на оваа анализа ќе го наведе секој поединец да размисли дали во иднина може да се промени ова.

Во моментов ситуацијата е прилично јасна. Оваа компјутерска технологија е во рацете на приватни ентитети што на глобално ниво може многу да влијаат врз животот на секој поединец, врз нивното размислување и дејствување и може да доведат до ограничување и прекршување на нивните права.

Токму поради сето ова, потребно е државите колку што е можно побрзо да поработат и да изнајдат начин за базична регулација на оваа гранка. Тој почетен чекор може да придонесе за една меѓународна унификација на правни правила и норми, кои ќе ги дадат контурите што ќе треба да се почитуваат.

Република Северна Македонија не треба да заостанува со овој процес. Постои можност, со брза реакција и конкретна визија, да биде една од ретките држави што ќе воведе конкретна и јасна регулација на ова прашање. Со самото тоа ќе ги заштити домашниот правен поредок, граѓаните и, секако, владеењето на правото.

Република Северна Македонија заостанува во однос на хармонизацијата на домашното со законодавството на Европската Унија, но во конкретниот случај, ниту Европската Унија нема некое единствено и унифицирано законодавство во однос на вештачката интелигенција. Самите држави членки не може меѓусебно да се договорат за единствен одговор и регулација на ова прашање.

Дополнително, секој поединец треба лично да се запраша дали и самиот придонесува за популаризација на оваа технологија, кои се придобивките и загубите од нејзиното користење и дали оваа технологија ги нарушува неговите основни човекови права.

Иако внимателноста треба да биде на високо ниво, не може да се премолчи фактот дека вештачката интелигенција претставува огромна можност и помош, која со правилна употреба и регулација може да придонесе за зајакнување на владеењето на правото.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Huq A. Z. (2021), Artificial Intelligence and the Rule of Law, University of Chicago Law School, Public Law and Legal Theory Working Paper Series, No. 764 ;
2. Lessig L. (1999), Code and Other Laws of Cyberspace, Basic Books, New York, United States;
3. Leslie et al. (2021), Artificial intelligence, human rights, democracy, and the rule of law: a primer. The Council of Europe;
4. Martin O. (1986), From popular sovereignty to the sovereignty of law: law, society, and politics in fifth-century Athens, University of California Press;
5. Turing A. M. (1950), Computing Machinery and Intelligence, Mind, Volume LIX, Issue 236;
6. King John of England, Stephen Langton, Archbishop of Canterbury (1215) “Magna Carta”, Достапно на: https://www.bl.uk/magna-carta, Пристапено: 29.06.2023;
7. Lo D. (2021), Can AI replace a judge in the courtroom?, UNSW Media & Content, Достапно на: https://newsroom.unsw.edu.au/news/business-law/can-ai-replace-judge-courtroom, Пристапено: 28.06.2023;
8. Rosengrün S. (2022), Why AI is a Threat to the Rule of Law, Digital Society, Достапно на: https://link.springer.com/article/10.1007/s44206-022-00011-5, Пристапено: 28.06.2023;
9. EUROPEAN COMMISSION (2021) Proposal for a REGULATION OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL LAYING DOWN HARMONISED RULES ON ARTIFICIAL INTELLIGENCE (ARTIFICIAL INTELLIGENCE ACT) AND MENDING CERTAIN UNION LEGISLATIVE ACTS, Brussels;
10. https://ada.gov.mk/mk, Пристапено: 29.06.2023.



# ПРИМЕНАТА НА ПРАВНАТА РЕГУЛАТИВА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ФОКУС НА ПОВРЕДА НА ПРАВАТА ВО ОНЛАЈН ПРОСТОРОТ

Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола
Правен факултет – Битола
Маја Петанческа

# Резиме

Познавањето и информираноста за правата на потрошувачите е од суштинско значење за донесување ефикасни потрошувачки одлуки. Напредокот на дигиталните технологии го зголемува тргувањето во онлајн просторот и индустријата за е-трговија постојано расте како во светски рамки, така и во Република Северна Македонија.

Република Северна Македонија во изминатиот период ја унапреди својата правна регулатива што се однесува на заштита на правата на потрошувачите. Но, постојано треба да се работи на функционален систем за пријавување злоупотреби на правата на потрошувачите во онлајн просторот и за сузбивање на сивата економија во оваа област.

Во трудот е направена кратка деск-анализа на постојната правна регулатива во Северна Македонија и беше спроведен краток онлајн анонимен прашалник за утврдување на нивото на познавање на правата на граѓаните како потрошувачи во онлајн просторот и потребата за нивното унапредување.

Со ова истражување беше потврдена и поставената теза дека во РСМ е потребно да се работи на унапредување и заштита на правата на потрошувачите (институционална и вонинституционална) во онлајн просторот, со цел да се спречат идни злоупотреби.

**Клучни зборови:** правна регулатива, потрошувачи, потрошувачки права, онлајн купување, информираност.

# Вовед

Брзиот напредок на дигиталната технологија дава постојана можност за раст на тргувањето во онлајн просторот, а со тоа се зголемува и свеста и потрошувачката култура за купување онлајн. Се предвидува порастот на е-трговијата во САД за 2023 година да достигне 1,1 трилиони долари (Statista, 2023), но не треба да се изостави фактот дека глобалната е-трговија расте насекаде. Во Република Северна Македонија, 46 % од граѓаните што користат интернет купувале онлајн (Ангеловска 2022, стр. 33). Вредноста на вкупните трансакции направени од интернет-корисниците во Северна Македонија во првите три месеци од 2023 година изнесува 10,3 милијарди денари и има пораст од 20,7 % во однос на 2022 година (E-Commerce, 2023).

За време на пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД-19, во Република Северна Македонија значително се зголеми купувањето на интернет, но поради недоволната информираност за правата на потрошувачите во онлајн просторот, потрошувачите се соочија со голем број злоупотреби на нивните права. Според податоците од Организацијата за потрошувачите на Македонија во 2021 и 2022 година, добиени се над 420 поплаки од потрошувачи што купувале онлајн, а најмногу од поплаките се однесуваат на техничките карактеристики на производите, квалитетот на производот и немањето доволно информации за повлекување од договорот и откажување на нарачката (Организација на потрошувачи на Македонија, 2023). Според истражувањето на Европската комисија од 2017 година за следење на правата на потрошувачите на онлајн пазарите и платформите, 60 % од потрошувачите не знаат кој би бил одговорен за решавање на проблемот настанат при тргување во дигиталниот простор, а тоа не го знаат ниту голем дел од трговците (BEUC, 2018, стр. 4). Покрај тоа, потрошувачите често не знаат со кого склучуваат договор на онлајн пазарот и дали имаат некаква правна заштита при остварување на правата, што целосно го отсликува проблемот со непознавањето на правната регулатива и механизмите за заштита на правата на потрошувачите кога купуваат онлајн.

Проблемот што се истражува во овој труд се однесува на прашањето колку правната регулатива што се однесува на правата на потрошувачите реално и ефективно се применува за граѓаните како потрошувачи во интернет-просторот, односно дали институциите и трговците обезбедуваат ефективна примена на правото.

Во овој труд, предмет на разгледување и анализа е правното регулирање и заштитата на правата на потрошувачите со фокус на правата во онлајн просторот – имплементацијата од страна на институциите и трговците и познавањето на правата од страна на потрошувачите. Тенденција на трудот е посеопфатна слика на моменталната состојба со заштита на правата на потрошувачите во онлајн просторот и нивното регулирање во Република Северна Македонија. Се употреби нормативниот метод во деск-анализата, но и се спореди европската и домашната правна регулатива (законската и подзаконската рамка), преку која се обезбедува правна заштита на потрошувачите. Преку користење на методот на дескрипција се доловија моменталните состојби на заштита и ефективна примена на правата на потрошувачите. Презентирани се резултати од онлајн анкета што нуди квалитативни и квантитативни податоци од граѓаните како потрошувачи во дигиталниот простор и претставува индикатор за поставување на заклучоците и препораките во завршните согледувања во овој труд.

Трудот им нуди мерки и препораки на институциите, трговците и на потрошувачите за правилна примена на правната регулатива за заштита на правата на потрошувачите на интернет. Информираноста за правата, начините и постапката за заштита на правата што ги имаат потрошувачите во дигиталниот простор треба да се унапредува, да се проширува и да се зајакнува.

# ПРАВНА РЕГУЛАТИВА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ВО ОНЛАЈН ПРОСТОРОТ ВО ЕВРОПСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО

Правата на потрошувачите во меѓународното право се дефинираат како правила што превенираат бизнисите да се однесуваат некоректно кон потрошувачите (StudySmarter, 2020). Правната регулатива им обезбедува заштита на потрошувачите во однос на прашања поврзани со измама или погрешна продажба кога бизнисите ќе испорачаат погрешно добро или услуга (The University of Law, 2021). Почитувањето на основните права на потрошувачите е од исклучителна важност за избегнување и заштита од нечесни трговски практики, а од особено значење се правото на безбедност на производите/услугите со кои се тргува, правото на правилна информација за производот/услугата и правото на надоместок на штета и компензација за штета предизвикана од неисправни производи или услуги, што треба да вклучува осигурување дека компаниите обезбедуваат ефективни механизми за поплаки и за решавање спорови (Sampaio J. 2023).

Правилата за заштита на потрошувачите на Европската Унија предвидуваат јасно дефинирани аспекти на правата што вклучуваат гаранција при купување стоки и услуги во дигиталниот простор, а тоа вклучува јасни информации за доброто или услугата што се купува. Така, секој потрошувач има право да го познава статусот на кој било онлајн продавач. Онлајн продавниците мора да наведат дали продавачот е трговец, односно регистрирана компанија или приватно лице. Ова е важно, бидејќи законодавството на ЕУ, кое ги штити правата на потрошувачите, се применува само ако се купува од регистриран трговец, па затоа продавачот мора да го предупреди потрошувачот за овој аспект при изборот на понудата (Директива 2011/83/EU). Заштитата на потрошувачите е важен аспект на правото и политиките на ЕУ, а рамката за заштита на потрошувачите се базира врз ***acquis*** за потрошувачите, односно збир на правила и прописи што ЕУ ги има усвоено низ годините со цел да ги заштити правата и интересите на потрошувачите. Тоа опфаќа широк спектар на мерки, регулативи, директиви и одлуки што покриваат различни аспекти на правата на потрошувачите, како што се безбедноста на производите, продажбата на далечина и нефер комерцијални практики (European Parliament, 2023). На ниво на ЕУ постои и Мрежа на европски потрошувачки центри што им нудат совети на жителите и на граѓаните на ЕУ за нивните потрошувачки права и правна заштита при купување и патување во друга земја членка на ЕУ, Норвешка или Исланд (European Consumer Centres Network, 2023). Исто така, според правилата на ЕУ, постои позитивен пример на трговска практика, т.н. 14 дена – период на „разладување" или откажување на понудата (14-day cooling-off period), при што трговецот мора да го поправи, да го замени, да ја намали цената или да ги врати парите ако доброто што го купил потрошувачот се покаже дека е неисправно или не работи како што е наведено. Истото правило важи и за производите или услугите што се купуваат во дигиталниот простор или надвор од продавница, па може да ја откажете или да ја вратите нарачката во рок од 14 дена, од која било причина и без оправдување (Директива 2011/83/EU).

# ЗАКОНОДАВСТВОТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Република Северна Македонија е кандидат за членство во ЕУ и во таа насока го хармонизира своето законодавство и во овој домен – потрошувачките односи во дигиталниот простор. Врз основа на стручна анализа на правилата, може да се каже дека РСМ има сеопфатна законска регулатива што се однесува на правата на потрошувачите, електронската трговија, уредувањето на договорните односи и споровите што произлегуваат од непочитувањето на овие права. Исто така, правата на потрошувачите во дигиталниот простор и нивната заштита се цел на анализа и на организациите што работат во ова поле и активно се залагаат за промоција и за нивно унапредување. Покрај тоа што онлајн купувањето станува сè поактуелно, потрошувачите сè уште не се чувствуваат доволно безбедни за да стапуваат во потрошувачки односи во дигиталниот простор, иако имаат можност со подобрување на дигиталните вештини самите да се штитат од потенцијални измами при интернет-купување (Ангеловска 2019, АЕТМ). Иако можеби ваквиот начин на тргување сè уште не изгледа сосема прифатлив за граѓаните и се смета дека проблемот лежи во недоволната информираност и ниската куповна моќ на населението, сепак ризикот при правење електронски трансакции во Република Северна Македонија е многу голем, што влијае врз слабата заинтересираност на граѓаните за електронска трговија (Темјановски 2012, стр. 261).

Согласно Уставот на РСМ, се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото, при што државата треба да им обезбеди еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот (Устав на РСМ, 1991, член 55). Со оглед на тоа што трговијата и договорните односи што произлегуваат од овој институт се широки и разновидни, таа се регулира со Законот за трговија, според кој во членот 2 се определува како збир на деловни активности поврзани со набавка и продажба на стоки, како и обезбедување услуги за профит (Закон за трговија, 2004). Со Законот за трговија се регулира и електронската трговија, која се дефинира како посебен начин на вршење трговија на големо и на мало по пат на договор, а се организира од страна на трговецот за продажба преку некое комуникациско средство под услови пропишани со закон или друг пропис (чл. 18).

Законот за електронска трговија во првиот член ги уредува услугите на информатичкото општество поврзани со електронската трговија, одговорностите на давателите на услуги на информатичкото општество, комерцијалната комуникација и правилата во врска со склучувањето на договорите во електронски облик (Закон за електронска трговија, 2007).

Еден од суштинските механизми за заштита на правата на потрошувачите во РСМ претставува Законот за заштита на потрошувачите од 2022 година, кој е правен следбеник на Законот за заштита на потрошувачите од 2000 година. Новиот закон е донесен во согласност со новата правна рамка – сет од регулативи и директиви на ЕУ и Поглавјето 28, кој ги следи политиките на ЕУ и ги регулира правата на потрошувачите, нуди сеопфатна заштита на потрошувачите и животната средина и се дефинираат правата и обврските на здруженијата на потрошувачи и надлежностите на државната администрација за заштита и унапредување на правата на потрошувачите (Академик, 2019). Со Поглавјето 28, кое се однесува на заштитата на потрошувачите, опфатена е и безбедноста на стоките за широка потрошувачка, заштитата на економските интереси на потрошувачите, а од државите членки се очекува да го вметнат законодавството на ЕУ во националното. Исто така, се предвидуваат и соодветни судски и вонсудски механизми за заштита и за решавање

спорови, но и информации и едукација за потрошувачите и улогата на организациите за заштита на потрошувачите (European Commission, 2022). Согласно Извештајот на Европската комисија за напредокот на Северна Македонија за 2022 година, Северна Македонија останува умерено подготвена во областа на заштитата на потрошувачите и здравјето. Европската комисија препорачува на државата во 2023 година да ја усогласи правната рамка со правото на ЕУ за заштита на потрошувачите и да ги зајакне функционалните структури што служат за заштита на потрошувачите (European Commission, 2022).

Законот таксативно ги набројува правата на потрошувачите, и тоа: право на задоволување на основните потреби, право на безбедност, право на информираност, право на избор помеѓу повеќе стоки или услуги, право на учество во процесите на донесување и спроведување на политиките за заштита на потрошувачите, право на правна заштита во постапка во случај на повреда на правата и надоместок на штета што му е причинета на потрошувачот и право на едукација (член 2). Во вториот дел од Законот детално се регулирани обврските на трговците што се однесуваат на информирање на потрошувачите, продажни поттикнувања, акциска и промотивна продажба, известување за начините и средствата за плаќање, одговорност за штета, забрана на нечесна трговска практика, забрана за измамнички трговски практики и сл. Во третиот дел се уредуваат потрошувачките договори со нивните обележја и дозволени форми, начинот на склучување и раскинување на договорите. Интересно е да се напомене дека новиот Закон за заштита на потрошувачите е усогласен со соодветните документи и тенденции на политиките на ЕУ, па така, во него се определува правото на повлекување, при што потрошувачот има право на повлекување од договорот на далечина или од договорот вон деловните простории во рок од 14 дена, без притоа да даде причина или образложение за повлекувањето од договорот и без негова обврска да плати какви било трошоци (член 127). Во четвртиот дел се регулира заштитата на правата на потрошувачите преку институционалната рамка и здруженијата на потрошувачи. За заштита на потрошувачите, Владата на Република Северна Македонија, на предлог на министерот за економија, донесува Програма за заштита на потрошувачите за период од една година (чл. 170). Владата на Република Северна Македонија, на предлог на министерот за економија, формира Совет за заштита на потрошувачите (чл. 172), кој се грижи за заштита и остварување на правата на потрошувачите и за нивното редовно информирање во остварувањето на нивните права (чл. 173). Здруженијата за заштита на правата на потрошувачите се дефинирани како носители на заштитата на правата на потрошувачите, кои ги основаат потрошувачите со цел унапредување, остварување и заштита на своите права (член 176). Најмалку три здруженија за заштита на правата на потрошувачите може да се здружат во сојуз на здруженија со цел унапредување на заштитата на правата на потрошувачите и заедничко спроведување на нивните активности (чл. 185).

Според Законот, здружувањето на трговците може да биде и во стопански комори, како носители на кодекс на однесување, и кои имаат цел да спроведуваат активности за заштита на правата на потрошувачите (член 186). Со Законот за заштита на правата на потрошувачите и Законот за медијација се регулирани и потрошувачките спорови што настануваат помеѓу потрошувачот и трговецот во врска со исполнувањето на потрошувачкиот однос, а се специфични затоа што тие често имаат мала вредност, а се засегнати многу лица – потрошувачи (Закон за медијација, 2021). Затоа, најчесто потрошувачот не се впушта во решавање на овие спорови, бидејќи смета дека не му се исплаќа да се впушта во правната бирократија и да губи време и пари.

Законот јасно ја определува и постапката за остварување заштита на правата на потрошувачот, која може да ја остварува преку: 1) потрошувачки приговор пред трговците; 2) покренување потрошувачки спор во парнична постапка и 3) вонсудско решавање потрошувачки спор (чл. 188).

Во случај на правен спор и правни празнини, се применува Законот за облигационите односи во делот со кој се регулираат трговијата и договорните односи, посебно во делот на регулирање на правата и обврските помеѓу е-трговците и корисниците на услуги што не се потрошувачи во дигиталниот простор (Закон за облигационите односи, 2001).

Покрај сеопфатната правна регулатива, граѓаните сè уште не уживаат комплетна заштита на нивните права, особено во дигиталниот простор, што зависи од многу фактори, а особено недовербата во институциите, лошата практика на одолжување на постапките и непостапување по пријави, како и слаба активност на здруженијата на потрошувачи и локалните совети за заштита на правата на потрошувачите. Ова го покажува и истражувањето на Организацијата на потрошувачи на Македонија (ОПМ) од 2016 година, според кое 60 % од анкетираните потрошувачи се соочиле со некаков проблем при онлајн купувањето, а најчестиот проблем се нерегистрирани трговци на социјалните мрежи, па најчесто не им е доставен производ со ист квалитет како прикажаниот, надминат е рокот на испорака и немаат можност да го вратат (ОПМ, 2016).

Во однос на институционалната заштита и унапредување на правата на потрошувачите, значајна улога имаат и локалните совети за заштита на потрошувачите, кои се предвидени со Законот за заштита на потрошувачите, чија улога е да донесуваат локални двегодишни програми за заштита на потрошувачите и да им даваат поддршка на потрошувачките организации што дејствуваат на локално ниво (чл. 126).

## 1. ИНФОРМИРАНОСТ ЗА ПОТРОШУВАЧКИТЕ ПРАВА ВО ОНЛАЈН ПРОСТОРОТ ВО РСМ – АНКЕТА

За потребите на овој труд, а во рамките на истражувањето, спроведена беше и анонимна онлајн анкета врз 134 испитаници, која како посредна цел има креирање мерки и препораки до институциите и трговците за подобрување на степенот на заштита на личните податоци и правата на потрошувачите што одлучиле да купуваат онлајн. Анкетата содржеше прашања од отворен и од затворен тип, со можност за избирање еден или повеќе одговори и дополнување со цел граѓаните да може целосно да го изразат своето мислење и став за определеното прашање.

Во првиот дел од анкетата се презентирани резултатите поврзани со демографските податоци. Во однос на овие карактеристики, може да се каже дека добиените одговори се разновидни. Опфатени се граѓани на различна возраст, а најбројна категорија се од 19 до 35-годишна возраст (50 %), додека, пак, од 0 до 18-годишна возраст се 14,2 %, од 36 до 50-годишна возраст се 29 граѓани, односно 21,6 %, од 51 до 65-годишна возраст се опфатени 10,4 % и над 66-годишна возраст – 3,7 %. Во однос на полот, 59 % од испитаниците се од женски пол, а 41 % се од машки пол. Според општина, опфатени се граѓани од вкупно 26 општини и од Градот Скопје.

**Графикон бр. 1** Демографски податоци за испитаниците според возраст и пол.




Во вториот дел од прашалникот, кој се однесува на правата на потрошувачите, добиени се следниве резултати:

- 115 или 85,8 % од испитаниците купуваат онлајн, а најчесто купуваат книги (66 испитаници), 62 купуваат облека, 43 купуваат туристички аранжмани, 40 купиле електроника, 32 испитаници купуваат аксесоари, а останатите купувале опрема, мебел, козметика, обувки, храна, лекови и сл. Од испитаниците, 89 одговориле дека се соочиле со проблем при остварувањето на потрошувачките права;
- При остварувањето на потрошувачките права, граѓаните имале најголеми проблеми со нереални попусти (33,6 %), лоша и ненавремена испорака (28,4 %), лажни веб-страници (26,1 %), проблем со гарантен лист, неиздавање фискална сметка, а 13 испитаници одговориле дека имале проблем со финансиски услуги – брзи кредити.

**Графикон бр.2** Податоци на испитаниците за прашањето
„Дали сте се соочиле со некаков проблем при остварувањето на Вашите потрошувачки права во онлајн просторот?“



- 78 од испитаниците не се запознаени со нивните потрошувачки права кога купуваат онлајн, а останатите 56 се запознаени, но во однос на обврските на трговците, граѓаните покажуваат дека немаат доволно познавање. Така, најголем дел од испитаниците (42) дале оцена 1 за обврската на трговецот за забрана за условени продажби дека воопшто не ја познаваат, а најмногу се запознаени со обврската на трговците за означување на цените и валутата на јасен и недвосмислен начин и известување за начините и средствата за плаќање (29 испитаници).

**Графикон бр.3** Податоци на испитаниците за прашањето „Оценете ги следните обврски на трговците од 1 до 5 (1 означува најслабо или целосно непознавање на правото, а 5 целосно сте информирани за правото) според нивото на Вашето познавање на истите“.




- 44,8 % од испитаниците сметаат дека законската регулатива не дава целосна заштита на правата на потрошувачите, 41 % сметаат дека може да биде подобро, а само 14 % сметаат дека законската регулатива е целосна и сеопфатна и нуди соодветна заштита.

**Графикон бр.4** Податоци на испитаниците за прашањето „Дали сметате дека законската регулатива во РСМ дава максимална заштита на правата на потрошувачите во онлајн просторот?"




- 99 испитаници не се доволно информирани за своите потрошувачки права при купување онлајн и 79 од испитаниците сметаат дека треба да добиваат повеќе информации за нивните права како потрошувачи од интернет-продавницата од која се купува, 75 преку електронските медиуми, 65 испитаници бараат повеќе информации од Советот за заштита на потрошувачите, а 52 од Државниот пазарен инспекторат.

**Графикон бр.5** Податоци на испитаниците за прашањето „Ве молиме означете од каде би требало да добивате повеќе информации за Вашите права како потрошувач?"




- На следното прашање „Дали сте запознаени со улогата на следните институции/тела при заштита на правата на потрошувачите во онлајн просторот?", граѓаните најмногу се запознаени со работата на Државниот пазарен инспекторат (80 испитаници), а најмалку ја познаваат работата на локалните совети за заштита на правата на потрошувачите (117 граѓани). Од набројаните институции и тела, може да се забележи дека граѓаните не ја познаваат доволно нивната функција и не знаат дека може да се информираат од нив за нивните потрошувачки права. Важно е да се напомене дека покрај непознавањето на институциите, граѓаните не ги познаваат ниту здруженијата, сојузите и Организацијата на потрошувачите на Македонија како правни механизми за унапредување на правата на потрошувачите.

Во завршниот дел, граѓаните дадоа препораки за унапредување на заштитата на правата на потрошувачите, кои опфаќаат: подигнување на потрошувачката свест и култура, со цел да се постигне највисоко ниво на унапредување на заштитата на правата на потрошувачите, обезбедување функционален систем за пријавување неправилности и за санкционирање трговците што ги прекршуваат правата, сузбивање на сивата економија, промоција на здруженијата што работат во полето на заштитата на правата на потрошувачите, локално информирање и јасно наведување на условите за продажба, односно обврските на трговците за заштита на правата на потрошувачите.

# ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Правната регулатива во РСМ што ги регулира правата на потрошувачите во дигиталниот простор е сеопфатна, но треба да се започне со нејзина ефективна примена. Голем дел од граѓаните не ги познаваат актуелните законски можности што им нудат поголема заштита во потрошувачките односи и затоа ретко влегуваат во вакви односи, а кога им е повредено некое право, речиси никогаш не се одлучуваат да поведат спор или постапка за мирно решавање на проблемот, без оглед на тоа дали станува збор за судско или вонсудско решавање на спорот. Направената нормативна анализа на правната рамка во РСМ покажа дека домашното законодавство изобилува со сеопфатна регулатива со европски стандарди за решавање на потрошувачките спорови, како и унапредување на правата на потрошувачите, а особено со донесувањето на новиот Закон за заштита на правата на потрошувачите од 2022 година. Со оглед на тоа што станува збор за релативно „младо“ законодавно тло, потребно е да се работи на информирање, промоција и едукација на граѓаните, но и на трговците и институциите што се надлежни за спроведување на законите, со цел да се обезбеди ефективна примена на правната регулатива.

Со анализата за нивото на познавање и информираност за правата на потрошувачите во онлајн просторот и добиените наоди од истражувањето, може да се заклучи дека граѓаните не се доволно запознаени и едуцирани за нивните права како потрошувачи во интернет-просторот, и покрај тоа што најголемиот дел од нив купуваат на интернет и секојдневно стапуваат во потрошувачки односи.

Препораките што произлегуваат од истражувањето и заклучоците се следниве:

*- подигнување на потрошувачката свест и култура,* со цел да се достигне највисоко ниво на унапредување на заштитата на правата на потрошувачите. Во овој контекст, активна улога би имале институциите, посебно локалните совети за заштита на потрошувачи, кои е потребно да вршат непосредна јавна промоција на потрошувачките права во соработка со граѓанскиот сектор, кој има веќе воспоставени конекции со граѓаните и работи во полето на информирање и едукација. Неизоставен дел имаат и самите трговци, кои со едукација на граѓаните за нивните потрошувачки права директно преку нивните онлајн продажни места (платформи) ќе може да дадат придонес во подигнувањето на свеста и културата на потрошувачите за правилен избор на онлајн продавница што работи во рамките на законската регулатива;

*- обезбедување функционален систем за пријавување неправилности* и соодветни санкции за трговците што ги прекршуваат правата на потрошувачите, обезбедување правни можности за купување онлајн и од други држави без ограничувања, а со соодветна институционална меѓународна соработка, олеснување на можностите за купување онлајн преку донесување подзаконски акти, со што би се обезбедило и навремено доставување на бараните стоки и услуги, обезбедување повеќе информации за граѓаните и сеопфатна едукација за нивните права од страна на институциите што се надлежни за спроведување на постојните закони. Исто така, да постојат конкретни рокови за достава, по што може да се бара и отповикување на производот, да постои надлежно тело до кое може да се поднесе претставка во случај на кршење на правата, кое би реагирало во најбрз можен рок, а постапката би била брза, евтина, ефективна и експедитивна;

***- сузбивање на сивата економија,*** која зема голем замав токму поради можностите за тргување во интернет-просторот, неиздавањето фискални сметки, неплаќањето даноци, што целосно наштетува и на целокупната економија на државата. Затоа е потребно граѓаните да се заштитат при тргување во онлајн просторот најпрво со проверка на трговецот на платформата за е-трговија за сите, каде што во онлајн регистарот може да проверат дали продажното место е регистрирано во една од петте банки во Северна Македонија што може да прават онлајн трансакции, а потоа да стапуваат во потрошувачки односи;

***- промоција на здруженијата што работат на заштитата на правата на потрошувачите*** и нивна поддршка за промоција на правата и нивно доближување до граѓаните преку изработка на различни брошури и анализи што ќе бидат јавно достапни за граѓаните, зголемување на онлајн информирањето преку користење на социјалните мрежи како главна алатка во пристапот до информации и активна соработка на здруженијата на потрошувачи со државните институции, со цел да се обезбеди сеопфатно јавно информирање, но и ефективна соработка во сузбивањето и активното решавање на споровите што произлегуваат од потрошувачките односи во интернет-просторот;

***- локално информирање*** – локалните институции да промовираат едукација и информирање на граѓаните за потрошувачките права, како и зголемување на соработката на Советот за заштита на потрошувачите формиран од Владата на РСМ со Советите за заштита на потрошувачите од поодделни општини и Градот Скопје со цел унапредување на соработката и согледување на степенот на реализација на локалните програми за заштита на потрошувачите;

***- јасно наведување на условите за продажба*** – ова се однесува на обврските на трговците за заштита на правата на потрошувачите. Особено е важно да постои јасна напомена за замена и враќање производ, цената да одговара на квалитетот, да се обезбеди поголема заштита при купување на интернет, посебно во делот на гаранција и сервисирање, да се издава гарантен лист и за добра купени на интернет, да биде олеснет начинот за замена на производи и да се враќаат парите за неисправен производ, воведување систем на маркирање лажни веб-страници и лоцирање и отстранување измамници во меѓусебна соработка со институциите, трговците и граѓаните, со што би се намалила и нелојалната конкуренција.



# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Ангеловска, Н. & Ангеловска, Ј. (2022) „Е-трговијата во Република Северна Македонија и споредба со регионот и европските земји“, 2022 година, Асоцијација за е-трговија на Македонија;
2. EU Mapping: Overview of Internal Market and Consumer Protection relatedlegislation, 2023; Достапно на: https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/STUD/2023/740062/IPOL_STU(2023)740062_EN.pdf; Пристапено на: 18.06.2023;
3. Modernisation of EU consumer protection rules, A new deal for customers, 2018; Достапно на: https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/BRIE/2018/623547/EPRS_BRI(2018)623547_EN.pdf; Пристапено на: 16.06.2023;
4. Организација на потрошувачите на Македонија (2022) „Алтернативни начини на решавање на потрошувачките спорови, Медијацијата како начин на вонсудско решавање на потрошувачките спорови“; Достапно на: https://opm.org.mk/wp-content/uploads/2022/12/Bros_Medijacija_MK.pdf; Пристапено на: 12.06.2023;
5. Организација на потрошувачите на Македонија (2016) „Анализа на анкета за информираноста на граѓаните за своите потрошувачки права“; Достапно на: https://opm.org.mk/analiza-na-anketa-za-informiranosta-na-graganite-za-svoite-potroshuvachki-prava/; Пристапено на: 29.06.2023;
6. Организација на потрошувачите на Македонија (2022) „Решавање на потрошувачките приговори од страна на трговците, мирно решавање на спорот“; Достапно на: https://opm.org.mk/wp-content/uploads/2022/12/Bros_Prigovor_MK.pdf; Пристапено на: 29.06.2023;
7. Sampaio J. (2023). World Consumer Rights Day: Expert highlights knowledge of rights as high point of date; Достапно на: https://portal.fgv.br/en/news/world-consumer-rights-day-expert-highlights-knowledge-rights-high-point-date; Пристапено на: 18.06.2023;
8. Темјановски, Р. (2012) „Е-бизнис“, Штип: Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, Економски факултет;
9. The European Consumer Organisation (2018) “Ensuring Consumer protection in the platform economy“; Достапно на: https://www.beuc.eu/sites/default/files/publications/beuc-x-2018-080_ensuring_consumer_protection_in_the_platform_economy.pdf; Пристапено на: 02.08.2023;
10. The University of Law, (2021) “Consumer Law“; Достапно на: https://www.law.ac.uk/employability/legal-practice-areas/consumer-law/; Пристапено на: 18.06.2023.

# ЕВРОПСКИ ДОКУМЕНТИ – ПРЕПОРАКИ И ДИРЕКТИВИ

1. European Commission (2022) “North Macedonia Report 2022“; Достапно на: https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2022-10/North%20Macedonia%20Report%202022.pdf; Пристапено на: 12.06.2023;
2. European Parliament and the Council (2011) “Directive on consumer rights 2011/83/EU“; Достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:02011L0083-20220528; Пристапено на: 20.06.2023;
3. European Union (2023) “Your rights when shopping“; Достапно на: https://europa.eu/youreurope/citizens/consumers/shopping/shopping-consumer-rights/index_en.htm; Пристапено на: 18.06.2023.

# ДОМАШНО ЗАКОНОДАВСТВО


1. Закон за електронска трговија, „Службен весник на РСМ“ бр. 133 од 02.11.2007 година;
2. Закон за заштита на личните податоци, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42 од 16.02.2020 година;
3. Закон за заштита на потрошувачите, „Службен весник на РСМ“ бр. 236 од 07.11.2022 година;
4. Закон за медијација, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294 од 27.12.2021 година;
5. Закон за облигационите односи, „Службен весник на РСМ“ бр. 07-761/1 од 20.02.2001 година;
6. Закон за трговија, „Службен весник на РСМ“ бр. 16/2004 година;
7. Устав на Република Северна Македонија, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 52 од 22.11.1991 година.


# КОРИСТЕНИ ВЕБ-СТРАНИЦИ


1. Академик (2019) „Презентиран новиот Предлог-закон за заштита на потрошувачите“; Достапно на: https://akademik.mk/prezentiran-noviot-predlog-zakon-za-zashtita-na-potroshuvachite/; Пристапено на: 12.06.2023;
2. Ангеловска Н. (2019) „Како до побезбедно онлајн купување?“; Достапно на: https://www.slobodnaevropa.mk/a/29660720.html; Пристапено на: 02.08.2023;
3. E-Commerce (2023) „Во првите 3 месеци од 2023, кон домашните е-трговци се слеале 123,1 милиони евра“; Достапно на: https://ecommerce.mk/vo-prvite-3-meseczi-od-2023-kon-domashnite-e-trgovczi-se-sleale-123-1-milioni-evra-so-rast-od-14-5/; Пристапено на: 02.08.2023;
4. European Consumer Centres Network, 2023; Достапно на: https://www.eccnet.eu/; Пристапено на: 15.06.2023;
5. Организација на потрошувачите на Македонија (2023) „Не пополнувајте ги полињата без *: Нема како да се спречат измамите при онлајн купување“; Достапно на: https://republika.mk/vesti/ekonomija/ne-popolnuvajte-gi-polinata-bez-nema-kako-da-se-sprechat-izmamite-pri-onlajn-kupuvane/; Пристапено на: 01.08.2023;
6. Statista, (2020) “Revenue of the e-commerce industry in the U.S. 2017-2027“; Достапно на: https://www.statista.com/statistics/272391/us-retail-e-commerce-sales-forecast/; Пристапено на: 01.08.2023;
7. Study Smarter, (2020) “Consumer Law“; Достапно на: https://www.studysmarter.co.uk/explanations/business-studies/influences-on-business/consumer-law/; Пристапено на: 16.06.2023;
8. The World Bank (2022) “Consumer rights in the digital context“; Достапно на: https://digitalregulation.org/consumer-rights-in-the-digital-context/; Пристапено на: 18.06.2023.

# РЕГУЛИРАЊЕ НА ОНЛАЈН МЕДИУМИТЕ: ПОТРЕБАТА ЗА СОВРЕМЕНА ЗАКОНОДАВНА РАМКА ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје
Маријана Т. Китаноска

# Резиме

Онлајн медиумите играат значајна улога во современото општество, обезбедувајќи брз и лесен пристап до информации, комуникација и размена на знаење. Со растот на дигиталната технологија и развојот на интернетот, овие медиуми стануваат сè попопуларни и влијателни. Сепак, со оглед на нивната комплексност и потенцијалните предизвици, се појавува потребата за современа законодавна рамка за нивно регулирање.

Предметот на истражувањето е анализата на потреба од развој и имплементација на современа законодавна рамка што ќе ги регулира активностите на онлајн медиумите во современото дигитално општество. Со оглед на брзите технолошки промени и предизвиците поврзани со слободата на изразување, истражувањето ја оправдува потребата за развој и имплементација на современа законодавна рамка што ќе придонесе за подобро уредување и контрола на активностите на онлајн медиумите во дигиталната ера.

Во ова истражување се разгледува значењето на онлајн медиумите, како и различните видови и нивната популарност. Се анализира влијанието што го имаат врз информативната и социјалната мрежа, при што се истакнува нивната моќ на обликување на јавното мислење и влијание во процесите на комуникација.

Специфичните предизвици при регулирањето на онлајн медиумите се анализираат преку прашањата за брзите промени во технологијата и дигиталната комуникација, како и границите на слободата на изразување и контролата на ширењето дезинформации. Прегледот на законодавството во други земји и меѓународните организации ни овозможува да извлечеме научни и практични насоки за формулирање современа законодавна рамка идеална за Република Северна Македонија.

Согласно нашето истражување и анализа, заклучуваме дека наша е задачата да ја формулираме и да ја имплементираме современата и ефикасна законодавна рамка за регулирање на онлајн медиумите. Приспособлива на технолошките напредоци и вклучувачка во сите релевантни страни, оваа рамка треба да биде насочена кон заштитата на приватноста и безбедноста на корисниците, борбата против дезинформациите и развојот на одговорна и информирана онлајн средина.

Во иднина, неопходно е непрекинато ажурирање и усовршување на законодавството, со цел да се обезбеди динамична и добро уредена онлајн средина, која ќе ги задоволи потребите на современото дигитално општество. Преку заеднички напори може да создадеме околина каде што онлајн медиумите ќе бидат инструмент за подобрување на информативноста, одговорноста и демократијата.

**Клучни зборови:** онлајн медиуми, регулирање, законодавна рамка, дезинформации, дигитална комуникација, соработка.

# Вовед

Современото општество се наоѓа во епоха на брзи технолошки промени и дигитална трансформација, а тоа доведува до големи промени во начинот на комуникација и пристапот до информации. Во срцето на оваа дигитална ера се наоѓаат онлајн медиумите, кои играат одлучувачка улога во општеството и влијаат врз начинот на живеење на луѓето.

Во продолжение ќе ги истакнеме главните делови на овој труд, вклучувајќи ги методологијата, аспектите што ќе бидат разгледани и заклучоците што ќе бидат извлечени, акцентирајќи го подобрувањето на регулативните мерки за онлајн медиумите во дигиталната ера.

Во воведот се вклучува темата и се образложува значењето на регулирањето на онлајн медиумите во дигиталната ера.

Делот за значењето и видовите онлајн медиуми ги разгледува различните видови онлајн медиуми и нивното влијание врз информативноста и социјалните мрежи.

Предизвиците при регулирањето на онлајн медиумите е посветен за анализа на предизвиците поврзани со брзите технолошки промени, дезинформациите и слободата на изразување.

Во прегледот на меѓународните и националните регулации се претставува анализата на законодавствата и регулативите што ги користат другите земји за регулирање на онлајн медиумите.

Во делот за потребата за современа законодавна рамка се аргументира за потребата од адаптирана и ефикасна законодавна рамка во дигиталната ера.

Делот за имплементација и предизвици зборува за начините на имплементација на законодавствата, при што се прави обид да се предвидат можни предизвици.

За да го истражиме предметот на трудот, применуваме методологија што вклучува анализа на литература, документи, законодавство и истражувачки студии за регулација на онлајн медиумите и дигиталната комуникација. Првично, ќе се изврши преглед на релевантната литература и законодавството поврзано со регулирањето на онлајн медиумите. Се истражуваат научни статии, книги, закони и регулации, како и најновите извештаи од меѓународните организации.

Онлајн медиумите, вклучувајќи ги новинарските веб-страници, блоговите, социјалните мрежи и видеоплатформите донесоа ново време кон пристапот до информациите и содржините. Тие овозможуваат брзо споделување вести, мислења и искуства, создавајќи глобална комуникациска мрежа. Располагаат со огромно количество содржина од различни извори, а тоа создава платформа за активна дебата и интеракција меѓу корисниците. Онлајн медиумите имаат способност да „инфлуенсираат“ милиони луѓе низ целиот свет и да формираат јавно мислење, како и да влијаат врз социјалните мрежи.

Покрај сите предности и можности што ги нудат онлајн медиумите, сѐ уште постојат недостатоци и пропусти во сферата на регулацијата. Брзите технолошки промени создаваат предизвици за третирање на новите облици на комуникација и информација што се појавуваат на интернет. Иако онлајн медиумите овозможуваат слободен пристап до информации, неконтролираното ширење

дезинформации, фалсификувани вести и онлајн непристојности може да доведат до сериозни последици. Во огромниот океан на информации и содржини тешко е да се разликуваат вистинските информации од дезинформациите и фалсификуваните вести. Ова може да доведе до загуба на доверба во медиумите и да ја навреди квалитетната и објективна новинарска пропаганда. Исто така, виралните ширења на онлајн непристојности и злоупотреби може да создадат негативна клима и да го нарушат дигнитетот на индивидуите. Оттука произлегува потребата за регулирање на онлајн медиумите, со цел да се одржи интегритетот на информациите и да се заштитат корисниците од негативни влијанија.

Современите закони и регулативи мора да се приспособат на новите реалности и да се развиваат во исто темпо со технолошките иновации. За да се обезбеди ефективно и праведно регулирање на онлајн медиумите, потребна е современа законодавна рамка што ќе ги разбира и адаптира специфичностите на дигиталната ера. Оваа законодавна рамка треба да биде флексибилна и приспособлива за да може да ги засегне новите предизвици и технолошкиот напредок во оваа брзо менувачка дигитална средина. Покрај тоа, важно е да се создаде соработка помеѓу владините институции, онлајн платформите и граѓанското општество за да се постигне баланс помеѓу слободата на изразување и потребата за заштита на јавниот интерес и безбедноста на корисниците. Воведувањето ефективен механизам за саморегулација и надзор може да помогне во поддршката за одговорноста и етиката во онлајн медиумите.

Во оваа статија ќе ја истражиме потребата за современа законодавна рамка во Република Северна Македонија за регулирање на онлајн медиумите, истакнувајќи ги предностите и предизвиците што ги носат дигиталните комуникации и новите медиуми. Ќе разгледаме различни модели и пристапи на други земји ширум светот што може да послужат како водич во креирањето ефикасна и адаптирана законодавна рамка во контекстот на нашето општество.

Секако, во текот на статијата ќе се фокусираме на решенија и предлози чија цел ќе биде да ја заштитат слободата на изразување, да го подобрат квалитетот на информациите и да ги намалат ризиците што ги носат онлајн медиумите.

# 1. ЗНАЧЕЊЕТО НА ОНЛАЈН МЕДИУМИТЕ

## 1.1. ВИДОВИ ОНЛАЈН МЕДИУМИ И НИВНАТА ПОПУЛАРНОСТ

Во денешното општество, онлајн медиумите играат неизмерлива улога во пренесувањето и споделувањето информации и содржини. Онлајн медиумите се разновидни платформи базирани врз интернет што овозможуваат достапност до новости, мислења, мултимедијални содржини и интеракција со други корисници. Вклучуваат новинарски веб-страници, блогови, социјални мрежи, видеоплатформи и други слични платформи.

Различните видови онлајн медиуми се популарни поради нивната лесна достапност, брзина на пристап, големиот број корисници и широкиот спектар на содржини што ги нудат.

Едни од најпопуларните видови онлајн медиуми се новинарските веб-страници и портали. Тие се онлајн верзии на традиционалните новинарски изданија и обезбедуваат брз и лесен пристап до актуелни вести и информации од различни сфери, како што се политика, економија, спорт, забава и други. Поради нивната популарност и достапност, новинарските веб-страници стануваат основен извор на информации за голем дел од луѓето. Се одликуваат со брзина на објавување на вестите и интерактивност со читателите. Познати примери вклучуваат „Нова Македонија“, „Дневник“, „Утрински весник“ и други.

Следниот популарен вид онлајн медиуми се блоговите. Блоговите се лични веб-страници или дигитални дневници каде што авторите имаат можност да споделуваат свои мислења, искуства, ставови и интереси. Овие медиуми го овозможуваат самоизразувањето на индивидуите, го стимулираат креативниот израз и им даваат можност да комуницираат со својата публика. Популарните блогови обично се посветени на мода, патувања, фитнес, кулинарство, личен развој итн.

Социјалните мрежи, како што се Фејсбук, Инстаграм, Твитер и ЛинкдИн, се уште еден вид популарни онлајн медиуми (Van Dijck & Poell 2018). Тие овозможуваат интеракција и споделување содржина меѓу корисниците и создаваат глобална комуникациска мрежа. Социјалните мрежи имаат големо влијание во формирањето јавно мислење, активирањето дебати и споделувањето искуства.

Видеоплатформите, како што е Јутјуб, имаат значително влијание во онлајн медиумската средина. Корисниците имаат можност да креираат и да споделуваат видеосодржина, а тоа вклучува влогови, музички видеа, образовни содржини и многу друго. Овие платформи им овозможуваат на корисниците да бидат активни креатори и да го делат своето знаење и талент со широката публика.

## 1.2 ВЛИЈАНИЕТО НА ОНЛАЈН МЕДИУМИТЕ

Влијанието на онлајн медиумите е значајно и присутно во различни аспекти на нашето општество. Онлајн медиумите им овозможуваат на луѓето да бидат информирани за важни настани и развој на случувања, како и да ги споделуваат своите мислења со другите. Тие стануваат платформа за дебата, мобилизација и промена.

Сепак, влијанието на онлајн медиумите може да биде и двострано. Со ширењето дезинформации и фалсификувани вести постои ризик од создавање неправилни слики и мислења во јавноста. Исто така, социјалните мрежи може да доведат до формирање ехо-комори[25] и филтрирање на информациите, што може да влијае врз перцепцијата на корисниците за реалноста. Неколку аспекти на нивното влијание се следниве:

1. Информативност: Онлајн медиумите обезбедуваат брз и едноставен пристап до информации и вести од целиот свет. Луѓето може брзо да бидат информирани за настани и развој на ситуации.

2. Формирање јавно мислење: Онлајн медиумите имаат способност да формираат јавно мислење преку објавување вести, мислења и анализи. Се отвора платформа за дебата и интеракција помеѓу корисниците, што ги вклучува во формирањето на општествените и политичките прашања (Chadwick & Howard 2018).

3. Друштвено активирање: Онлајн медиумите може да бидат средство за друштвено активирање и организирање граѓански протести, акции и кампањи. Тие овозможуваат да се споделуваат и да се поддржуваат идеи што ја менуваат социјалната средина.

4. Засилување на гласот на маргинализираните: Онлајн медиумите имаат потенцијал да го засилат гласот на маргинализираните групи и да ги подигнат важните прашања што се игнорирани од традиционалните медиуми. Тие им овозможуваат да споделуваат свои искуства и да бидат дел од јавната расправа.

## 1.3. ПРЕДИЗВИЦИ ПРИ РЕГУЛИРАЊЕТО НА МЕДИУМИТЕ: ПРОМЕНИ ВО ТЕХНОЛОГИЈАТА, СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА ДЕЗИНФОРМАЦИИ

Предизвиците при регулирањето на онлајн медиумите се многубројни и се појавуваат како резултат на брзите промени во технологијата и дигиталната комуникација. Воведувањето на новите информациски и комуникациски технологии има огромно влијание врз начинот на кој шириме и примаме информации, но и предизвикува сериозни прашања за слободата на изразување и контролата на дезинформациите. Некои аспекти на овие предизвици се следниве:

**Брзина и леснотија на ширење информации:** Со појавата на социјалните медиуми и други онлајн платформи, информациите може да се шират многу брзо и едноставно. Ова може да биде предизвик за регулаторите, бидејќи не е лесно да се следат и да се контролираат сите содржини што се појавуваат на интернет.

**Граници на слободата на изразување:** Еден од најголемите предизвици при регулирањето на онлајн медиумите е балансирањето на слободата на изразување со заштита на јавниот интерес и спречување на ширењето дезинформации. Важно е да се постапи со преовладувачка намера да се предупредат потенцијални негативни последици, без да се ограничи слободата на говорот и изразувањето.

25 Изразот „ехо-комора“ се однесува на појавата во информатичкото и комуникациско поле каде што корисниците на интернет и социјалните медиуми имаат тенденција да бидат изложени само на информации и мислења што ги потврдуваат нивните постојни ставови и верувања. Ова се одвива поради тоа што социјалните медиуми им овозможуваат на корисниците да изберат и да следат содржини што им се приспособени и што се во согласност со нивните интереси и вкусови.

**Контрола на дезинформации:** Во дигиталната ера, ширењето дезинформации стана лесно и ефикасно. Луѓето се изложени на голем број информации, но не може секогаш да разликуваат вистински информации од лажни или манипулативни. Регулаторните органи треба да развијат ефикасни механизми за препознавање и справување со дезинформациите, како и за поддршка на образование и свест на граѓаните за критичко размислување и проверка на изворите на информации.

**Меѓународна соработка и хармонизација:** Интернетот и онлајн медиумите надминуваат граници и национални јурисдикции. Ова создава предизвик во регулирањето и контролата на активностите на онлајн медиумите. Потребно е соработка и координираност меѓу различните држави и меѓународни организации за да се развијат заеднички стандарди и мерки за регулирање. Хармонизацијата на законодавството и стандардите може да помогне во борбата против дезинформациите.

**Прекумерна концентрација на моќ:** Еден од предизвиците што треба да бидат разгледани во контекстот на регулирањето на онлајн медиумите е прекумерната концентрација на моќ во рацете на неколку големи платформи и компании (Hindman 2018). Овие компании имаат голема контрола над претставувањето и распространувањето на информациите, а тоа може да влијае врз медиумската плурализација и слободата на изразување.

**Интернет-безбедност и сајбер сигурност:** Регулативата за онлајн медиумите треба да се фокусира и на аспектите поврзани со интернет-безбедноста и сајбер сигурноста. Ова вклучува заштита од хакерски напади, злоупотреба на податоци и информации, како и спречување онлајн криминал и ширење вируси.

**Подобрување на алгоритамската предвидливост:** Многу онлајн медиуми користат алгоритми за прикажување и препорачување содржина. Овие алгоритми може да имаат значително влијание врз информативните погледи и навики на корисниците. Затоа, регулаторите треба да ги истражат и да ги контролираат алгоритамските процеси, осигурувајќи предвидливост и одговорност во прикажувањето на содржината.

Преку обработување на овие предизвици во рамките на законодавната регулација на онлајн медиумите може да изградиме одржлива и одговорна онлајн медиумска средина. Крајната цел е да се осигури безбедна и етична употреба на онлајн медиумите, која ќе ги заштити интересот и безбедноста на корисниците и јавниот интерес во целост.

# 2. СОВРЕМЕНИ ЗАКОНОДАВНИ РЕШЕНИЈА

За да се одговори на предизвиците што ги носат онлајн медиумите, потребна е современа законодавна рамка што ќе ја регулира нивната активност и ќе ги справи со социотехничките аспекти на дигиталната ера. За да се креира таква рамка, важно е да се прегледаат законодавствата во други земји и препораките од меѓународните организации.

# 2.1 ПРЕГЛЕД НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ВО ДРУГИ ЗЕМЈИ И МЕЃУНАРОДНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Регулирањето на онлајн медиумите во современото општество претставува предизвик што бара современи и напредни законодавни решенија. Прегледот на законодавството во други земји и меѓународните институции може да обезбеди корисни насоки и идеи за современата законодавна рамка во Република Северна Македонија.

Многу земји ширум светот веќе го применуваат законодавството за онлајн медиумите или ги изменуваат постојните закони за да се адаптираат на современите предизвици. Некои земји постапно ги прошируваат правата и одговорностите на онлајн медиумите, додека, пак, други се фокусирани на заштитата на приватноста и сигурноста на корисниците. Европската Унија и меѓународните организации, како што е Советот на Европа, преку разни законодавни инструменти и препораки се обидуваат да ги усогласат законодавствата на различните држави во контекстот на онлајн медиумите.

Некои од примерите за регулативата вклучуваат:

**Европска унија:** ЕУ има различни директиви и регулации што ги обработуваат аспектите на онлајн медиумите. На пример, Директивата за аудиовизуелните медиуми ги регулира програмите на телевизиите и видеоплатформите, додека, пак, Генералната директива за заштита на податоци (GDPR) се однесува на заштитата на приватноста и обработката на податоци (European Commission, 2020).

**Совет на Европа:** Советот на Европа, како меѓународна организација посветена на заштитата на човековите права и демократијата, разработува препораки и насоки за членките на организацијата со цел подобрување на правната околина на континентот. Во врска со регулирањето на онлајн медиумите, Советот на Европа може да изрази препораки што се засноваат врз следниве аспекти:

· **Заштита на слободата на изразување:** Законодавството треба да биде дизајнирано да го заштити основното право на слобода на изразување на интернет.

· **Заштита на приватноста и податоците:** Регулативите треба да ја обезбедат адекватната заштита на приватноста и личните податоци на корисниците на онлајн медиумите.

· **Борба против дезинформации и непристојни содржини:** Законите треба да ја адресираат проблематиката со дезинформации и ширење непристојни содржини на интернет.

· **Одговорност на платформите и провајдерите:** Регулаторната рамка треба да ги вклучи одговорностите на онлајн платформите и интернет-провајдерите за содржините што се објавуваат на нивните платформи.

· **Прекршување на авторските права и интелектуалната сопственост:** Регулаторните мерки треба да ги заштитат правата на креаторите и сопствениците на содржина од недозволено користење.

**Соединетите Американски Држави:** Во САД постои законодавство како што е Законот за комуникации од 1934 година и Законот за право на заштита на приватноста на потрошувачите. Постојат и други закони и правилници што ги регулираат онлајн медиумите и интернет-просторот.

**Останати земји:** Многу земји, како што се Австралија, Канада, Јапонија и други, имаат различни закони и кодекси што ги обработуваат аспектите на онлајн медиумите. Некои од нив се фокусираат на заштита на авторските права, онлајн безбедност, заштита на децата и борба против неправилности.

## 2.2 ИДЕИ И ПРЕДЛОЗИ ЗА СОВРЕМЕНА ЗАКОНОДАВНА РАМКА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Истражувањето и адаптирањето на законодавството од други земји и меѓународни организации може да ни обезбеди вредни идеи и предлози за современата законодавна рамка во Република Северна Македонија. Некои од можните мерки и предупредувања што може да бидат вклучени се:

**Унапредување на постојното законодавство:** Првиот чекор е преглед и модернизација на постојните закони и прописи, како што се Законот за медиумите и Законот за информатичка безбедност. Ова треба да ги вклучи аспектите, како што се транспарентност, финансиска одговорност, заштита на приватноста и борба против дезинформации. Законодавството треба да го обработува широкиот спектар на аспекти на онлајн медиумите, вклучувајќи ги авторските права, приватноста, сигурноста на податоците, заштитата на децата, неправилната содржина и борбата против дезинформации.

**Креирање регулаторно тело:** Законодавството треба да бара онлајн медиумите да бидат транспарентни во врска со изворот на информации, финансиската структура и приказната на содржината. Истовремено, треба да се стави акцент на одговорноста на онлајн медиумите за содржината што ја објавуваат и негативните последици што може да ги имаат. За успешно регулирање на онлајн медиумите може да биде потребно формирање специјализирано регулаторно тело. Ова тело треба да биде независно и компетентно, со задача да го проследува и да го спроведува законодавството (Адамчевски и други 2010).

**Промовирање меѓуинституционална соработка:** Регулаторното тело треба да соработува со други владини институции, како што се министерствата за информатика и комуникации, полицијата и правосудството. Соработката помеѓу институциите е критична за ефективно регулирање и примена на законодавството. Законодавството треба да ја стимулира заштитата на корисниците и нивните права во онлајн просторот. Ова може да вклучува механизми за пријавување неправилности, судски и административни механизми за решавање спорови, како и надзорни органи што ќе проверуваат и ќе санкционираат неправилности.

# 2.3 ПОТРЕБАТА ЗА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ВЛАДИНИТЕ ИНСТИТУЦИИ, ОНЛАЈН ПЛАТФОРМИТЕ И ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

Еден од предизвиците што ги создаваат онлајн медиумите е брзината на информациите и комуникацијата. Дигиталната ера ги промени начините на кои се пренесува и се споделува информацијата. Во моментов, информациите може да се шират со невидена брзина, а нивната достапност е само на еден клик далеку. Оваа динамика создава предизвик за регулаторите да го следат и претходат развојот на онлајн медиумите и да го приспособат законодавството според новите технологии и практики.

Друг предизвик е границата на слободата на изразување и контролата на ширењето дезинформации преку онлајн медиумите. Иако слободата на изразување е важно демократско право, се појавуваат предизвици во смисла на заштита на личноста и честа на луѓето. Дезинформациите што може да се шират преку онлајн медиумите може да имаат сериозни последици за индивидуите и општеството како целина.

Соработката помеѓу владините институции, онлајн платформите и граѓанското општество е од особена важност во развојот и примената на современата законодавна рамка. Владините институции треба да бидат отворени за дијалог и соработка со онлајн платформите и граѓанското општество, за да може да ги разберат потребите и проблемите во сферата на онлајн медиумите. Исто така, онлајн платформите и граѓанското општество треба да имаат активна улога во донесувањето предлози и идеи за подобрување на законодавството.

Владините институции треба да имаат законски механизми и капацитет да ги регулираат и да ги надгледуваат онлајн медиумите. Тие треба да бидат во тек со најновите технолошки и социјални промени и да имаат механизми за сослушување на јавното мислење и претставување на интересите на граѓаните.

Онлајн платформите, како што се социјалните мрежи и платформи на кои се споделуваат видеа, треба да бидат активни учесници во регулативниот процес. Тие треба да го спроведуваат законодавството и да имаат механизми за контрола и филтрирање на содржината.

Граѓанското општество има важна улога во промовирањето на одговорноста на онлајн медиумите. Организациите за заштита на потрошувачите, граѓанските иницијативи и активистите треба да ги поддржат напорите за регулирање на онлајн медиумите и да ги информираат граѓаните за нивните права и одговорности во онлајн просторот.

# ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Во ерата на онлајн медиумите се справуваме со предизвици и промени што бараат современи и ефективни законодавни решенија. Прегледот на законодавството во други земји и меѓународните организации, како и идеите и предлозите за современа законодавна рамка во Република Северна Македонија ни овозможуваат да изградиме систем што одговара на потребите на дигиталната ера.

За успешно регулирање на онлајн медиумите, потребно е да бидат искористени сите достапни идеи и предлози. Соработката помеѓу владините институции, онлајн платформите и граѓанското општество е неизбежна за успешно регулирање на овој сектор. Само преку овој вид соработка може да создадеме праведлива и етичка околина, каде што ќе се обезбедат слобода на изразување и заштита од дезинформации.

Во овој труд беше разгледано значењето на онлајн медиумите, различните видови и нивната популарност, како и влијанието што го имаат врз нашето секојдневно живеење. Исто така, елаборирани беа предизвиците при регулирањето на овие медиуми, како што се брзите промени во технологијата и комуникациските трендови, и границите на слободата на изразување и контролата на дезинформациите.

Дополнително, потенцирана беше важноста на современо законодавство и прегледот на законодавството во други земји и меѓународните организации. Исто така, истакнати беа и идеите и предлозите за современа законодавна рамка во Република Северна Македонија, со фокус на потребата за соработка помеѓу владините институции, онлајн платформите и граѓанското општество.

Од сето претходно наведено може дека се заклучи дека, во иднина, нашата законодавна рамка треба да биде приспособлива на технолошките напредоци и да одговара на промените во онлајн медиумите. Приоритет треба да биде заштитата на приватноста и безбедноста на корисниците, како и борбата против дезинформациите. Онлајн медиумите имаат голем потенцијал за позитивно влијание во општеството, и преку соодветна регулатива може да го искористиме тој потенцијал за нашата научна и информативна област.

Само со постојано ажурирање и усовршување на законодавството може да се гарантира динамична и уредена онлајн средина што ќе одговара на потребите на современото дигитално општество. Затоа, побудни сме да ги примениме заклучоците и препораките од ова истражување и да ги примениме во создавањето ефикасна и современа законодавна рамка за регулирање на онлајн медиумите во Република Северна Македонија. Со примената на современи законодавни решенија, Република Северна Македонија ќе се придружи на глобалната сцена на напредните и одговорни онлајн медиуми и ќе придонесе за напредокот на дигиталното општество.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Адамчевски, М., Чаусидис, Т., Петковска, Б., Трпевска, С., и Трајкоска, Ж. (2010), Осврт кон прашањето на саморегулацијата во медиумите во Македонија, Македонски институт за медиуми & Висока школа за новинарство и за односи со јавноста, Скопје, 2010;
2. Boczkowski, P. J., & Anderson, C. W. (2017). Remaking the News: Essays on the Future of Journalism Scholarship in the Digital Age. MIT Press;
3. Chadwick, A., & Howard, P. N. (Eds.). (2018). The Routledge Handbook of Elections, Voting Behavior and Public Opinion. Routledge;
4. Council of Europe. (2020). Recommendation CM/Rec(2020)2 on the Roles and Responsibilities of Internet Intermediaries;
5. Couldry, N., & Hepp, A. (Eds.). (2017). Media Events in a Global Age. Routledge;
6. Dubois, E., & Blank, G. (2018). The Echo Chamber is Overstated: The Moderating Effect of Political Interest and Diverse Media. Information, Communication & Society, 21(5), 729-745;
7. Dutton, W. H. (2013). The Oxford Handbook of Internet Studies. Oxford University Press;
8. European Commission. (2020). Democracy Action Plan: Making EU Democracy Stronger;
9. Franklin, B., & Eldridge II, S. A. (2018). The Routledge Handbook of Developments in Digital Journalism Studies. Routledge;
10. Fuchs, C. (2014). Social Media: A Critical Introduction. SAGE Publications;
11. Hindman, M. (2018). The Internet Trap: How the Digital Economy Builds Monopolies and Undermines Democracy. Princeton University Press;
12. Napoli, P. M. (2019). Social Media and Public Interest: Media Regulation in the Disinformation Age. Columbia University Press;
13. Trottier, D., & Fuchs, C. (Eds.). (2018). Social Media, Politics and the State: Protests, Revolutions, Riots, Crime and Policing in the Age of Facebook, Twitter and YouTube. Routledge;
14. Tumber, H., & Waisbord, S. (Eds.). (2018). The Routledge Companion to Media Misinformation and Populism. Routledge;
15. United Nations. (2019). Report of the Special Rapporteur on the Promotion and Protection of the Right to Freedom of Opinion and Expression;
16. Van Dijck, J., & Poell, T. (2018). Social Media and Society. Oxford University Press;
17. Webster, F. (2018). Theories of the Information Society. Routledge;
18. https://avmu.mk/ (28.6.2023, 16:00 ч.);
19. https://mim.org.mk/mk/ (28.6.2023, 16:26 ч.).

# ПОИМ И ПОЈАВНИ ОБЛИЦИ НА РОДОВО ЗАСНОВАНО НАСИЛСТВО ВО САЈБЕР ПРОСТОРОТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА




Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола
Правен факултет – Кичево
Радмила Јовановска

# Резиме

Појавата и развојот на дигиталната технологија и современиот начин на живеење создадоа нераскинлива врска меѓу новите технологии и секојдневниот живот. Но, тоа создаде и нова врска меѓу истите тие технологии и криминалното однесување. Посебно, комбинацијата на паметните телефони со камери, социјалните мрежи и лесниот пристап до интернет формираа „триаголник“ што овозможи сторителите на кривични дела да може уште посилно нивните насилни, сексуални и злоставувачки акти да ги преземаат онлајн.

Република Северна Македонија во последните години се соочува со феноменот на родово заснованото насилство во сајбер просторот, притоа имајќи неколку добропознати и медиумски покриени случаи, како што се „Јавна соба“ и „Јавна соба 2“, како и случаи во кои новинарки, пратенички, министерски и други жени на јавни функции или професии биле предмет на онлајн закани за силување и мизогинија, како и случаи каде што сторителите ги снимале сексуалните напади и видеата ги споделувале на социјалните мрежи.

Предмет на истражување на овој труд претставуваат појавните облици на родово заснованото насилство во Република Северна Македонија, анализирани преку случаи од практиката. Исто така, предмет на интерес се и законските решенија што при реакцијата на државните институции во случаите од практиката покажаа одредени недостатоци.

Методологијата на трудот вклучува анализа на законските решенија во Република Северна Македонија поврзани со овие облици на родово заснованото насилство, како и анализа на одредени случаи од практиката, кои укажаа на недостигот на законска регулатива, но и на недостигот на подготвено дејствување на надлежните институции.

**Клучни зборови:** појавни облици, родово засновано насилство, сајбер простор, Северна Македонија, технологија.

# Вовед

Почнувајќи од 1979 година со Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација на жените (CEDAW), подвлечена е потребата од заштита на жените од дискриминација и различен вид насилство. По CEDAW, донесени се низа меѓународни документи што ја доразработуваат и ја дополнуваат оваа област, но тие кулминираат на европско тло со најважниот документ меѓу нив, а тоа е Конвенцијата на Советот на Европа за превенција и спречување на насилството врз жените и домашното насилство или попозната како Истанбулска конвенција.

Клучната важност на Истанбулската конвенција е во дефинирањето на насилството, каде што примарниот мотив на сторителот е нејзиниот род. На ваков начин се прави јасна дистинкција меѓу родово заснованото насилство и другите видови насилство. Исто така, се посочува дека насилството врз жените (поради тоа што се жени) е последица, но и фактор за нееднаквите односи на моќ меѓу мажите и жените, што, пак, води до понизок статус на жените во јавниот и приватниот живот (GREVIO, 2023: 10).

Родовите стереотипи за традиционалните родови улоги се значително присутни во Република Северна Македонија. Поради тоа, жените најчесто се поврзуваат со грижата и обврските во домот, грижата за децата, а многу поретко со професионалната кариера. Ваквата општествена перцепција, но и реалност значи помала вклученост на жените во културата, спортот, слободното време, волонтерските и добротворните активности.

Трудот го обработува прашањето поврзано со родово заснованото насилство во сајбер просторот. Во првиот дел е обработен поимот на родово засновано насилство во дигиталниот простор и неговите облици, додека, пак, вториот дел се однесува на технички потпомогнатото родово засновано насилство во Република Северна Македонија. Третиот дел се однесува на заклучоците и препораките за надминување на дел од тековните состојби, но и превенирање идни вакви дејства.

Методологијата на трудот вклучува анализа на законските решенија во Република Северна Македонија поврзани со овие облици на родово заснованото насилство, како и анализа на два случаја од практиката („Јавна соба“ и „Јавна соба 2“), кои укажаа на недостигот на законска регулатива, но и на недостигот на подготвено дејствување на надлежните институции.

# Поим за родово засновано насилство во сајбер просторот

Насилството врз жените и девојчињата, без оглед на тоа дали се случува офлајн или онлајн, претставува најсериозна форма на родово заснована дискриминација. Тогаш кога се случува во сајбер просторот, најчесто се случува истовремено со традиционалните форми на родово засновано насилство, бидејќи го има истиот механизам на патријархатот, како и т.н. модерни форми.

Истанбулската конвенција го дефинира насилството врз жените како непочитување на човековите права и форма на дискриминација врз жените чија последица е физичка, сексуална, емоционална или економска повреда или страдање на жените, вклучувајќи и закани за такви дејства, заплашување или арбитрарна депривација од слободата, без оглед на тоа дали се случува во јавниот или во приватниот живот (член 3, Истанбулска конвенција).

Пауел и Хенри (2017) зборуваат за насилство во сајбер просторот како „сексуално насилство што е технолошки олеснето“ и го дефинираат како секој акт каде што информациската и комуникациската технологија се користат за да „олеснат или да овозможат сексуална или родово заснована повреда врз жртвите“ (Powell & Henry 2017: 205). Насилството во дигиталниот простор е концепт што се однесува на криминално или друг тип однесување што е сексуално агресивно и вознемирувачко и е извршено со помош или употреба на средства за комуникација (Powell & Henry 2017).

Родово заснованото насилство во сајбер просторот вклучува различни форми на девијантно и криминално однесување, како онлајн говор на омраза (најчесто мизогинија), сајбер демнење, онлајн сексуално вознемирување, други форми на сајбер вознемирување, сајбер булинг, сексуално насилство засновано врз слики, како и други форми. Кај сите претходно наведени појавни облици, технологијата „им помага“ на сторителите во извршувањето на кривичните дела (Henry & Powell 2014).

Онлајн формите на родово заснованото насилство следуваат или претходат на „традиционалните“ форми, а нивните последици се важни и исти како и на другите форми. Честопати, нивната позиција во криминалниот процес е како „продолжение на насилството“ (McGlynn, Rackley & Houghton 2017: 36).

## *Зошто родово заснованото насилство во дигиталниот простор се случува многу често и зошто институциите не успеваат да го ограничат?*

Со развојот на технологијата, многумина истражувачи од феминистичките студии за технологијата и општеството ја анализираа родовата природа на технологијата (Bimber 2000). Нивните погледи биле можеби и повеќе од оптимистични, објаснувајќи дека технологијата ќе му помогне на општеството да се развива и ќе овозможи да „замислиме свет без родови“ (West & Zimmerman 1987; Butler 1990). Од друга страна, феминизмот тврди дека технологијата е родово поделена, односно дека луѓето што се најчесто во неа се мажи, популарните и културни слики се поврзани со „хегемонска машкост“, знаењето и практиката во техничките области се родово сегрегирани, па така технологиите се алтернативен свет каде што традиционалните хиерархиски родови односи се само копирани.

Вајцман (2004) зборува за технофеминизам, посочувајќи дека постои заедничка врска меѓу родот и технологијата, каде што и двете се извор и последица на родовите односи, и обратно, родовите односи се нивни извор и последица (Wajcman 2002: 356; Wajcman 2004). Технологијата не е неутрална, туку е вградена и претставува конститутивен елемент на општеството. Заедно со општествените норми и практики, конструира технолошки посредуван социјален ред (Ito & Okabe 2005).

Технологијата не треба да биде сфатена како средство за извршување на кривичните дела или како сила што ја променила феноменологијата на криминалот, туку како алтернативен и/или паралелен свет каде што родовите односи се реплицирани, а уште полошо, реплицирани се и насилните културни обрасци и практиките на сексуално насилство.

Каде е правото? Како што се развива технологијата, правото се бори да „држи чекор" со новите можности на дигиталниот свет. Постојат различни правни приоди во справувањето и инкриминацијата на новите, односно старите форми на родово заснованото насилство во сајбер просторот. Најголемите тешкотии и предизвици на новите закони се да ги потенцираат последиците од тие акти, но и да обезбедат адекватна заштита за жртвите, откривање и санкционирање на сторителите, пред сѐ, кога тие се лоцирани на друго место и се наоѓаат под јурисдикција на друга држава, кога ќе успеат да ја скријат својата IP-адреса.

Следен предизвик се меѓународните провајдери, пред сѐ, во случаите на социјалните мрежи или социјалните апликации на паметните телефони. Имено, честопати компаниите што овозможуваат услуги за интернет и телекомуникации не соработуваат со полицијата. Во тие случаи, се зголемуваат пречките за доаѓање до докази за успешно кривично гонење и правда за жртвите (Powell & Henry 2016). Понекогаш, на технолошките и социјалните медиуми им недостигаат механизми за адресирање онлајн родово засновано насилство.

Друг предизвик што е многу важен е обвинувањето на жртвите. Облиците на родово заснованото насилство во сајбер просторот ги имаат истите последици како и „традиционалните" форми, и тие се штетни и важни како и другите. Жртвите ги доживуваат во сите области на животот и вклучуваат ментална и психолошка повреда, штета во професионалното напредување, нарушување на приватноста, повлекување од јавниот живот и/или дебата, итн.

Обвинувањето на жртвите, кое се случува секој ден, ги обесхрабрува жртвите да истапат и да ги пријават сторителите во полиција, но прави тие да веруваат дека и доколку пријават, полицијата не би ги сфатила сериозно. Ваквата состојба со себе ја повлекува потребата од сензибилизација на полициските службеници што работат на вакви случаи, но и работата за отстранување на стереотипите и предрасудите за тоа кој е виновен кога ќе се случи кривично дело, пред сѐ, некој од облиците на родово засновано насилство.

## Родово засновано насилство (во сајбер просторот) во Република Северна Македонија

Република Северна Македонија во 2011 година ја потпиша, во 2018 година ја ратификува Истанбулската конвенција, а конечно во 2023 година инкриминираше многу нови облици на родово заснованото насилство, со инкриминации и за нивните форми во сајбер просторот, како што се сајбер демнењето и сајбер сексуалното вознемирување.

Пред инкриминациите на новите кривични дела, кои произлегуваат од обврските од Истанбулската конвенција, многу жени и девојки беа жртви на родово засновано насилство во сајбер просторот. Од тој период, посебно познати се случаите „Јавна соба“ и „Јавна соба 2“, но и други случаи каде што нивни фотографии и видеоснимки биле споделувани без нивна дозвола.

Најголем број од жртвите биле измамени за да ги пратат своите интимни фотографии, а потоа тие фотографии биле споделувани во групи на социјалните мрежи. Двата посочени случаи (кои ќе ги анализираме подолу) покажуваат дека државните институции не презеле речиси ништо за да им помогнат на жртвите, иако некои од нив и ги пријавиле дејствата, но и ги покажуваат нивото на знаење за безбедноста во сајбер просторот и последиците од неовластената употреба на лични податоци.

## *Случајот „Јавна соба“*

Доколку ги погледнеме информациите на Statista, може да заклучиме дека Телеграм е една од десетте најпопуларни апликации, а нејзините десктоп и мобилни верзии имаат повеќе 700 милиони корисници.[26]

Од 2021 година наваму, во Северна Македонија има зголемување на бројот на групи на Телеграм, каде што се споделуваат фотографии и видеоснимки со експлицитна содржина. Всушност, групите биле формирани за да се споделуваат експлицитни фотографии и видеоснимки, но и лични податоци, адреси на живеење, телефонски броеви и профили на Фејсбук и Инстаграм на жени и девојки (некои и деца).

Првата јавно објавена група е т.н. „Јавна соба“, која броеше над 7 000 членови (мажи) и во која биле споделени над 10 000 фотографии и видеа од жени и девојки.[27]

Зошто сторителите на вакви дејства најчесто ја користат апликацијата Телеграм? Затоа што како платформа за комуникација, таа е анонимна. Всушност, Телеграм користи опција за „анонимен администратор“ што дозволува администраторите на групата да бидат анонимни и да ги нема на листата на членови на групата. Тоа значи дека другите членови не може да ги видат останатите членови во групата (освен администраторите). Пораките што ги праќаат администраторите го содржат името на групата, но не и нивното име (името на тој што ја праќа пораката).[28]

Првата „Јавна соба“ беше откриена на почетокот на 2020 година. Во процесот за тој случај, Министерството за внатрешни работи потврди дека Телеграм не соработува и дека не сака да даде никакви електронски докази за нејзините членови.

Истрагата беше водена од Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика во соработка и координација со јавниот обвинител. Како резултат на преземени дејства беа идентификувани две лица (креаторот и администраторот на групата) и им биле одземени нивните електронски направи за вештачење.

Официјалниот извештај на МВР вклучувал информации за кривичните дела што биле извршени со преземените дејства, односно членот 149 „Злоупотреба на лични податоци“ (67 кривични дела), потоа членот 193 „Прикажување на порнографски материјал на дете“ (15

26 https://www.statista.com/statistics/272014/global-social-networks-ranked-by-number-of-users/ (23.06.2023).

27 https://republika.mk/vesti/crna-hronika/javna-soba-sega-se-vika-grupa-samo-za-vozrasni-i-vekje-ima-rechisi-7000-chlenovi/ (25.06.2023).

28 https://www.techmesto.com/manage-remain-anonymous-mode-telegram-group/ (25.06.2023).

кривични дела) и членот 193-а „Производство и дистрибуција на детска порнографија“ (9 кривични дела). Покрај наведените кривични дела, случајот вклучувал и сексуално злоставување преку фотографии и одмаздничка порнографија. Зошто? Затоа што најголемиот број жртви фотографиите и видеоснимките првично ги споделиле со нивните поранешни интимни партнери (во времето на споделувањето биле во интимна врска), а потоа тие ги препратиле (како одмазда за прекинот на интимната врска).

Она што е дополнително важно за случајот е дека жртвите доживеале секундарна виктимизација и ревиктимизација, бидејќи по откривањето на случајот, јавноста ги обвини жртвите, а не оние што ги споделуваа материјалите и сексуално ги вознемируваа и ги демнеа жртвите.

Исходот од овој случај бил санкција за две лица што по службена должност беа кривично гонети за кривичното дело „Производство и дистрибуција на детска порнографија“ од член 193-а од Кривичниот законик на РСМ. Ниту еден од членовите на групата не беше кривично гонет, затоа што останатите кривични дела се гонат по предлог на жртвите, кои поради секундарната виктимизација, ревиктимизацијата и стигматизацијата, не се охрабриле да пријават.

Таквите резултати од истрагата, всушност, ги охрабриле сторителите, кои повторно креираа нова група на Телеграм, овој пат „Јавна соба 2“. Истрагата била иста како и претходниот случај. Државните органи повторно пратиле барање до Телеграм за податоци околу креаторот, администраторите и членовите на оваа втора група, а за тоа барање до ден-денес нема одговор.

# ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Дигиталниот свет во кој живееме е алтернативен, кој е различен од физичкиот, но е свет во кој социјалните односи се исти, патријархалните односи и комодификацијата на жените се само копирани. Но, тоа не значи дека интеракцијата преку дигиталните платформи не треба да биде безбедна. Дигиталните права се човекови права и се блиско поврзани со слободата на говор и правото на приватност. Да се биде безбеден во дигиталниот свет мора да биде гарантирано исто како што е и во физичкиот. За жал, исто како и во физичкиот, така и во дигиталниот свет, кривичните дела се случуваат постојано. И дел од нив не се нови, модерни кривични дела, поврзани со хакери и мултинационални компании, туку се конвенционални, традиционални кривични дела, кои се случуваат во сајбер просторот. Многу појавни облици на родово заснованото насилство се случуваат во сајбер просторот и многу често, слично како во реалниот свет, нивните сторители не се санкционирани. Непостапувањето на институциите и несанкционирањето на сторителите ги охрабрува останатите да вршат вакви кривични дела, а ги обесхрабрува жртвите да ги пријават.

Родово заснованото насилство мора постојано да биде на агендата на државните институции и нивниот фокус мора да биде на повеќе научни истражувања во областа; посилна законска рамка; подобра соработка меѓу министерствата и интернет-платформите, социјалните мрежи и другите актери во дигиталниот простор; стратегии за заштита и поддршка на жртвите; развој на информациски извори за жртвите; развој на стратегии за превенција од виктимизација во сајбер просторот.

Првиот чекор во успешното спречување на криминалното однесување во сајбер просторот може да се постигне само преку пренасочување на стигмата и обвинувањето на жртвите кон сторителите.



# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Bimber, B. (2000). Measuring the gender gap on the Internet. Social Science Quarterly, 81(3), 868–876;

2. Butler, J. (1990). Gender trouble: Feminism and the subversion of identity. London: Routledge;

3. Ito, M., & Okabe, D. (2005). Technosocial situations: Emergent structuring of mobile email use. In M. Ito, D. Okabe, & M. Matsude (Eds.), Personal, portable, pedestrian: Mobile phones in Japanese life (pp. 257–273). Cambridge, MA: MIT Press;

4. Powell, A., & Henry, N. (2016). Policing technology-facilitated sexual violence against adult victims: Police and service sector perspectives. Policing and Society;

5. Powell, A., & Henry, N. (2017). Sexual Violence in a Digital Age. Melbourne: Palgrave Macmillan;

6. Wajcman, J. (2002). Addressing technological change: The challenge to social theory. Current Sociology, 50(3), 347–363;

7. Wajcman, J. (2004). TechnoFeminism. Cambridge, UK: Polity Press;

8. West, C., & Zimmerman, D. H. (1987). Doing gender. Gender & Society, 1(2), 125.



# ЗАШТИТА ОД ГОВОР НА ОМРАЗА НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје
Сара Марковска

# Резиме

Полека, но сигурно, социјалните мрежи стануваат центарот на сите збиднувања. Таквата концентрација на луѓе, податоци, фотографии, видеа и нивните споделувања со себе носи можност за интензивна комуникација со поголема маса луѓе. Идејата зад социјалните мрежи во најмала рака е филантропска. Нивниот развој понуди глобално вмрежување и комуникација, кои се темелат на правото на слободно изразување. Но, за жал, нивната широка застапеност, минималните услови за креирање профили и анонимноста ја покажаа и нивната темна страна. Таа страна е своевидна пандорина кутија, во која и покрај сите зла, за предметот на овој труд ќе го издвоиме говорот на омраза на социјалните мрежи. За говор на омраза се смета секој став што има цел да омаловажи, обесчовечи, односно да повика на омраза и насилство кон определено лице/група поради неговите карактеристики. Токму социјалните мрежи на глобално ниво, но особено во држави како нашата, станаа плодна почва за ширење говор на омраза. Па така, слабата регулираност, несанкционирањето, а често и анонимноста на говорот на омраза, од социјалните мрежи направи мегдан за секојдневно истурање фрустрации. Законската рамка на Република Северна Македонија предвидува определена заштита за жртвите на говор на омраза во онлајн просторот, но главниот проблем е инертноста на македонскиот правосуден систем. Станува збор за проблем што можеби и никогаш нема целосно да се искорени, но со цел подобрување на ситуацијата, неопходно е развивање позитивни политики, заштита преку административни и граѓански закони и предвидување кривични санкции (Камбовски и Лазарова Трајковска 2012).

**Клучни зборови:** социјални мрежи, право на слободно изразување, говор на омраза, заштита, инертност.

# Вовед

Постепениот развој на технологијата, нејзината сè поширока застапеност, пристапност и едноставност резултираше со тоа на почетокот на дваесет и првиот век да се појават предците на денес веќе добропознатите социјални мрежи. Според најновите податоци, 62 % од вкупната светска популација има пристап до интернет, а дури 60 % од популацијата користи социјални мрежи (Flynn 2023).[29] Со масовното користење на социјалните мрежи и практикувањето на тој начин на правото на слобода на изразување, се појави и говорот на омраза, кој денес претставува широко застапен горлив проблем, вклучително и во Република Северна Македонија.

Предмет на истражување на овој труд е говорот на омраза на социјалните мрежи и заштитата што се обезбедува во оваа смисла во Република Северна Македонија. Притоа, методологијата на истражување главно вклучува анализа на релевантна литература и законска регулатива поврзана со говорот на омраза.

Во првата тематска целина на трудот се дефинира правото на слободно изразување, со посебен осврт на меѓународните документи што го гарантираат ова право. Ваквото дефинирање е неопходно поради тоа што слободното изразување е темелот врз кој се заснова секое демократско општество.

Втората тематска целина го разграничува говорот на омраза од правото на слобода на изразување поради тоа што слободата на изразување е право што доаѓа со „должности и одговорности“, особено кога таквите изразувања се во конфликт со „правата на другите“. Вака поставено, правото на слободно изразување знае да предизвика заблуда кај определени поединци. Па така, дел од нив сметаат дека ова право им дава можност да споделуваат мислења и ставови што повредуваат нечии права и поттикнуваат омраза, непочит и нетолеранција. За говор на омраза се смета секоја форма на изразување што шири, поттикнува, промовира или оправдува омраза, повикува на насилство и нетолеранција врз основа на раса, религија, етничка припадност, национално потекло, сексуална ориентација и слично. Мета на ваквиот говор може да биде едно или повеќе лица што припаѓаат на група што споделува определени карактеристики. Токму социјалните мрежи, особено во државите како што е Република Северна Македонија, се плодно тло за ширење говор на омраза. Исто така, и посткомунистички, поствоени општества каде што степенот на образование е низок, а сиромаштијата, фрустрациите и незадоволството се високи. Тоа се општества каде што говорот на омраза и дискриминацијата сè уште ретко се пријавуваат, а уште поретко се санкционираат. Нивното несанкционирање, особено на социјалните мрежи, остава впечаток дека тоа не е погрешно и дека, всушност, поединецот само го искажал својот став.

Понатаму, во рамките на третиот дел се анализира и домашното законодавство на Република Северна Македонија каде што постојат одредби што го криминализираат говорот на омраза поради неговата посебна содржина. Предвид се земени сите релевантни одредби според кои може да се санкционира таквото изразување. Говорот на омраза е криминализиран со Кривичниот законик, а дополнително во борбата против говорот на омраза може да се земат предвид определени одредби од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Дополнително, во четвртиот дел на овој труд се посветува внимание на практиката на Европскиот суд за човекови права во врска со случаите на говор на омраза на социјалните мрежи.

На крајот на трудот, во делот насловен „Заклучоци и препораки“ се наведуваат заклучоци и конкретни препораки на авторот со цел санкционирање, но и намалување на говорот на омраза на социјалните мрежи.

29 Види повеќе на: https://www.zippia.com/advice/how-many-people-use-the-internet/; Пристапено на: 2 јуни 2023 година.

# 1. ДЕФИНИРАЊЕ НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ

Слободата на изразување, во својата смисла, овозможува размена и плурализам на идеи за да се оствари богатството на мислата и преку комуникација да се реализираат демократијата и политичкиот дискурс. Затоа и нејзините ограничувања мора да поминат преку строг филтер со цел таа да не се загрози или, пак, да се злоупотреби. При разгледување на случаите на ограничување на слободата на изразување, може да се идентификуваат случаи кога определено изразување може да наштети на цели што се легитимно заштитени. Таквиот механизам обезбедува да не се злоупотреби слободата на изразување и да не се насочува кон комплетна спротивност на самата оваа слобода, како што претставува говорот на омраза што е најсериозна злоупотреба на можноста за изразување (Михајлова, Бачовска и Шекерџиев 2013).

Слободата на изразување е едно од основните граѓански и политички права. До ваков заклучок може да се дојде преку анализа на повеќе меѓународни документи од областа на човековите права. Па така, во Универзалната декларација за човековите права од 1948 година (Генерално собрание на ООН, 1948), поточно членот 19, се констатира дека:

***„Секој има право на слобода на мислење и изразување. Ова право ја вклучува и слободата да се застапува одредено мислење без никакво вмешување и да се бараат, да се примаат и да се даваат информации и идеи преку медиумите и без оглед на границите.“***

Како што веќе беше споменато, слободата на изразување не е апсолутна и во ниту еден случај не може да има слобода без ограничување. Доколку не е така, слободата без ограничување може да доведе до кршење други човекови права. Ваквата проблематика е регулирана и во самата Универзална декларација за човековите права, со тоа што членот 29 регулира кога може да биде ограничено правото.[30]

Две години подоцна, на сцена стапува и Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи од 1950 година (Совет на Европа, 1950), која во членот 10 го гарантира правото на слободно изразување.[31] Овој член го заштитува правото на мисла и изразување, но ги дефинира и условите за нивно ограничување. Па така, од текстот на одредбата може да се извлече заклучок дека секој човек има право на слобода на изразување, но дека таа слобода може да биде ограничена со закон поради оправдана легитимна цел (пример: државна безбедност, заштита на ред и мир, заштита на угледот и правата на други и слично), чие остварување е неопходно за едно демократско општество.

30 Универзална декларација за човековите права, член 29: 1. Секој има должности кон заедницата во која единствено е возможен слободниот и целосен развој на неговата личност; 2. При користењето на своите права и слободи, секој човек ќе подлежи само на такви ограничувања, какви што се определени со закон, со единствена цел да се осигури должното признавање и почитување на правата и слободите на другите и со цел да се задоволат предметните барања во врска со моралот, јавниот ред и општата благосостојба во едно демократско општество; 3. Овие права и слободи во ниту еден случај не можат да бидат користени на начин што е спротивен на целите и принципите на Обединетите нации.

31 Европска конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, член 10: 1. Секој човек има право на слобода на изразувањето. Ова право ги опфаќа слободата на мислење и слободата на примање и пренесување информации или идеи, без мешање на јавната власт и без оглед на границите. Овој член не ги спречува државите, на претпријатијата за радио, филм и телевизија да им наметнуваат режим на дозволи за работа; 2. Остварувањето на овие слободи, кое вклучува обврски и одговорности, може да биде под одредени формалности, услови, ограничувања и санкции предвидени со закон, кои во едно демократско општество претставуваат мерки неопходни за државната безбедност, територијалниот интегритет и јавната безбедност, заштитата на редот и спречувањето нереди и злосторства, заштитата на здравјето или моралот, угледот или правата на другите, за спречување на ширењето доверливи информации или за зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството.

Основните слободи и права на човекот и граѓанинот признаени со меѓународното право и утврдени со Уставот се темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија. Додека, пак, слободата на изразувањето е загарантирана според членот 16 од Уставот на Република Северна Македонија[32], а дополнително членот 110 пропишува дека Уставниот суд ја штити слободата на изразувањето[33].

# 2. СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ НАСПРОТИ ГОВОРОТ НА ОМРАЗА НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ

Различните платформи на социјални мрежи го револуционизираа начинот на комуникација, споделување информации и поврзување меѓу луѓето. Брзорастечкиот подем, масовното прифаќање и привикнување кон ваквиот начин на комуницирање со себе донесе можност за слободно изразување и комуникација со поголеми маси, но донесе и голем број проблематични феномени. Еден од нив, проблематичен и вознемирувачки сам по себе, е говорот на омраза, чии моќ и раздор од ден на ден стануваат сè поударни поради брзината со која се пренесуваат. За разлика од слободата на изразување, говорот на омраза не служи за конструктивни цели, туку напротив, нанесува штета, влева страв и поттикнува дискриминација.

Ваквиот начин на изразување на социјалните мрежи може да придонесе за предизвикување длабока психолошка и емоционална штета кај поединците кон кои е насочен. Може да придонесе за ниска самодоверба, анксиозност, депресија, суицидност и чувство на изолација (Council of Europe, 2021)[34]. Говорот на омраза не само што влијае врз поединците, туку ја поткопува и социјалната кохезија и ги нагризува темелите на демократските општества, а истовремено овозможува и негување поделба, предрасуди и промовира непријателство помеѓу различните групи.

За говорот на омраза не постои универзално прифатена дефиниција, но секој обид за негово дефинирање би започнал со тоа дека „говорот на омраза е вид на изразување што е дизајнирано да промовира омраза врз основа на раса, религија, етничка припадност, национално потекло, пол, сексуална ориентација, класа/социјално потекло, телесна или ментална попреченост" (Михајлова, Бачовска и Шекерџиев 2013). Целта на говорот е да се навреди, да се омаловажи, па дури и обесчовечи лице, односно група лица поради нивната припадност и карактеристики. За заштитена карактеристика се смета особина што е одбележувачка за таа група (раса, етницитет, религија, сексуална ориентација, национална припадност и слично) и е дел од идентитетот на таа група.

32 Устав на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 52/91 од 22.11.1991), член 16: Се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање институции за јавно информирање. Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување информации. Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на заштита на изворот на информацијата во средствата за јавно информирање. Цензурата е забранета.

33 Устав на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 52/91 од 22.11.1991), член 110: Уставниот суд на Република Македонија, меѓу другото, ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност.

34 Види повеќе на: https://www.coe.int/en/web/gender-matters/verbal-violence-and-hate-speech; Пристапено на: 8 јуни 2023 година.

Социјалните мрежи во Република Северна Македонија, а и на глобално ниво, моментално се едни од најактивните жаришта за ширење говор на омраза. Анонимноста и мобилноста што ја овозможува интернетот придонесе за тоа голем број луѓе, кои инаку не би се охрабриле да го сторат тоа, да шират содржини што повикуваат на омраза. Говорот на омраза во Република Северна Македонија на социјалните мрежи е мошне проблематичен, поради тоа што дел од корисниците не се ни свесни дека тоа што го прават во најмала рака е прекршок, односно кривично дело. Станува збор за нација што свесно избира да живее во заблуда дека сè што ќе каже е право на слободно изразување. Не може да се тврди дека сите не знаат што е, а што не е говор на омраза, но целосната слика се кристализира со тоа што самата појава многу ретко се пријавува, а во ретките случаи кога ќе се пријави, санкцијата најчесто изостанува. Па така, социјалните мрежи стануваат боксерска вреќа за истурање на сите општествени фрустрации и незадоволства, со тоа што жртви најчесто се најслабите, маргинализирани групи.

Проблемот со непријавувањето на говорот на омраза потекнува од фактот што жртвите веруваат дека нема да ја „истераат“ правдата докрај и дополнително ќе го разгорат проблемот. Ваквиот песимизам кај жртвите својот извор го наоѓа во пристапот што го имаат органите надлежни за спроведување на истрагата, органи што овој крик за спас не го сфаќаат сериозно, па дури и самите тие многу често имаат предрасуди кон припадниците на таа група. Токму ваквиот системски нерешлив проблем им нуди комоција на сите останати „слободно да го искажат своето мислење“ со кое повикуваат на омраза и да не бидат санкционирани за тоа. Согласно статистичките податоци на Хелсиншкиот комитет, во мај 2023 година на веб-платформата www.govornaomraza.mk на територијата на Република Северна Македонија биле регистрирани вкупно 70 случаи со елементи на говор на омраза и вознемирување по различни основи. Дури 35 % од регистрираните случаи се поради етничка припадност, 18 % политичка припадност, 17 % сексуална ориентација и родов идентитет, 11 % национална припадност, а помалку е актуелен говорот на омраза поради пол, раса, социјално потекло, религија (Хелсиншки комитет за човекови права, 2023)[35]. Оваа статистика не прави дистинкција за тоа каде е утврден говорот на омраза, но во најголем дел од случаите станува збор за говор на омраза на социјалните мрежи. Овој сајт функционира на тој начин што секој граѓанин може анонимно да пријави говор на омраза, со тоа што пријавите не се проследуваат до надлежните органи и се користат за статистички цели и подигнување на свесноста. Прикажаниот број на случаи со елементи на говор на омраза за период од еден месец е слика далеку од реалноста. Само објавите што поддржуваат, односно напаѓаат определена политичка фигура собираат стотици коментари со таков контекст. Месецот јуни секоја година поминува во знакот на говорот на омраза кон припадниците на ЛГБТ+ заедницата, со многубројни коментари што оправдуваат геноцид и насилство. Па така, евидентно е дека бројот на случаи е многу поголем, но изостанува дури и неформалното пријавување. Од гореспоменатите регистрирани случаи, Хелсиншкиот комитет, на барање на жртва на говор на омраза, поднел кривична пријава против непознат сторител според членот 407 став 1 в. в. став 2[36] и според членот 394-г[37] од Кривичниот законик. За случајот сè уште не е добиен никаков одговор.

35 Види повеќе на: https://mhc.org.mk/reports/sostojba-so-govorot-na-omraza-mesechen-izveshtaj-za-maj2023/?fbclid=IwAR1OHIcGeXKQnpgIM-PHIdO1897TIhQCqzB12hz10VtU_MLreZrX50dKkUjg; Пристапено на: 15 јуни 2023 година.

36 Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“ број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15 и 97/17): (член 407): (1) Тој што по пат на информационен систем јавно ги негира, грубо ги минимизира, ги одобрува и оправдува делата од членот 403 до 407 (геноцид, злосторства против човештвото, воени злосторства), ќе се казни со затвор од една до пет години; (2) Ако негирањето, минимизирањето, одобрувањето или оправдувањето е сторено со намера за поттикнување омраза, дискриминација или насилство против некое лице или група на лица поради нивната национална, етничка или расна припадност или верска определба, сторителот ќе се казни со казна затвор најмалку четири години.

37 Кривичен законик (член 394-г): (1) Тој што преку компјутерски систем во јавноста шири расистички и ксенофобичен пишан материјал, слика или друга репрезентација на идеја или теорија, која помага, промовира или поттикнува омраза, дискриминација или насилство, против кое било лице или група, врз основа на раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, како и верско уверување, ќе се казни со затвор од една до пет години; (2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и тој што делото ќе го стори преку други средства за јавно информирање; (3) Тој што делото од ставовите (1) и (2) на овој член го врши со злоупотреба на положбата или на овластувањето или ако поради тие дела дошло до безредие и насилство спрема луѓе или до имотна штета од големи размери, ќе се казни со затвор од една до десет години.

# 3. ЗАКОНСКО РЕГУЛИРАЊЕ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Говорот на омраза на социјалните мрежи не е законски изречно регулиран, но санкција за него може да се извлече од Кривичниот законик. Па така, кога станува збор за оваа проблематика, најрелевантен е членот 394-г[38] од Кривичниот законик:

***(1) Тој што преку компјутерски систем во јавноста шири расистички и ксенофобичен пишан материјал, слика или друга репрезентација на идеја или теорија, која помага, промовира или поттикнува омраза, дискриминација или насилство, против кое било лице или група, врз основа на раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, како и верско уверување, ќе се казни со затвор од една до пет години.***

***(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и тој што делото ќе го стори преку други средства за јавно информирање.***

***(3) Тој што делото од ставовите (1) и (2) на овој член го врши со злоупотреба на положбата или на овластувањето или ако поради тие дела дошло до безредие и насилства спрема луѓе или до имотна штета од големи размери, ќе се казни со затвор од една до десет години.***

Под компјутерски систем се сведуваат и социјалните мрежи, што значи секое објавување мислење, слика и видео, чија цел е ширење омраза, може да се санкционира според овој член.

Дополнително, членот 407-а од Кривичниот законик ја дава можноста за санкционирање на оној што по пат на информациски систем јавно одобрува и оправдува геноцид, злосторства против човештвото или воени злосторства.

Говорот на омраза е тесно поврзан со концептот на дискриминација, па така излагањето што се смета за говор на омраза во себе содржи и елементи на дискриминација. Дискриминацијата треба да се разбере како помалку поволен третман на определено лице/група поради неговата раса, етничко потекло, националност, сексуална определба... Во борбата против говорот на омраза ефективно може да се користат и одредбите од Законот за спречување и заштита од дискриминација, особено членовите 9 и 10 од Законот[39], со тоа што Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не може да утврди говор на омраза, бидејќи не е надлежна за тоа, но може да утврди повикување на дискриминаторски третман или вознемирување.

Вака поставената законска рамка, иако не е прецизна, сепак им гарантира заштита на жртвите во случај на говор на омраза на социјалните мрежи. Па, следствено на тоа, логично е да се постави прашањето: Зошто жртвите се доведени во ситуација сѐ поретко да пријавуваат говор на омраза и зошто не се постапува по пријавите за говор на омраза, ниту, пак, се изрекуваат санкции?

**38 Кривичен законик (член 394-г): (1) Тој што преку компјутерски систем во јавноста шири расистички и ксенофобичен пишан материјал, слика или друга репрезентација на идеја или теорија, која помага, промовира или поттикнува омраза, дискриминација или насилство, против кое било лице или група, врз основа на раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, како и верско уверување, ќе се казни со затвор од една до пет години; (2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и тој што делото ќе го стори преку други средства за јавно информирање; (3) Тој што делото од ставовите (1) и (2) на овој член го врши со злоупотреба на положбата или на овластувањето или ако поради тие дела дошло до безредие и насилства спрема луѓе или до имотна штета од големи размери, ќе се казни со затвор од една до десет години.**

**39 Закон за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/20 од 20.10.2020), член 9: Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа; член 10: (1) Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има цел или последица повреда на достоинството или создавање заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика; (2) Сексуално вознемирување е каков било облик на несакано вербално, невербално или физичко постапување од сексуална природа, што има цел или последица повреда на достоинството или создавање заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.**

Не може да се каже дека немало обиди да се пријави говорот на омраза на социјалните мрежи. Во мај 2021 година, неколку организации од невладиниот сектор[40] иницираа 13 постапки пред надлежните органи, од кои 11 се иницирани пред органите за прогон (Јавно обвинителство/МВР – сектор за компјутерски криминал) и две пред Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Дрндаревска и Атанасовска 2021). Постапките иницирани пред органите за прогон, за жал, завршуваат неславно, со тоа што една е отфрлена, а за другите не се добило ни одговор. Останатите две постапки го добиваат својот „среќен крај" со тоа што Комисијата и во двата случаја зазела проактивен став по поднесените претставки и утврдила вознемирување, односно дискриминација.

# 4. ПРАКТИКАТА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО ВРСКА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ *(BEIZARAS AND LEVICKAS V. LITHUANIA)*

Жалителите пред Европскиот суд за човекови права, Пијус Бејзарас и Мангирдас Левицкас, двајца литвански државјани во истополова врска, во декември 2014 година на својот профил на Фејсбук објавуваат фотографија на која се бакнуваат. Фотографијата станува вирална и добива стотици грозоморни коментари што претставуваат школски пример за говор на омраза поради нивната сексуалност. Апликантите се обратиле до Литванската геј-лига, која во нивно име побарала од Јавното обвинителство да поведе постапка. Обвинителот не повел предистражна постапка по пријавата, со образложение дека авторите на коментарите само го изразувале своето мислење и иако реагирале неетички, нивното однесување не наложувало кривично гонење. Обвинителот дополнително посочил дека неговиот заклучок е во согласност со практиката на Врховниот суд на Литванија. Домашните судови потоа целосно го поддржале ставот на обвинителот со тоа што ја потврдиле ваквата негова одлука на сите нивоа. Во суштина, тие го застапувале мислењето дека однесувањето на жалителите било ексцентрично и намерно провокативно, па можеле да ги очекуваат таквите коментари во земја што ги почитува традиционалните семејни вредности. По завршувањето на домашната постапка, Бејзарас и Левицкас се жалат пред ЕСЧП, чија главна задача беше да утврди дали одбивање на властите да покренат предистражна постапка за законитоста на коментарите објавени на Фејсбук претставува дискриминација на жалителите врз основа на сексуална ориентација (Михајлова-Стратилати 2022). Судот одлучува дека литванските власти ја прекршиле Европската конвенција за човекови права затоа што не ги исполниле своите позитивни обврски за заштита на таргетирани лица од дискриминација и од повреда на нивната приватност. Дополнително, Литванија не одговорила ефективно на жалбите на апликантите за дискриминација поради нивната сексуална ориентација, што претставува повреда на членот 13 од Конвенцијата.

40 Поради зголемениот говор на омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет на социјалните медиуми, организациите за заштита на човековите права, Хелсиншки комитет за човекови права, Субверзивен фронт и Коалиција Маргини за период од 2 месеци иницираат вкупно 13 постапки.

41 Европска конвенција за човекови права, член 13: Секој човек, чии права и слободи признаени со оваа Конвенција се нарушени, има право на жалба пред националните власти, дури и тогаш кога повредата на овие права и слободи ја сториле лица при вршењето службена должност.

Согласно пресудата на ЕСЧП во случајот Бејзарас и Ливицкас против Литванија (Euroepan Court of Human Rights, 2020):

***...коментарите што претставуваат говор на омраза и поттикнување насилство, а со тоа се јасно незаконски, во принцип може да бараат од државите да преземат позитивни мерки. Притоа, поттикнувањето омраза не мора да повлекува повик за акт на насилство или други криминални дејства. Нападите врз лица извршени со навреда, земање на потсмев или клеветење одредени групи може да бидат доволни за властите да ја ограничат слободата на изразување практикувана на неодговорен начин. Според пресудата, властите треба да се борат против говорот на омраза и хомофобичните дела од омраза со примена на кривичното право, што во такви случаи се смета како оправдано и неопходно мешање во правото на слобода на изразување.***

ЕСЧП гради практика што повикува на постапување по говорот на омраза на социјалните мрежи. Тоа е проблематика што не смее да се игнорира и епилогот на таквите спорови е јасен.

# ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Говорот на омраза на социјалните мрежи не е проблем што смее и треба да се занемари. Ситуацијата во Република Северна Македонија е алармантна, па затоа ова е битка што треба да се војува на неколку фронта.

Пред сè, потребно е да се работи на подигнување на општествената свест за ова прашање, особено кај помладите категории лица што сè уште се во образовните институции, а се едни од најактивните корисници на социјалните мрежи. Дополнително, потребно е да се зголеми мониторингот на социјалните мрежи и преку кампањи и укажувања да се влијае за намалување на говорот на омраза. Неопходно е со законската рамка подетално да се уреди кривичното дело говор на омраза на социјалните мрежи. Сепак, еден од главните проблеми во оваа сфера е инертноста на македонските правосудни органи за гонење, процесирање и санкционирање на делата од областа на говорот на омраза. Па затоа, моментално можеби и најважно во целата приказна е Јавното обвинителство, кое треба да започне да гради правна практика за гонење на говорот vна омраза на интернет, со што ќе се зголеми и превентивната улога на законите за обесхрабрување на оние што ја злоупотребуваат слободата на говорот на социјалните мрежи. Следствено на тоа, судските инстанци треба да го препознаваат говорот на омраза и во постапките да ја следат практиката на ЕСЧП.

Битката со говорот на омраза не е ни брза ни лесна, но со поголемо залагање од институциите, резултатите нема да изостанат.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Академик Владо Камбовски, д-р Мирјана Лазарова Трајковска, Правна анализа на концептот на казненото дело на омраза и говорот на омраза, 2012;

2. Бејзарас и Ливицкас против Литванија (Euroepan Court of Human Rights, 2020), Beizaras and Levickas v. Lithuania, no. 41288/15, ECHR 2020);

3. Д-р Елена Михајлова, д-р Јасна Бачовска, м-р Томе Шекерџиев, Публикација: Слобода на изразување и говор на омраза, 2013;

4. Драгана Дрндаревска, Славица Атанасовска, Извештај за говор на омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, 2021;

5. Европска конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, Совет на Европа, 04.11.1950;

6. Закон за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 258/20);

7. Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“ број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15 и 97/17);

8. Jack Flynn 2023, How many people use the internet?: 35 facts about internet usage in America and the world, 2023: https://www.zippia.com/advice/how-many-people-use-the-internet/;

9. Повеќе за последиците од говор на омраза на веб-сајтот: https://www.coe.int/en/web/gender-matters/verbal-violence-and-hate-speech;

10. Хелсиншки комитет за човекови права (2023) „Состојба со говорот на омраза – месечен извештај за мај 2023“, 2023: https://mhc.org.mk/reports/sostojba-so-govorot-na-omraza-mesechen-izveshtaj-za-maj2023/?fbclid=IwAR1OHIcGeXKQnpgIMPHIdO1897TIhQCqzB12hz10VtU_MLreZrX50dKkUjg;

11. Проф. д-р Елена Михајлова-Стратилати, „Говорот на омраза против сексуалните малцинства“, https://justiceobservers.org/article/78297/62621/187, 2022;

12. Универзална декларација за човековите права, Генерално собрание на ООН, 10.12.1948;

13. Устав на Република Северна Македонија, Собрание на РСМ, 17.11.1991.

МЗМП

30 YEARS
DIPLOMATIC RELATIONS
WE SHINE TOGETHER

Kingdom of the Netherlands

